ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

**Нацрт верзија**

**Февруари, 2022**

| | |
|---|---|
| Документ: | **Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид** |
| Клиент: | Општина Охрид |
| Статус: | Нацрт верзија |
| **Подготвено од тимот на ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ, Скопје:** | **Менка Спировска,** дипломиран биолог и овластен експерт за СОЖС,<br>**Ана Стојановска,** дипломиран еколог, положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена |
| **Потписник на Извештајот за СОЖС**: | **Менка Спировска** |
| Датум: | Февруари 2022 |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

## СПИРОВСКА Аритон МЕНКА

дипломиран биолог од Скопје, родена на 28.12.1951 година, во Скопје, Република Македонија, на ден 04.06.2009 година, го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина,** пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучена** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08).

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер,
Др. Нeџати Јакупи

М.П.

Број 07- 2037/35
29.07 2009, година

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 23.09.2021 во 13:30:27
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing CA for e-Seals
Сертификатот е валиден до: 20.04.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020210397415

Датум и време: 23.9.2021 г. 13:30:18

**/Електронски издаден документ/**

## П О Т В Р Д А

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6247717 |
| **Назив:** | Друштво за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | СТЕФАН ЈАКИМОВ - ДЕДОВ бр.4-1/10 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0818-50/150020210397415

Страна 1 од 1

**СОДРЖИНА**


1 ВОВЕД ... 8
2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 9
2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ... 9
2.2 Главни цели на Извештајот за СОЖС ... 9
2.3 Придобивки од спроведување на СОЖС ... 9
2.4 Правна рамка со која се регулира постапката за СОЖС ... 10
2.5 Постапка за подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина 10
2.6 Методологија за СОЖС ... 11
2.6.1 Постапка за СОЖС ... 11
2.6.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста ... 12
2.6.2.1 Учество на јавноста ... 13
2.6.3 Клучни фази во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ... 13
2.7 Спроведени СОЖС активности ... 14
3 РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ... 15
3.1 Краток преглед на содржината на планскиот документ ... 15
3.2 Предмет и главни цели на Стратегијата ... 16
3.3 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи ... 21
4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 41
4.1 Географска положба и демографски карактеристики ... 41
4.2 Човечко здравје ... 42
4.3 Климатски карактеристики и квалитет на воздухот ... 43
4.3.1 Климатски карактеристики ... 43
4.3.2 Квалитет на воздухот ... 44
4.3.3 Климатски промени ... 45
4.4 Бучава ... 45
4.5 Хидрографски карактеристики ... 46
4.6 Геолошки карактеристики ... 49
4.7 Сеизмолошки карактеристики ... 50
4.8 Користење на земјиштето и економски развој ... 50
4.9 Природно наследство ... 52
4.10 Културно наследство ... 52
4.11 Материјални добра ... 54
4.11.1 Сообраќајна поврзаност ... 54
4.11.2 Хидротехничка инфраструктура ... 56
4.11.3 Снабдување со електрична енергија и телекомуникација ... 58
4.11.4 Управување со отпад ... 58
5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ ОД ИМПЕЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ... 62
5.1 Состојби, трендови и закани врз животната средина од туризмот ... 62
5.2 *Состојби, трендови и закани во областите кои се предмет на СОЖС* ... 63
5.3 Состојба во животната средина без имплементација на Стратегијата ... 68
6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ... 69
6.1 Природно наследство на Охридскиот Регион на национално ниво ... 69
6.2 Светско наследство на Охридскиот Регион ... 78
6.3 Прекугранични Биосферен резерват Охрид – Преспа ... 80
6.4 Значајни подрачја за птици ... 82
6.5 Значајни подрачја за растенија (ЗПР) ... 83
6.6 Еколошки мрежи ... 84
6.6.1.1 Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) ... 84
6.6.1.2 Емералд мрежа/Натура 2000 ... 85
6.6.2 Балкански зелен појас ... 85

6.7 ПРЕДЕЛ ... 86
6.8 АТРИБУТИ НА ИСКЛУЧИТЕЛНАТА УНИВЕРЗАЛНА ВРЕДНОСТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН (2020 - 2029) 88
**7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО ... 89**
7.1 ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 91
**8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ... 98**
**9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ ... 99**
9.1 *ВЛИЈАНИЈА, ПРЕДИЗВИКАНИ СО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ, ДЕФИНИРАНИ ВО ЦЕЛИТЕ НА СТРАТЕГИЈАТА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ* ... 101
**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 106**
**11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ... 113**
**12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ... 115**
Додаток 1 - Мислења од надлежни институции ... 120
**13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 123**

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1 Клучни учесници и корисници за спроведување на постапката за подготовка на СОЖС ... 11
Табела 2 Корелација на целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид со други релевантни планови, програми/плански документи ... 22
Табела 3 Поделба на населението, според национална припадност (Извор: ДЗС) ... 42
Табела 4 Поделбата на населението, според петгодишни групи на старосна возраст (Извор: ДЗС) ... 42
Табела 5 Здравствени установи и број на здравствени работници во општина Охрид ... 43
Табела 6 Измерени концентрации на аероседимент 2016 - 2018 година ... 44
Табела 7 Слив на Охридско езеро ... 47
Табела 8 Вкупно расположливо земјиште и површини за Земјоделство ... 51
Табела 9 Активни деловни субјекти по сектори на дејности во 2020 година во Општина Охрид ... 51
Табела 10 Културни добра во Општина Охрид кои се под заштита (Извор: НУ „Завод и Музеи“ Охрид) ... 53
Табела 11 Електроенергетска инфраструктура на Општина Охрид ... 58
Табела 12 Листа на заштитени подрачја во Охридскиот Регион ... 69
Табела 13 Површини на предложените зони за заштита ... 75
Табела 1 Преглед на хабитатите во Студенчишкото Блато ... 78
Табела 13 Поврзаност на целите на СОЖС со целите на Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид ... 92
Табела 14 План за мониторинг ... 107

## ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1 Местоположба на Општина Охрид во Р. Северна Македонија ... 41
Слика 2 Локации на мерните места во градот Охрид ... 45
Слика 3 Географска карта на сливно подрачје на Охридско Езеро ... 48
**Слика 4** Сеизмолошка карта ... 50
Слика 5 Локалитети со културни вредности во Охридскиот регион ... 53
Слика 6 Категоризација на заштитеното јадро и поединечни објекти, според загрозеност ... 54
Слика 7 Постоечки државни и регионални патишта во Општина Охрид ... 55
Слика 8 Шема на канализациска мрежа за комунални отпадни води во градот Охрид ... 57
Слика 9 Количина на собран комунален отпад во Општина Охрид во однос на вкупната количина собран комунален отпад во Југозападен регион ... 59
Слика 10 Граници на НП Галичица ... 71
Слика 11 Предложени зони за заштита во заштитеното подрачје ... 75
Слика 14 Граници на Природното и културно наследство на Охридскиот Регион ... 80
Слика 15 Прекуграничен Биосферен резерват Охрид – Преспа ... 81
Слика 16 Мапа на Значајно подрачје за птици Охридско Езеро ... 83
Слика 17 Значајно растително подрачје Охридско Езеро ... 84

Слика 18 Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) ... 84
**Слика 19** Национална Емералд мрежа (2011 ГЕФ/УНДП/МЖСПП проект „Зајакнување ... 85
**Слика 20** Карта на Балкански зелен појас во Република Македонија (МЖСПП 2004) ... 86
Слика 21 Пределски типови во општина Охрид ... 87

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**СОЖС**-Стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина

**НСЗП**-Национална стратегија за заштита на природата

**ЗЕЛС**-Заедница на единици на локалната самоуправа

**МЖСПП**-Министерство за животна средина и просторно планирање

**ООН-**Организација на обединети нации

**НП**-Национален парк

**СП**-Споменик на природата

**СПР**-Строг природен резерват

**ЗП**-Заштитено подрачје

**ПНП-**Предлог Национален парк

**ОВЖС-**Оцена на влијанијата врз животната средина

**ЕУ**-Европска унија

**ОН**-Обединети нации

**МХЕ-**Мали Хидроелектрани

**ОИЕ**-Обновливи извори на енергија

**UNFCCC**- Рамковна конвенција за климатските промени на Обединетите нации

**NMVOC-**Неметански испарливи органски соединенија

**GHG**-Стакленички гасови

**LULUCF**-Land Use, Land-Use Change and Forestry (користење на земјиштето, промена на користењето на земјиштето и шумарство)

**БПК-**Биолошка потрошувачка на кислород

**ХПК**-Хемиска потрошувачка на кислород

**ЗПП-**Значајни подрачја за птици

**ЗРП**-Значајните растителни подрачја

**УХМР-**Управа за хидрометеоролошки работи

**УПД** – Урбанистичка планска документација

**НЕАП-**Втор Национален еколошки акционен план на Република Македонија

# 1 ВОВЕД

Општина Охрид, како туристичка дестинација, зазема посебно место во националните стратегии, што значи дека е тесна поврзаноста на стратегискиот развој на општината со реализацијата на активностите утврдени во документите од овој вид, на национално ниво.

Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во Р. С. Македонија, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи.

Одржливиот развој на туризмот во оваа туристичка дестинација има посебно значење затоа што ресурсите за развој и очекувањата од идната туристичка понуда имаат изразена димензија, што треба да се движи усогласено со природните и културни карактеристики и значење на Општината на национално и светско ниво.

Имено, стратегиското планирање на туризмот во Општината треба да ги валоризира и оптимално користи своите ресурси со оглед на богатството што го поседува, како во природната така во културната сфера, што го определува како приоритетна категорија. Одржливиот туристички развој треба да се прифати како дејност во која вреди да се инвестира, да се прецизираат неговите придобивки, да се подобри интересот на домашната и меѓународната јавност и да биде фундамент врз кој ќе се донесуваат други акти, планови и програми. Стратегијата треба да придонесе за подобрување на квалитетот на живеење, на ниво на општина и држава, подигање на нивото на задоволство од престојот на посетителите, перманентно унапредување на квалитетот на услугите, освојување на нови вредности, подобрување на промотивните активности и креирање на туристичката понуда, насочена кон различни категории на туристичка клиентела.

Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид е со важност од 5 години (2020-2025) и содржи акционен план за развој на туризмот во предвидениот период.

Стратегискиот приод во развојот на туризмот, во наредниот петгодишен период, треба да придонесе за подобрување на содржината на престој на посетителите и постојано да го унапредува квалитетот на услугите во насока на овозможување на потполно задоволство на туристите. Исто така, туризмот ќе биде во функција на интензивно вклучување на недоволно развиени средини во развојните процеси. Реализацијата на стратегиските определби ќе биде фактор за поттикнување на економските процеси, социјалната и интеркултурната соработка и разбирање, а самата општина ќе ја афирмира со иновативни можности и решенија.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 9/216, 28/18, 65/18 и 99/18), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), пред нивното усвојување.

Овој документ е Извештај за Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за предложената Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид.

# 2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес за оценување на влијанијата врз животната средина од предложени политики, планови и програми, со цел истите да бидат разгледани и да се предвидат и преземат превентивни мерки за обезбедување заштита на животната средина од сите можни аспекти, во раниот процес на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми.

## 2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Главната цел на СОЖС е да придонесе кон заштита на животната средина и унапредување на одржливиот развој. СОЖС ја промовира одржливоста преку интегрирање на аспектите од животната средина во донесувањето на стратешки одлуки. Преку СОЖС ќе се обезбедат информации за значајните влијанија врз животната средина од имплементација на плановите, програмите и стратегиите, со цел истите да бидат достапни за оние кои ги носат одлуките, во текот на подготовка на плановите, програмите и стратегиите, пред нивно донесување. Истовремено, СОЖС овозможува и учество на јавноста во носењето одлуки и ја подобрува транспарентноста на тој процес.

Главни цели на СОЖС се:

- Интегрирање на елементите на животната средина при подготовка на планови, програми и стратегии и во процесите на донесување одлуки;
- Подобрување на плановите, програмите и стратегиите, во однос на зголемување на степенот на заштита на животната средина;
- Зголемување на учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки и
- Овозможување отвореност и транспарентност при носењето одлуки.

Информациите во Извештајот за СОЖС се базираат на податоци од Стратегијата, истите се анализираат со цел да ја дополнат или подобрат истата.

## 2.2 Главни цели на Извештајот за СОЖС

Главни цели на Извештајот за СОЖС се:

- Да обезбеди информации за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид;
- Да ги идентификува, опише и оцени значајните влијанија од имплементација на Стратегијата;
- Да обезбеди ефективна можност на надлежните институции и јавноста во рана фаза да ги дадат своите мислења, сугестии и забелешки во однос на Извештајот за СОЖС и Стратегијата;
- Да се подигне транспарентноста во процесот на донесување на одлуките.

## 2.3 Придобивки од спроведување на СОЖС

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

- Флексибилност и консензус во процесот на планирање;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Меѓусекторска соработка;
- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели;
- Земање предвид на целите за заштита на животната средина;

- Конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- Добивање вистинити и реални информации во простор и време, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво во донесување на истите.

## 2.4 Правна рамка со која се регулира постапката за СОЖС

Постапката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во Поглавје X од Законот за животната средина („Сл. весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 39/216, 28/18, 65/18 и 99/18), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени во согласност со закон или пак може да влијаат врз тие подрачја.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на Република Македонија" бр.122/11).

Директивата за стратегиска оцена на животната средина на Европската комисија (2001/42/ЕС), која е транспонирана во македонското законодавство, како и препораките за нејзина имплементација, се исто така земени предвид при подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

## 2.5 Постапка за подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Постапката за СОЖС се спроведува како дел од постапката за подготовка на планскиот документ, што од своја страна овозможува идентификација на можни влијанија врз животната средина уште во раната фаза и имплементација на идентификуваните мерки. Интегрирањето на двата процеси се постигнува преку блиска соработка со договорните органи и одговорните тела за техничка имплементација и мониторинг на

Стратегијата во сите фази, преку преглед на литература, разгледување на технички и политички опции, преглед на состојбата во животната средина и оцена на акцискиот план, утврдување на потребата и обемот на СОЖС, консултации со јавноста и сл. Во табелата подолу се идентификувани клучните учесници и корисници за спроведување на постапките за подготовка на СОЖС.

**Табела 1** Клучни учесници и корисници за спроведување на постапката за подготовка на СОЖС

| | |
|---|---|
| **Целни групи** | - Општина Охрид;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за култура;<br>- Национална комисија за УНЕСКО;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за внатрешни работи на РМ;<br>- Центар за јавно здравје Охрид;<br>- Агенција за планирање на просторот;<br>- Агенција за промоција и поддршка на туризмот;<br>- Факултет за туризам и угостителство;<br>- Хотелската асоцијација на Република Македонија (ХОТАМ);<br>- Туристички кластер за Југозападна Македонија;<br>- ЈУ НП Галичица;<br>- Јавна научна установа „Хидробиолошки институт“ Охрид;<br>- Јавно претпријатие Македонски шуми;<br>- ЕЛЕМ Електрани на Македонија;<br>- Капетанија Охрид;<br>- Завод и Музеј Охрид;<br>- Центарот за развој на Југозападниот плански регион;<br>- Стопанска комора за туризам;<br>- Туристичка комора на Македонија;<br>- Останати национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, организации, приватен сектор и сл. |
| **Договорен орган** | Општина Охрид |

## 2.6 Методологија за СОЖС

### 2.6.1 Постапка за СОЖС

Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

| Фази на СОЖС | Опис | Консултации | |
|---|---|---|---|
| | | Засегнати органи | Јавност |
| **Проверка** | Се утврдува дали Стратегијата ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС | √ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Определување на обемот** | Се определува обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС | √ | √ |
| **Извештај за СОЖС** | Се обезбедуваат детални информации за резултатите од СОЖС, вклучувајќи информации за аспектите кои биле предмет на оцена, како и очекуваните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина и социјалните аспекти од имплементација на планскиот документ. Извештајот идентификува и активности за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. | √ | |
| **Консултации со јавноста** | Консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, Извештајот за СОЖС и обезбедување јавен увид (објавување) за истите. | √ | √ |
| **Прифаќање** | Се обезбедуваат информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ. | √ | |
| **Мониторинг** | Се овозможува следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, со цел одговорните власти да преземат мерки за намалување на негативните влијанија и подобрување во текот на имплементацијата на планските документи. | √ | |

### 2.6.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста

Во согласност со член 65, став (2) од Законот за животната средина и член 3, став (10) од Уредбата за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, развојот на туризмот влегува како посебна точка во оваа уредба. Во согласност со горенаведената уредба, задолжително спроведување на постапката за стратегиска оцена се врши за сите плански документи со кои се предвидува развојот на туризмот во согласност со закон.

Фазите на определувањето на потребата и обемот на СОЖС опфаќаат: идентификација на потребата од спроведување на СОЖС и подготовка на документи на чија основа општина Охрид ќе донесе Одлука за утврдување на обемот на СОЖС.

Целта на фазата за определување на обемот е идентификација на клучните прашања за животната средина кои треба да бидат опфатени со оцена на влијанијата на Стратегијата врз животната средина. Оваа фаза од процедурата за СОЖС вклучува преглед на други релевантни стратегии, планови, програми и цели на животната средина, основни информации за животната средина и предложените активности и

политики разработени во Стратегијата. Сите споменати информации овозможуваат утврдување на обемот на СОЖС и идентификување на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени со Стратегијата.

Нивото на детали содржани во СОЖС е определено од:

- Степенот до кој стратешките цели, преку оперативните мерки и активности од Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид може да влијаат врз животната средина;
- Достапноста на постоечки информации при подготовката на СОЖС.

Сите теми на животната средина, опфатени со Директивата за СОЖС, се опфатени и во обемот на оцена во Извештајот за СОЖС, односно население и здравје на луѓето, биолошка разновидност, воздух и клима, води, почви, културно наследство, материјални добра и предел.

Во текот на стратегиската оцена на животната средина, земени се предвид веќе донесените политики, стратегии и планови, кои се релевантни за обласа.

#### 2.6.2.1 Учество на јавноста

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, фазите на СОЖС за определување на потребата и обемот, изразени преку подготовка на Формуларите и Одлуката за спроведување на постапката за СОЖС и обемот на Извештајот за СОЖС, се изготвени во консултација со засегнатите органи.

Врз основа на спроведените консултации со заинтересираните страни добиените мислења и препораки, Општина Охрид на 28.01.2021 година донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за Стратегијата за развој на туризмот во Охрид (бр. 21-867/1). Истата е објавена на веб страната на општина Охрид.

Потоа се пристапи кон подготовка на овој Нацрт Извештај за стратегиска оцена за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид, за плански период (2020-2025). Истиот ќе биде доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање и објавен во согласност со одредбите на Законот за животната средина, заради негова достапност до заинтересираната јавност. Во рамките на периодот за јавен увид, ќе се обезбедат соодветни информации до јавноста и ќе се спроведе јавна расправа.

### 2.6.3 Клучни фази во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Во согласност со барањата на Директивата за СОЖС и Уредбата за содржина на извештајот за СОЖС, овој Извештај содржи:

Краток преглед на содржината, главни цели на Стратегијата и поврзаност со други релевантни планови или програми;

Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на Стратегијата;

Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

Постојни проблеми во животната средина, кои се релевантни за Стратегијата, вклучувајќи ги оние кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата;

Целите на заштита на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво, релевантни за Стратегијата и начинот на кој тие цели се земени предвид при неговата изработка;

Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;

Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на Стратегијата;

Преглед на причините за избор на алтернативи и опис на начинот за спроведување на оцената, вклучувајќи и каква било потешкотија (како што се технички потешкотии или недостаток на знаење/вештини) при собирање на потребните информации;

Опис на предвидените мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обврски.

Овој Извештај за стратегиска оцена ги содржи заклучоците од оцената на можните значителни влијанија врз животната средина од предложената Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид, за плански период (2020-2025).

Анализата на влијанијата врз животната средина е главно насочена кон идентификување на потенцијалните проблеми, рационализација на трошоците и правење оптимален избор на мерки за заштита на животната средина (мерки за намалување).

Ако се предвидат мерки за спречување, ублажување и неутрализација во раната фаза на подготовка на стратешкиот документ, влијанијата врз специфични/одредени медиуми на животната средина ќе се намалат или ефективно подобрат уште пред да започне фазата на имплементација на посебните акции од стратешкиот документ.

Исто така, Извештајот за СОЖС содржи и План за мониторинг на животната средина, чија главна цел е следење на резултатите од применетите мерки за ублажување на влијанијата, во текот на спроведувањето на активностите од Акциониот план и дали во текот на имплементацијата на планските цели се имплементирани и целите за заштита на животната средина, како и соодветното делегирање на надлежностите.

## 2.7 Спроведени СОЖС активности

| Период | Степен на подготовка/фаза |
|---|---|
| јануари, 2021 година | Донесување Одлука за спроведување СОЖС (бр. 21-867/1од 28.01.2021 година) и нејзино објавување на веб страната на општина Охрид |
| декември 2021-февруари, 2022 година | Изработка на нацрт Извештај за СОЖС |
| | Објавување на нацрт Извештајот за СОЖС на веб страната на општина Охрид |
| | Консултации со јавноста и заинтересираните страни во однос на нацрт Извештајот за СОЖС, |
| | Одржана јавна расправа за нацрт Извештајот за СОЖС. |
| | Завршени консултации со јавноста, |
| | Финализирање на Извештајот за СОЖС |

| | |
|---|---|
| | Финално мислење по Извештајот за СОЖС - негово објавување |
| | Прифаќање на Планскиот документ |

# 3 РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 3.1 Краток преглед на содржината на планскиот документ

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во РСМ, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи.

Рамковните услови ги сочинуваат различните фактори кои влијаат врз развојот на туризмот во Општина Охрид од инфраструктурна, финансиска, просторна, демографска и правна гледна точка. Во таа смисла во Стратегијата анализирани се: патната мрежа и инфраструктура; аеродромот; инволвираните чинители во туризмот; расположливите финансиски средства и буџет; сместувачките капацитети, таксите, даноците и давачките; субвенциите; развојните зони; демографската и образовната структура на населението; SWOT анализата.

Врз основа на детални анализи, како дел од Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид подготвена е SWOT анализа, во која се презентирани предности и слабости, можностите и закани во областа на туризмот.

Позиционирањето на Општина Охрид, како туристичка дестинација, се потпира на четири главни столба. Тоа се:

- Охридското Езеро и природната посебност;
- Културниот комплекс на атрактивни вредности;
- Заштитата на универзалните вредности како парадигма на одржливиот развој и
- Оптимална вклученост на локалната заедница.

Стратегијата ги систематизира видовите туризам во Охрид, нивните активности, локациските услови и можностите за унапредување.

Во рамките на оваа Стратегија се разгледуваат бенефитите, кои произлегуваат од развојот на туризмот на територијата на Општина Охрид, како туристички простор. Поконкретно, анализирани се: економските, социјалните, културните, политичките бенефити, како и бенефитите кои се однесуваат на животната средина.

Во Стратегијата се дефинирани стратешките цели за развој на туризмот во општина Охрид за плански период од 2020-2025, врз основа на кои е подготвен акциски план. Акцискиот план содржи бројни акции кои треба да се преземат, со цел исполнување и постигнување на визијата и основната и клучните стратешки цели на Стратегијата.

Во Акцискиот план направена е процена на висината на потребните финансиски средства (буџет) на секоја од акциите во акциониот план, дефинирани се: учесници, временска рамка, предлог индикатор(и) за успех.

Доследната имплементација на акциите, кои се дефинирани во Стратегијата, ќе имаат значајна улога за:

- одредување на основните насоки во развојот на туризмот во општина Охрид во имплементациониот период и подобрување социо-еконмскиот развој;

- одржливо користење на природното и културното наследство;
- поставување на системот на управување за период од 5 години и потоа, преку преземање институционални, организациски, технички и економски мерки за развој на туризмот;
- груба процена на потребните инвестиции за реализација на стратешките цели.

## 3.2 Предмет и главни цели на Стратегијата

Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид, за плански период од 2020-2025 година е важен документ, во кој се утврдуваат приоритетните мерки и активности за развој на туризмот во општина Охрид.

***Визија***

Туризмот во Општина Охрид во планскиот период треба да обезбеди одржлив развој, изразен преку заштита и унапредување на природното и културното наследство, а со селективноста и алтернативноста да овозможи социо-економски придобивки и да биде препознатлив на највисоко ниво во национални и меѓународни рамки.

***Основна цел на туризмот во Општина Охрид***

Основната цел на туризмот во Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции.

***Клучни стратешки цели на туризмот во Општина Охрид***

Клучните стратешки цели произлегуваат од зацртаната мисија на Општина Охрид во областа на туризмот, согледаната визија и дефинираните основни цели. Имајќи во предвид дека одржливиот развој се темели на претпоставките на развиена туристичка дестинација во која содржинските елементи овозможуваат иновативност и креативност во создавањето на туристички производи кои се основа за прифатливост на туристичкиот пазар како и тежнеењето кон дисперзија на туристичката клиентела во услови на масовна посетеност дефинирани се следниве клучни стратешки цели:

1) Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење.

2) Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот.

3) Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства.

**ОСНОВНА ЦЕЛ** на туризмот во Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции

**Стратешка цел 1 -** Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење

**Стратешка цел 2 -** Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот

**Стратешка цел 3 -** Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства

Оперативни мерки и активности кои се предвидуваат за реализирање на стратешките цели се прикажани во продолжение.

| **Стратешка цел 1 - Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење** | |
|---|---|
| **Оперативна мерка 1.1 –** Трансформација на крајбрежјето | ***Активност 1.1.1*** Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО |
| | ***Активност 1.1.2*** Воведување на стандарди за користење и концесионирање на плажите |
| | ***Активност 1.1.3*** Воспоставување зелен појас во крајбрежјето |
| | ***Активност 1.1.4*** Трасирање и приспособување на пешачки и велосипедски патеки |
| | ***Активност 1.1.5*** Донесување на УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила |
| | ***Активност 1.1.6*** Изградба на марина и места за приврзување на пловила |
| | ***Активност 1.1.7*** Донесување програма за подобрена општа безбедност (пожари, природни непогоди), безбедност во врска со девијантни појави, здравствена безбедност, здрава храна, хигиена и спасителски активности |
| | ***Активност 1.1.8*** Донесување на програма за контрола на водни спортови |
| | ***Активност 1.1.9*** Донесување на УПД за уредување на Студенчишко блато и каналот |
| | ***Активност 1.1.10*** Уредување на Студенчишко блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато – 2020) |
| | ***Активност 1.1.11*** Уредување и опремување (со телескопи) на локации за видиковци и одмор |
| **Оперативна мерка 1.2** – Подобрување на сообраќајната пристапност и комуникативност | ***Активност 1.2.1*** Донесување Програма на стандарди за квалитет на сообраќајната инфраструктура во функција на туризмот |
| | ***Активност 1.2.2*** Сигнализација на пристапноста до туристички локалитети и објекти |
| | ***Активност 1.2.3*** Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода), во пандемиски услови и други вонредни состојби |
| | ***Активност 1.2.4*** План за управување со паркинг простори во туристичката сезона |
| | ***Активност 1.2.5*** Воспоставување на систем на пловила на одржлив погон |
| | ***Активност 1.2.6*** Поддршка на нискобуџетни  и чартер летови |
| | ***Активност 1.2.7*** Поддршка на субвенции за туроператори во превозот на патници |

| | |
|---|---|
| **Оперативна мерка 1.3** – Подобрено управување со капацитетот на просторот | ***Активност 1.3.1*** Студија за определување на минимални технички услови за максимален капацитети на посетеност на локалитети и објекти (мерења на бројот на посетители во локалитети и објекти) |
| | ***Активност 1.3.2*** Изработка на студија за можностите за користење на отворени простори, локалитети и објекти во согласност со стандардите и препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион |
| | ***Активност 1.3.3*** Донесување на Програма за спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во функција на туризмот |
| | ***Активност 1.3.4*** Имплементација на Студијата за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина (СОВЖС) во областа на туризмот |
| | ***Активност 1.3.5*** Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризмот |
| | ***Активност 1.3.6*** Донесување на план за надминување на проблеми во услови на изразита сезоналност |
| **Оперативна мерка 1.4** – Унапредување на руралните просторни целини | ***Активност 1.4.1*** Изработка на Регистар на даватели на услуги во рурални средини |
| | ***Активност 1.4.2*** Изработка на Студија за ставање во функција на етно-туристичкиот потенцијал |
| | ***Активност 1.4.3*** Донесување програма за активирање на вишокот станбен простор во туристички рурални средини |
| | ***Активност 1.4.4*** Донесување на План и програма за користење на фондови за поддршка на руралниот развој во функција на туризмот |
| | ***Активност 1.4.5*** Финансиска поддршка во уредувањето и опремувањето на сместувачките капацитети во руралните средини во функција на туризмот |
| | ***Активност 1.4.6*** Утврдување, обележување и опремување на тематски и комбинирани рути |
| | ***Активност 1.4.7*** Сигнализација и визуализација на туристички локалитети и објекти во рурални средини |
| | ***Активност 1.4.8*** Поддршка за унапредување на фармерското производство |
| | ***Активност 1.4.9*** Донесување програма за хербални туристички активности |
| | ***Активност 1.4.10*** Стимулирање на зголемувањето на сточниот фонд |
| | ***Активност 1.4.11*** Уредување и опремување на простор на валавици во Речица |
| | ***Активност 1.4.12*** Уредување и опремување на локации за престој на снег во рурални средини |
| **Оперативна мерка 1.5** – Поддршка на инвестициите во туризмот | ***Активност 1.5.1*** Донесување на Програма за соработка и користење на фондови за развој во функција на унапредување на туристичката инфраструктура |
| | ***Активност 1.5.2*** Донесување Програма за подобрување на инвестициската клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот |
| | ***Активност 1.5.3*** План за подготовка на инвестициски активности во туризмот во пост-пандемискиот период |
| | ***Активност 1.5.4*** Донесување годишни програми за јавно приватно партнерство во туризмот |
| | ***Активност 1.5.5*** Донесување на програма за поддршка во здравствениот туризам |

| **Стратешка цел 2 - Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот** | |
|---|---|
| **Оперативна мерка 2.1 –** Подигнување на нивото | ***Активност 2.1.1*** Организирање на континуирани едукативни активности (Едукативни проекти и кампањи за населението, засегнатите страни) |

| | |
|---|---|
| на едукација во областа на туризмот | ***Активност 2.1.2*** Примена на протоколи за креирани туристички производи во услови на пандемија |
| | ***Активност 2.1.3*** Едукација на давателите на услуги во руралните средини |
| | ***Активност 2.1.4*** Практични обуки за општи и специјализирани туристички водичи |
| | ***Активност 2.1.5*** Организирање обуки за развој на традиционални занаети |
| | ***Активност 2.1.6*** Организирање на обуки за агенти во подготовка и пласман на туристички аранжмани |
| | ***Активност 2.1.7*** Организирање на обуки од областа на барменството |
| | ***Активност 2.1.8*** Организирање на обуки за хостеси, собарки и одржувачи на хигиена |
| | ***Активност 2.1.9*** Организирање на обуки за готвачи и послужувачи |
| **Оперативна мерка 2.2** – Вмрежување на засегнати страни во туризмот | ***Активност 2.2.1*** Воспоставување на мрежа на засегнати страни на национално, регионално и локално ниво |
| | ***Активност 2.2.2*** Вмрежување и регистрирање на засегнатите страни во туризмот во рамките на законските можности |
| | ***Активност 2.2.3*** Организирање трибини за значењето и прифатливоста на туризмот од страна на засегнатите страни |
| | ***Активност 2.2.4*** Унапредување на членството во меѓународни асоцијации поврзани со туризмот |
| | ***Активност 2.2.5*** Вмрежување и поврзување со културни рути и коридори (вмрежување во систем на регионални, национални и меѓународни форми на историско наследство) |
| | ***Активност 2.2.6*** Меѓународно вмрежување во проектни активности |
| **Оперативна мерка 2.3** – Воспоставување на современ систем на квалитет во туризмот и неговото унапредување | ***Активност 2.3.1*** Воведување на стандарди за квалитет на туристичката инфраструктура |
| | ***Активност 2.3.2*** Донесување на планови за опремување и уредување во контекст на развиените системи за квалитет во туризмот |
| | ***Активност 2.3.3*** Воспоставување на систем на квалитет во областа на заштитата на животната средина во функција на туризмот |
| | ***Активност 2.3.4*** Донесување програма за системи за квалитет во туризмот |
| | ***Активност 2.3.5*** Воспоставување (стандарди?)награди за квалитет во различни сектори во туризмот |
| | ***Активност 2.3.6*** Востановување на заштитен знак за квалитет Охрид-туризам |
| | ***Активност 2.3.7*** Донесување на годишни програми за проектни активности на општината во национални рамки во областа на квалитетот во туризмот |
| | ***Активност 2.3.8*** Организирање на натпревари на угостителски работници |
| | ***Активност 2.3.9*** Поддршка на иновативни решенија во туризмот |
| **Оперативна мерка 2.4** – Мониторинг на ефектите од туризмот и дистрибуција на приходите | ***Активност 2.4.1*** Студија за имплементација на достапните системи и инструменти за мерење на ефекти во туризмот |
| | ***Активност 2.4.2*** Донесување на план за порамномерна распределба на приходите од туризмот и транспарентност во дистрибуцијата на приходите |
| | ***Активност 2.4.3*** Донесување на програма за користење на туристичка такса и взаемно користење на средства од туризмот на локално и национално ниво |
| | ***Активност 2.4.4*** Донесување програма за поддршка на локалната заедница во услови на пандемија |

| **Стратешка цел 3 - Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства** | |
|---|---|
| **Оперативна мерка 3.1 –** Унапредување на | ***Активност 3.1.1*** Креирање на дестинациски портал со можност за сугерирање на содржини во туристичките производи |

| | |
|---|---|
| квалитетот на туристичките производи | ***Активност 3.1.2*** Организирање на средби на кооперативни партнерства за креирање на туристички производи |
| | ***Активност 3.1.3*** Изработка на студија за нови туристички производи во општината |
| | ***Активност 3.1.4*** Креирање на лого за квалитет на туристички производи |
| | ***Активност 3.1.5*** Креирање на мобилна апликација за разгледување на туристички локалитети и објекти во општината |
| **Оперативна мерка 3.2** – Подобрени услови за посета и престој на туристите | ***Активност 3.2.1*** Воспоставување на софтверски решенија за пријавување на гости |
| | ***Активност 3.2.2*** Донесување планови за ангажирање на сместувачките капацитети и локалитети во пандемиски, пост - пандемиски услови и други безбедносни форми |
| | ***Активност 3.2.3*** Воспоставување на сервис за туристичко водење и придружување |
| | ***Активност 3.2.4*** Донесување на план за унапредување на хигиената на општината во услови на зголемен број на туристички посетители |
| | ***Активност 3.2.5*** Одржување на трибини за гостопримството во Охрид |
| **Оперативна мерка 3.3** – Унапредување на селективноста на развојните видови туризам | ***Активност 3.3.1*** Студија за селективните видови туризам во општина Охрид и нејзиното опкружување |
| | ***Активност 3.3.2*** Донесување на регистар на вредности по определени селективни видови туризам |
| | ***Активност 3.3.3*** Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности |
| | ***Активност 3.3.4*** Формирање на Центар за занаети и афирмирање на нематеријалното наследство на Охридскиот Регион |
| | ***Активност 3.3.5*** Студија за систематизација на културните вредности врз основа на хронологија и вредносен критериум и Креирање културни рути и коридори |
| | ***Активност 3.3.6*** Поддршка за развој на производи од креативните индустрии засновани на културното наследство |
| | ***Активност 3.3.7*** Изработка на студија за активен туризам со компетитивност на туристичкиот пазар |
| | ***Активност 3.3.8*** Физибилити студија за развој на подводниот туризам |
| | ***Активност 3.3.9*** Донесување План за развивање на нови вонсезонски туристички производи |
| **Оперативна мерка 3.4** – Подобрување на конкурентноста на туристичкиот пазар | ***Активност 3.4.1*** Анализа на можностите за подобрување на конкурентноста врз основа на генерирани приходи од туризмот |
| | ***Активност 3.4.2*** Унапредување на ценовната политика во Охрид |
| | ***Активност 3.4.3*** Донесување на програми за настап на туристичкиот пазар |
| | ***Активност 3.4.4*** Креирање на комбинирани туристички тури на меѓународно ниво |
| | ***Активност 3.4.5*** Настап на европските туристички пазари |
| **Оперативна мерка 3.5** – Подобрување на промотивните активности во туризмот | ***Активност 3.5.1*** Промоција на Охрид како светско културно и природно наследство |
| | ***Активност 3.5.2*** Спроведување на истражување во врска со визијата на туристичкиот брендинг на општината |
| | ***Активност 3.5.3*** Брендирање и промоција на локални производи и услуги со помош на меѓународни фондови |
| | ***Активност 3.5.4*** Донесување План за унапредување на промоцијата на Охрид како препознатлива туристичка дестинација од областа на активниот туризам |
| | ***Активност 3.5.5*** Промоција на туризмот во Охрид како простор за реномирани франшизери |
| | ***Активност 3.5.6*** Донесување на План за промоција на отвореноста и пристапноста на Охрид како туристичка дестинација |
| **Оперативна мерка 3.6** – Унапредување на маркетингот во туризмот | ***Активност 3.6.1*** Изработка на маркетинг стратегија за развој на туризмот во Охрид |
| | ***Активност 3.6.2*** Истражување на туристичкиот пазар |
| | ***Активност 3.6.3*** Анализа на развојните движења на Охрид како туристичка дестинација |
| | ***Активност 3.6.4*** Организациско зајакнување на секторот за маркетинг во туризмот |

## 3.3 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Општината Охрид, како туристичка дестинација, зазема посебно место во националните стратегии, што значи дека е тесна поврзаноста на стратегискиот развој на Општината со реализацијата на активностите утврдени во документите од овој вид на национално ниво. Подготовката и донесувањето на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид ја донесува општина Охрид. Стратегијата е со важност од 5 години.

Целите на Стратегијата се во корелација со бројни стратешки документи, планови и програми. Во табелата подолу се прикажани целите на овие плански документи, нивната поврзаност со Стратегијата и како целите на овие документи ќе бидат постигнати преку имплементација на истата.

**Табела 2** Корелација на целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид со други релевантни планови, програми/плански документи

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| **Просторен План на Република Македонија**<br>**(2004-2020)** | **Развој на туризмот**<br>- комплексна валоризација на најзначајните природни и создадени потенцијали на туристичката понуда за странски и домашен туризам, диференцирани во однос на туристичките вредности и содржина, а во согласност со трендовите на меѓународната и домашната туристичка побарувачка;<br>- дефинирање на видовите на туризмот кои треба да се развиваат во одделните подрачја, во зависност од просторните и другите фактори за развој, со постигнување оптимум во специјализацијата на туристичката понуда;<br>- утврдување на односот и меѓузависноста на одделни туристички просторни целини со други подрачја или просторни единици, со територијата на државата и пошироко од неа;<br>- определување на основни насоки за развој и површини кои треба да се заштитат за потребите на туризмот и дефинирање на инфраструктурата за нивниот развој;<br>- со помош на туристичка регионализација фиксирање на оние подрачја кои имаат приоритетна важност за туристичка изградба и во врска со тоа одредување на режимот за располагање со нив и дефинирање на принципите за градба;<br>- во зависност од туристичката побарувачка, активирање на нови подрачја со доминантни природни или создадени туристички вредности, кои истовремено претставуваат главни развојни потенцијали посебно во недоволно развиените краеви;<br>- утврдување на можни колизии помеѓу туризмот и останатите стопански дејности во одредени простори, балансирање на нивното меѓувлијание и дефинирање на приоритети во развојот и разместувањето на капацитетите;<br>- заштита и ревалоризација на просторите погодни за развој на туризмот, нивно туристичко-урбанистичко обликување и вклопување на објектите во природниот или историскиот амбиент, целосно применувајќи ги критериумите и стандардите за заштита на животната средина, природното и културното наследство;<br>- со просторната организација на туризмот, покрај неговата основна економска функција, стимулирање и на социјално-здравствената и културно-образовната функција, како и подобрување на условите за дневна, викенд и празнична рекреација на локалното население; | **Усогласеност:** Главните цели во Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се усогласени со постулатите на Просторниот план на Република Македонија, за развој на туризмот преку одржливо користење на природното и културното наследство. Предложените акции за реализација на поставените цели во Стратегијата ќе придонесат за реализација на целите кои ги поставува Просторниот план. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - во програмирањето на сместувачките капацитети почитување на принципот на комплексноста на понудата, нејзиното територијално и временско усогласување со потребите на побарувачката, како и со поскромни вложувања, овозможување на остварувања со поголеми економски ефекти.<br>**Културно-историско наследство**<br>-Задолжителен третман на недвижно културно наследство во процесот на изработка на просторни планови од пониско ниво: просторните планови на региони, национални паркови, на општините и на град Скопје, како и на урбанистичките планови заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичко стопанство, мало стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата<br>**Природно наследство**<br>-Зачувување и заштита на сите простори со исклучиви неповторливи вредности од значење за научната, културно-образовната, воспитната, рекреативната и други функции;<br>-Целосна заштита на флората и фауната преку заштита на поголеми просторни единици и насочено користење на природните потенцијали во склад со еколошките услови. | |
| **Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)** | **Клучни Цели**<br>РМ 1: Добро владеење и подобро креирање на политики<br>Клучна Цел: Да се постави пристап за Добро владеење и подобро креирање на политики врз база на подобра регулатива и врз принципот дека одржливиот развој мора да биде интегриран во креирањето на политики на сите нивоа. Ова наметнува сите нивоа на власт да се подржуваат и да соработуваат меѓусебно, зимајќи ги предвид различната институционална поставеност, култури, и специфични околности во различните региони на Република Македонија.<br>РМ 2: Разновидност на приходите во рурални региони и предизвици на одржливиот развој | **Усогласеност:** Во Стратегијата за развој на туризмот е земен предвид прифатениот концепт на Република Северна Македонија за одржлив развој, како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина. Исто така, Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид е во насока на обезбедување на рурален развој и дистрибуција на приходите. |

| **Релевантни национални стратегии, планови и програми** | **Цели или барања на националните стратегии, планови и програми** | **Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација** |
| --- | --- | --- |
| | Клучна Цел: Активно да се поттикнува одржлив развој со цел да се промени структурата на приходите во руралните региони на Република Северна Македонија (РСМ), генерирање на регионални услуги со додадена вредност, поттикнување регионален и урбан одржлив развој во просторно планирање, и осигурување дека внатрешните и надворешните политики на владата на РСМ се конзистентни со глобалниот одржлив развој и неговите меѓународни задолженија.<br><br><u>РМ 3. Економски просперитет и креирање нови работни места</u><br><br>Клучна Цел: Да се придонесе кон зголемена конкурентност, економски развој и зголемување на работни места со извршување потребни структурни промени кои и овозможуваат на економијата на различни нивоа да се справи со предизвиците од глобализацијата со креирање на поле во кое што и динамичното, иновативното и креативното претприемништво ќе може да напредува и во исто време да обезбедува социјална праведност и здрава животна средина.<br><br><u>РМ 4. Одржливи човечки населби</u><br><br>Клучни Цели: Да се подобри социјалниот, економскиот и квалитетот на животната средина во човековите населби, како и животната и работната средина на сите луѓе.<br><br><u>РМ 5. Меѓусекторски политики што го поткрепуваат општеството на знаење</u><br><br>Клучни Цели: Да се поттикне развој за општеството засновано на знаење во Република Македонија што ќе им ги обезбеди на граѓаните клучните предиспозиции и функционална писменост која одредува глобална конкурентност, и истовремено ќе го развие граѓанскиот став во правец на одржлив развој. | |
| **Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019)** | Главните стратешки цели на Стратегијата се:<br>-Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој;<br>-Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија.<br>За постигнување на овие цели дефинирани се приоритети:<br>***Стратешка цел 1:***<br>*Приоритет 1.1*. Поттикнување на економскиот раст во планските региони, | **Усогласеност:** Одредбите и целите на Стратегијата се во насока на развој на туризмот кој ќе има позитивни ефекти врз демографска, економска, социјална и просторна кохезија во Охрид и руралните населби. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | *Приоритет 1.2.* Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони,<br>*Приоритет 1.3.* Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони,<br>*Приоритет 1.4.* Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони,<br>*Приоритет 1.5.* Креирање на конкурентски предности на планските региони,<br>*Приоритет 1.6.* Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони,<br>*Приоритет 1.7.* Заштита на животната средина во планските региони<br>***Стратешка цел 2:***<br>*Приоритет 2.1.* Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението помеѓу и внатре во планските региони,<br>*Приоритет 2.2.* Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони,<br>*Приоритет 2.3.* Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите,<br>*Приоритет 2.4.* Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони,<br>*Приоритет 2.5.* Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби,<br>*Приоритет 2.6.* Развивање на прекугранична и меѓусебна соработка на планските региони,<br>*Приоритет 2.7.* Подигнување на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони. | |
| **Националната стратегија за туризам на Р.М (2009 - 2013 год)** | - Градење имиџ на препознатлива европска дестинација за туризам, базиран на културното и природното наследство и препознатлива по производите со висок квалитет инкорпорирано во заедничко име – туристички производ на Македонија.<br>- Развој на производи и услуги (Препознатливи производи, Категоризација на сместувачките капацитети, Вински туризам, Рурален туризам, Култура и занаети, Бањи, Конференции и фестивали вон главната сезона;),<br>- Соодветен пристап и инфраструктура (Патна инфраструктура, Воздушен пристап); | **Усогласеност:** Целите на Националната стратегија за туризам, се инкорпорирани во Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид и истите се очекува да бидат постигнати со нејзина имплементација. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - Развој на човечки ресурси;<br>- Маркетинг;<br>- Економски развој на туризмот<br>- Управување и заштита на животната средина и културното наследство,<br>- Развој на туризмот подобрување на туристичката инфраструктура, инвестиции и туристичката понуда;<br>- Подигнување на јавната свест за туризмот. | |
| **Националната стратегија за туризам на Р.М (2016 - 2021 год)** | Осум клучни стратегии/стратешки цели се дефинирани за поддржување на професионалниот туристички развој на Македонија<br>1 Подигнување на свеста за Македонија како привлечна туристичка дестинација<br>2 Подобрување на привлечноста на Македонија како туристичка дестинација<br>3 Подобрување на организациските структури во туризмот<br>4 Подобрување на инвестициската клима за македонските претприемачи во однос на развојот на дополнителни објекти за сместување<br>5 Подобрување на квалитетот и квантитетот на достапни податоци за туризмот<br>6 Подобрување на рамковни услови за развој на туризмот<br>7 Подобрување на туристичкото знаење и квалитетот на услугите<br>8 Подобрување на свесноста на локалното население во однос на туризмот | |
| **Националната Стратегија за рурален туризам (2012-2017)** | -Идентификување на концептот и стратегијата за развој;<br>-Поставување на рамка за поттикнување на развојот како дел од севкупната туристичка понуда на Република Македонија;<br>-Развој на автентични сместувачки капацитети;<br>-Развој на активности во природа;<br>-Развој на активности поврзани со традиционалните обичаи, занаети и гастрономија;<br>-Подобрување на управувањето со природните ресурси. | **Усогласеност:** Одредбите и целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се во насока на поттикнување на развојот на туристичката понуда, занаети и сл. во руралните населени места. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
| --- | --- | --- |
| **Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027** | Во Националната стратегија за заштита на природата, дефинирани се следните национални цели за заштита на природата:<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 1:*** Геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) соодветно да се идентификуваат, истражуваат, мониторираат и инвентаризираат.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 2:*** Да се заштитат, зачуваат и мониторираат компонентите на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 3:*** До 2022 година да се вгради политиката за заштита на природата во стратегиите, плановите и програмите во другите сектори.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 4:*** Да се воспостави и практикува одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 5:*** Да се унапреди законодавната рамка, согласно ЕУ легислативата и релевантните ратификувани меѓународни договори за заштита на природата и да се обезбеди соодветна институционална рамка преку зајакнување на административните капацитети.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 6:*** Да се подигне нивото на информираност, едукација и промоција за вредностите и значењето на геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност);<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 7:*** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата. | **Усогласеност**: Одредбите и целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се усогласени со целите на Националната стратегија за заштита на на природата преку одржливо користење на природното наследство, промоција на природните вредности, информирање и едукација на посетителите и сл. |
| **Национална стратегија за** | -Надминување на основните причини за загуба на биолошката разновидност преку нејзино интегрирање во целото општество; | **Усогласеност:** Главните цели за заштита на биолошката разновидност идентификувани во |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| **биолошка разновидност со акциски план 2018-2023** | -Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност;<br>-Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги;<br>-Подобрување на знаењето и достапноста на сите релевантни информации во врска со биолошката разновидност. | Националната стратегија за биолошка разновидност се усогласени со целите дефинирани во Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид со акциски план. Предложените активности во акцискиот план за реализација на специфичните цели цели ќе придонесат за одржливо користење на природното наследство во функција на туризмот со почитување на препораките на УНЕСКО. |
| **Национална стратегија за развој на културата за периодот 2018-2022** | Посебни цели<br>Културни можности за секого<br>o Да се поттикнуваат уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал.<br>o Да се негуваат уметничката извонредност, експеримент и иновација.<br>o Да се овозможи достапност и учество во културните процеси.<br>o Да се вложува во развојот на публиката и на културните потреби на граѓаните.<br>Културен капитал, разновидност, соработка<br>o Да се афирмира културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор.<br>o Да се негуваат македонскиот јазик, јазиците на заедниците и интеркултурната комуникација.<br>o Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-куптурниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација.<br>o Да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики.<br>o Да се зајакне независниот културен сектор како важен социокултурен чинител.<br>o Да се развиваат регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена. | **Усогласеност:** Одредбите и целите на Стратегијата се во насока на поттикнување на развојот на туристичката понуда врз принципите на одржливото користење и негување на културните вредности, што ќе придонесе за современи модели на финансирање на културата. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | Реформи<br>○ Да се спроведе реформа на Министерството за култура и да се ревитализираат институциите на културата заради независно и ефикасно работење.<br>○ Да се воведат суштински измени во законската рамка што директно или индиректно влијае врз културата заради отстранување на несоодветните административни ограничувања.<br>○ Да се развива интерсекторската соработка,<br>○ Да се воведат современи модели на финансирање во културата. | |
| **Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017** | -Обезбедување поддршка на развојот на земјоделството и руралните подрачја во насока на подигнување на стратешката цел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 година – зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија и обезбедување на одржлив развој на руралните средини.<br>-Посебно внимание во програмата е ставено на воведување мерки за одржливо стопанисување со природните ресурси, заштита на животната средина и зачувување на биолошката разновидност. | **Усогласеност:** Целите на стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид е во корелација со целите на Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој, преку обезбедување на одржливо користење на природните ресурси. Со имплементација на целите на Стратегијата за туризам се очекува позитивни ефекти врз руралниот развој. |
| **Национална стратегија за управување со отпад**<br>**(2008-2020)** | -Имплементирање на општите принципи и насоки за управување со отпад;<br>-Воспоставување на интегрирана национална мрежа на инсталации (и инсталации за преработка на отпад и отстранување на отпадот);<br>-Исполнување на меѓународните обврски во однос на управувањето со отпадот;<br>-Усогласување на политиката и законодавството за управување со отпад со европските и светските стандарди;<br>-Воспоставување на ефективна институционална и организациска структура во сите фази на имплементација на новиот интегриран систем за управување со отпад;<br>-Подигнување на јавната свест;<br>-Затворање и/или санација на постојните општински депонии и/или индустриски „жешки точки“. | **Усогласеност:** Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид, дефинира цели Охрид, како туристичка дестинација, да се потпира на заштита и унапредување на животната средина, што вклучува и соодветно управување со отпадот. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | -Ревитализација на контаминираните локалитети во животната средина и воспоставување целосно нов систем на одговорност за состојбата на животната средина, кој ќе вклучува правни, институционални и финансиски механизми за решавање на проблемите поврзани со санација на еколошките жаришта во иднина. | |
| **Акциониот план за управување со отпад на Република Северна Македонија 2020-2030** | Управувањето со отпадот, заради поголема ефикасност на ресурсите има за цел:<br>○ Да се управува со отпадот како со ресурс,<br>○ Отпадот, кој се создава по глава на жител, да се намалува,<br>○ Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање,<br>○ Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди,<br>○ Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат,<br>○ Депонирањето да биде сведено на минимум, и<br>○ Да нема повеќе незаконски пратки на отпад.<br>Стратешки цели (базирани врз идентифицираните проблеми) поставени според следната структура:<br>1. Политиката на управување со отпад во Македонија<br>2. Европски политики и законскиот контекст<br>3. Подобрувања на националната правна рамка<br>4. Зајакнување на капацитетот на централната власт<br>5. Подобрување на регионалното планирање и испорака на услугите<br>6. Подобрување на податоците за управување со отпад<br>7. Подобрување на одговорноста на производителот<br>8. Управување со комунален отпад<br>9. Управување со комерцијален и индустриски отпад<br>10. Отпад од градежништво, рушење и ископување<br>11. Управување со опасен отпад<br>12. Медицински отпад<br>13. Мил од отпадни води<br>14. Депонии<br>15. Извоз и увоз на отпад<br>16. Санација на нелегалните депонии и загадените подрачја | |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| **Национален план за заштита на амбиентален воздух во Република Македонија (2013-2018)** | -Поставува мерки за подобрување на квалитетот на воздухот на целата територија на земјата. Планот е водечки документ за сите идентификувани релевантни институции, одговорни за спроведување на мерки насочени кон подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво.<br><br>-Предвидува мерки за мониторинг и оцена на квалитетот на воздухот, мерки за намалување на емисиите во воздухот од областа на енергетиката, индустрискиот сектор, транспортниот сектор, земјоделскиот сектор и мерки за заштита на здравјето на луѓето, мерки кои произлегуваат од барањата на меѓународни стандарди и мерки за заштита во случај на природни катастрофи. | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид предвидуваат акции за намалување на емисиите во амбиентниот воздух, воспоставување на одржлив транспорт (по копно и вода). |
| **Национална стратегија за води (2011-2041)** | Главната цел на управувањето со водите е постигнување на интегриран и координиран режим на водите на територијата на Република Македонија. Ова вклучува не само локација и изградба на системи за вода, но, исто така, квантитативна и квалитативна состојба на водата на начин кој најдобро одговара на одредена локација и одредено време. Главните цели кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Македонија, а се поврзани со заштита на природата се:<br><br>-Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br><br>-Заштита на водата и екосистемите зависни од вода и<br><br>-Усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори.<br><br>Целта на заштита на водата е зачувување на здравјето на луѓето и животната средина, што вклучува остварување и зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречување на хидро-морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен. Со целите се опфатени и:<br><br>-Заштита на заштитените и други области од значење, во врска со водните површини-области на посебна заштита на водите, области за зачувување на здравјето на луѓето и на зачувување на вода и екосистемите зависни од вода и зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите; | **Усогласеност:** Целите дефинирани во Национална стратегија за води се во корелација на целите дефинирани во Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид, чија цел е Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштита и унапредување на животната средина, што вклучува и соодветно управување со површинските и подземни води. |

| **Релевантни национални стратегии, планови и програми** | **Цели или барања на националните стратегии, планови и програми** | **Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација** |
|---|---|---|
| | -Подобрување на еколошките функции на водите каде што квалитетот на водата е влошен и таму каде што потребниот квалитет на водата не е постигнат, интегрирано управување со водите и постепена имплементација на сеопфатните мерки за заштита и систематско следење на ефектите од спроведените мерки во речниот слив;<br>-Намалување на количеството на опасни супстанции на изворот на загадување со имплементација на мерките за заштита на водата и<br>-Придонес кон одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | |
| **Национална стратегија за Механизам за чист развој (2008-2012)** | -Да им помогне на земјите од Анекс I во достигнување на нивните цели за намалување на емисиите, преку промовирање на обновлива енергија, енергетска ефикасност, подобрување на управувањето со отпадот, пошумување и други активности за намалување на емисиите на стакленички гасови.<br>-Да придонесе за одржлив развој во земјите кои не се дел од Анекс I, односно им овозможува на земјите во развој да привлечат дополнителни инвестиции за постигнување на своите цели на одржлив развој преку продажба на потврдени намалувања на емисии како резултат од спроведувањето на проекти од Механизмот за чист развој. | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се во насока на намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на квалитетот на воздухот. |
| **Национална транспортна стратегија (2018-2030)** | -Промоција на економскиот пораст со градење, подобрување, управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на максимална ефикасност;<br>- Го олеснува користењето на транспортните системи со користење на интелигентни транспортни системи (ИТС) и мобилни апликации за онлајн-информации за патување, планирање на патувањето и продажба на билети;<br>- Подобрување на безбедноста на пешаците, велосипедистите, возачите, патниците и кадрите;<br>-Промоција на социјалниот фактор со поврзување на далечните и неразвиени заедници и зголемување на пристапноста на транспортната мрежа; | **Усогласеност:** Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид има за цел подобрување на туристичката инфраструктура, што е во корелација со целите на Националната стратегија за транспорт. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | -Заштита на животната средина и подобрување на здравството со градење и инвестирање во јавниот транспорт и другите видови ефикасен и постојан транспорт кој ја намалува емисијата и потрошувачката на ресурси и енергија. | |
| **Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020** | Подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување секаква трајна штета врз животната средина, што води кон одржлив раст.<br>Зачувување и подобрување на квалитетот на водата, воздухот и почвата, одржување на биолошката разновидност и зачувување на природните ресурси во Република Македонија.<br>Во поглед на климатските промени целта е да се намали нивното негативно влијание | **Усогласеност:** Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид има за цел одржлив развој, што е во корелација со целите на Националната стратегија за животна средина и климатски промени. |
| **Регионално ниво** | | |
| **План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)** | Во Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) се дефинирани следните цели:<br>- Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион<br>- Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското Езеро<br>- Примена на одржливо земјоделство и шумарство<br>- Развивање на одржлив туризам<br>- Контрола врз внесувањето на алохтони видови<br>- Реставрација и ревитализација на живеалиштата<br>- Одржливо рибарство<br>- Заштита на пределот<br>- Ублажување и адаптација на климатските промени<br>- Обновување на урбанистичко-аритектонските вредности<br>- Зачувување и презентација на селектирани археолошки локалитети<br>- Подобрување на конзерваторскиот третман на заштитените добра<br>- Подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | **Усогласеност:** Стратегијата е во насока на исполнување на целите за просторен развој на регионот, преку развивање на одржлив туризам. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| **Програмата за развој на Југозападниот плански регион (2015-2019)** | <u>Програмата за развој на Југозападниот плански регион</u> ги поставува следните цели:<br>- Модерна регионална економија базирана врз висока технологија и знаење<br>- Образование прилагодено на потребите на економскиот развој, ефикасна социјална и здравствена заштита за населението во Регионот и создавање услови за запирање на миграцијата<br>- Развој на туризмот поврзан со природното и културното наследство, и<br>- Зачувување на квалитетот на животната средина | **Усогласеност:** Имплементацијата на Стратегијата е во насока на одржлив развој на туризмот, кој се базира на заштита на животната средина, социо-економски развој, потикнување на развој на руралните подрачја и сл. |
| **Просторен План на Охридско Преспанскиот Регион 2005-2020** | Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, како долгорочен, интегрален, развоен документ, каде е дефинирана просторната организација на Регионот, има за цел создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, заштита на животната средина и нивото на техничката опременост на просторот.<br>Цели на идниот економски просторен развој на Регионот се:<br>- Разместување на производните и услужни дејности во просторот врз принципот на рационално користење, организирање и уредување на земјиштето;<br>- Унапредување и подобрување на патната поврзаност со блиските и подалечни простори од Регионот со локални, регионални и меѓународни патни правци;<br>- Квалитативни структурни промени на стопанските сектори;<br>- Поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја како детерминанта на позабрзан и порамномерен стопански развој;<br>- Алокација на производните и услужни дејности со примена на системска, материјална, едукативна и друга поддршка за зачувување, заштита и унапредување на природната и создадена средина. | **Усогласеност:** Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид е во корелација со исполнување на целите за просторен развој на регионот, заштита на разновидност, социо-економскиот развој и т.н. |
| **Регионален план за управување со отпад на Југозападен плански регион** | Регионалниот план за управување со отпад на Југозападен плански регион ја има следната визија и следните цели:<br>Визија: Да се обезбеди регионална планска рамка за одржливо управување со отпадот и преработка на ресурсите преку развивање на интегриран систем за управување со отпад со следните општи цели: | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се базираат на заштита и унапредување на животната средина што е корелација со целите на Регионален план за управување со отпад на Југозападен плански регион. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | Цел А: Минимизирање на негативните влијанија на животната средина и на здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.<br>Цел Б: Минимизирање на негативните општествени и економски влијанија и максимизирање на социјалните и економските можности,<br>Цел В: Усогласеност на законските барања, целите, принципите и политиките поставени во европската и националната правна и регулаторна рамка. | |
| **План за управување со сливот на Охридското Езеро 2020** | Во планот се воспоставени четири клучни еколошки цели кои генерално треба да се постигнат до 2031 година:<br>- Обновување на добрата состојба на површинските и подземните водни тела;<br>- Спречување на влошување на состојбата кај водните тела кои веќе имаат добар или висок статус;<br>- Намалување на хемиското загадување; и<br>- Постигнување на целите поврзани со водата за заштитените подрачја. | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се базираат на заштита и унапредување на животната средина. Предвидените активности се во насока на спречување на влошување на состојбата на квалитетот на водата во Охридското Езеро. |
| **Локално ниво** | | |
| **Локален еколошки акционен план на општина Охрид (2019 - 2025)** | Примарните цели на ЛЕАП на општина Охрид се:<br>- Спроведување на барањата за заштита на животната средина на локално ниво;<br>- Идентификација на потребите на административните структури и нивно зајакнување со цел ефикасно управување со животната средина на локално ниво;<br>- Интегрирање на политиката за заштита на животната средина во останатите секторски политики;<br>- Поттикнување на сите субјекти кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, особено јавноста;<br>- Промовирање на еколошки одржлив пристап во сите сфери на делување на Општината;<br>- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на Европската унија во областа на животната средина, на локално ниво;<br>- Спроведување на барањата за заштита и управување со светското природно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион; | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се базираат на заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - Обезбедување финансиски средства за решавање на приоритетните еколошки проблеми итн. | |
| **Стратегија за локален економски развој 2007-2018** | Стратешки цели за тематска област - Инфраструктура и заштита на животна средина (сообраќајна и комунална, урбано и просторно планирање):<br>- Довршување на канализациона и водоводна инфраструктура и соодветен третман на отпадните и атмосферските води на територијата на општина Охрид според светски стандарди;<br>- Регулација и рехабилитација на сливното подрачје на Охридското Езеро;<br>- Воспоставување механизам за ефикасно управување со инфраструктурата и интегрална заштита и управување со животната средина, светското природно и културно наследство почитувајќи ги законските регулативи и обврските превземени со потпишување на досието со УНЕСКО;<br>- Стратегија за управување со цврстиот отпад;<br>- Доградба и осовременување на сообраќајната инфраструктура;<br>- Користење на алтернативни обновливи извори на енергија и изградба на систем за централно затоплување на градот;<br>Стратешки цели за тематска област - Култура, културно-историско и природно наследство:<br>- Засилена иницијатива за донесување на закон за Охрид;<br>- Изградба и подобрување на инфраструктурните, техничките и кадровски капацитети;<br>- Засилена, координирана и зголемена промоција и презентација на културното и природното богатство и културните настани;<br>- Нови форми и активности за координиран и одржлив развој на културното и природното наследство. | **Усогласеност:** Во Стратегијата се земени во предвид барањата за заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион. |
| **Стратегија за рурален развој на општина Охрид 2019-2025** | - Основните цели на оваа стратегија за рурален развој се:<br>- Идентификување на концептот, насоките и приоритетите за рурален развој,<br>- Намалување на разликите во степенот на развојот на урбаниот и руралниот дел на Општина Охрид, поттикнување на претприемништво, искористување на можностите | **Усогласеност:** Целите на Стратегија за развој на туризмот во Охрид се во насока на развој унапредување на руралните населби и туризам, порамномерно дистрибуирање на приходите искористување на можност за |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | за аплицирање на проекти за рурален развој, економски иницијативи за одржлив развој, како и создавање услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од руралните делови на Општина Охрид.<br>- Поставување на рамка за поттикнување на руралниот развој, и посебно руралниот туризам  како дел од севкупната туристичка понуда на Општина Охрид | рурален развој, поттикнување на туристичката понуда и сл. што е во корелација со целите на Стратегијата за рурален развој. |
| **Планот за управување со Националниот парк Галичица 2010-2020** | Планот за управување има за цел да ги опише потеклото и особините на природните вредности на подрачјето на Паркот, да постави цели и приоритети за нивно зачувување и да разработи реалистичен план за посигнување на целите.<br>Основни цели се подредени во четири групи, и тоа:<br>- општи цели кои се однесуваат на зачувување на природните вредности;<br>- општи цели за поддршка на посетителите и еколошка едукација;<br>- општи цели за поддршка на локалните заедници и<br>- општи цели за поддршка на спроведување на Планот за управување.<br><u>Општи цели:</u><br>- Клучните природни вредности на Паркот се наоѓаат во поволна состојба.<br>- Основните еколошки процеси се одвиваат непречено на најголем дел од Паркот со што се овозможува долгорочна заштита на карактеристичните видови и екосистеми во Паркот.<br>- Екосистемите во Националниот парк Галичица се поврзани со тие во регионот со што се обезбедува нивно взаемно функционирање  и  поефикасна заштита.<br>- Урбанизацијата во Паркот е контролирана и во функција на одржливиот развој и квалитетот на животот во локалните заедници.<br>- Во Паркот постојат бројни можности за инспирација, незаборавни доживувања и рекреација во природна, неурбанизирана средина без притоа да се предизвикуваат значајни нарушувања на природата.<br>- Разновидната и соодветна инфраструктура и непосредниот контакт со природата кај посетителите буди голем интерес и поддршка за зачувување на природата.<br>- Приходите кои локалните заедници ги остваруваат од одржливиот туризам ги надмесуваат загубените приходи од директното искористување на природните ресурси. | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во Охрид се усогласени со целите на Планот за управување со НП Галичица, како резултат на одржливиот развој на туризмот, искористување на природното наследство во функција на туризмот и унапредување на локалните заедници без притоа да се наруши квалитетот на животната средина. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - Жителите во Паркот ја разбираат потребата од заштита на природните и културните вредности во Паркот и дека тоа придонесува за развој на одржливиот туризам како значајна стопанска дејност во локалните заедници.<br>- ЈУНПГ има разновиден, мотивиран и професионален кадар кој придонесува таа да биде ефективна, ефикасна и одговорна установа.<br>- Основната дејност на ЈУНПГ се финансира од јавни приходи, додека развојот на Паркот се финансира од јавни приходи или од приходи што ги остварува установата (влезници, изнајмување на објекти и земјиште итн.), донации и проекти.<br>- Во извршувањето на своите функции ЈУНПГ ужива голема поддршка од локалните заедници, централната и локалните власти и пошироката јавност | |
| **Стратегијата за развој на одржлив туризам во Националниот парк Галичица 2009-2013.** | Финансиска одржливост: при инвестирањето во туризмот, посебно треба да се внимава на тоа инвестициите да обезбедуваат сигурен приход и да не го оптоварат буџетот на ЈУНПГ;<br>Еколошка одржливост: квалитетот на природните и културните вредности се препознаваат како главен капитал на подрачјето. Целта е да се унапредат овие вредности во тие делови кои се најпривлечни за посетителите;<br>Ефикасно користење на ограничените финансиски средства: треба да се избегне непотребно преклопување и администрација со цел финансиските средства да се искористат што е можно поефективно во смисла на управување со одржливиот туризам во Паркот;<br>Подобрување на квалитетот на животот: место што е привлечно за посета е исто така и привлечно место за живеење и работа. Стратегијата за туризам во голем мерка се посветува на подобрување на квалитетот на живеењето на локалните заедници, но исто така и работните услови и стручната оспособеност на вработените во ЈУНПГ и<br>Отчетност: приходите од влезници, донации и други јавни давачки ќе се користат на транспарентен начин. | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се во корелација со целите на Стратегијата за развој на одржлив туризам во Националниот парк Галичица, кои се во насока на одржливо користење на природното и културното наследство. |
| **Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020)** | - Студијата ги валоризира природните вредности на подрачјето и дава предлог категорија на заштита и ги дефинира границите и зоните за заштита. Во Студијата се дефинирани основните цели со кои треба да се управува ова подрачје:<br>- Реставрација на Блатото; | **Усогласеност:** Целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид се во корелација со целите на Студијата за валоризација на Студенчишко Блато, во поглед на: целите за донесување на урбанистичка |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - Управување и ревитализација на природните хабитати;<br>- Дефинирање на посебните функции во заштитениот простор утврден со ГУП на градот Охрид и деловите кои го тангираат;<br>- Расчистување на Студенчишкиот Канал од пловни објекти и овозможување на природните врски со Блатото;<br>- Преиспитување на насоките за уредување на плажите, а до добивање на насоки за уредување и користење на плажите усогласени со определбите за чување и заштита на блатото Студенчишта;<br>- Целосно спречување на ловот;<br>- Заштита од вознемирување;<br>- Заштита од загадување;<br>- Користење на Блатото во научни цели;<br>- Користење на Блатото во едукативни цели;<br>- Развивање одржлив еколошки туризам. | планска документација за уредување на просторот и каналот; изработка на урбанистичка планска документација за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила, уредување на плажите и т.н.<br>**Неусогласеност:** За Студенчишко Блато, како заштитено подрачје, треба да се направи План за управување, која не е спомната во Стратегијата. Идното уредување на Блатото мора да е усогласено со План за управување со Студенчишкото Блато и Стратегијата за природа, како и насоките дадени во Студијата за валоризација на Студенчишко Блато и План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) |
| **План за управување со отпад на општина Охрид за период 2018 -2020 година** | - Предвидени активности за реализација на Планот<br>- Подобрување на собирањето и транспортот на отпадот,<br>- Промоција на минимизирањето на отпадот (Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпад (инсталација за преработка на материјали за рециклирање);<br>- Интервенција во системот за собирање на комунален отпад;<br>- Подобрување на управувањето со депонијата за комунален отпад (Ремедијација на постоечките нестандардни депонии и дивите депонии);<br>- Превенција на создавање на отпад (Јавна кампања (континуирано) и организирање акции во училишта);<br>- Селектирање на рециклабилни фракции;<br>- Биоразградлив отпад (Воведување на основен систем за примарна селекција и рециклажа до 50%); | **Усогласеност:** Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид, дефинира цели Охрид, како туристичка дестинација, да се потпира на заштита и унапредување на животната средина, што вклучува и соодветно управување со отпадот. |

| Релевантни национални стратегии, планови и програми | Цели или барања на националните стратегии, планови и програми | Како целите на националните планови, програми и стратегии се инкорпорирани во Стратегијата или ќе бидат постигнати при нејзина имплементација |
|---|---|---|
| | - Промоција на учеството на јавноста и промена во однесувањето (Кампања за зголемување на јавната свест за управувањето со отпад и за селекција на отпад и компостирање);<br>- Мониторинг и информирање (Следење на индикатори) - Организациона и институционална поставеност (Воспоставување на тарифен систем). | |

# 4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 Географска положба и демографски карактеристики

Општина Охрид се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, лоцирана на североисточниот брег на Охридското Езеро, со површина од 389,93 km2. Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра Планина од западната и Галичица од источната страна.  Општина Охрид се граничи со општините Дебарца на запад и север, Демир Хисар на североисток, Ресен кон исток, а на југ Општината се граничи со Р. Албанија.




**Слика 1** Местоположба на Општина Охрид во Р. Северна Македонија

Општина Охрид, како единица на локална самоуправа, ја сочинуваат 28 населени места, односно градот Охрид и селата: Вапила, Велгошти, Велестово, Горно Лакочереј, Долно Коњско, Долно Лакочереј, Елшани, Завој, Коњско, Косел, Куратица, Лагадин, Лескоец, Ливоишта, Љубаништа, Опеница, Орман, Пештани, Плаќе, Подмоље, Рамне, Расино, Речица, Свињишта, Сирула, Скребатно, Трпејца и Шипокно. Населените места се организирани во 18 урбани и 26 месни заедници заедници, дадени во следниот табеларен преглед.

Административен центар на Општината е градот Охрид. Урбаната зона на Охрид е составена од Стариот Град, кој е лоциран во средината на урбаната зона, а кој го сочинуваат Варош, Месокастро и рибарската населба Канео.

Вкупниот број на жители во Општина Охрид изнесува 55.749 со 16.012 домаќинства[1]. Просечниот број на членови во домаќинствата изнесува 3,48. Половата структура на населението е следна:

- машки пол 27.598 жители и
- женски пол 28.151 жител.

Според изјаснувањето за национална припадност поделбата на населението е дадена во следниот табеларен преглед.

**Табела 3** Поделба на населението, според национална припадност (Извор: ДЗС)

| Националност | Број | % |
|---|---|---|
| Македонци | 47.344 | 84,93 |
| Албанци | 2.962 | 5,31 |
| Турци | 2.268 | 4,06 |
| Срби | 366 | 0,66 |
| Власи | 323 | 0,58 |
| Роми | 69 | 0,12 |
| Бошњаци | 29 | 0,05 |
| Останати | 2.388 | 4,29 |
| **ВКУПНО** | **55.749** | **100** |

Во следниот табеларен преглед е дадена поделбата на населението во општината, според петгодишни групи на старосна возраст.

**Табела 4** Поделбата на населението, според петгодишни групи на старосна возраст (Извор: ДЗС)

| Петгодишна група/год. | Број на жители (Попис 2002) | Број на жители (ДЗС: 2017) |
|---|---|---|
| 0-4 | 2.825 | 2.677 |
| 5-9 | 3.428 | 2.643 |
| 10-14 | 3.947 | 2.704 |
| 15-19 | 4.394 | 2.697 |
| 20-24 | 4.501 | 3.215 |
| 25-29 | 4.067 | 3.597 |
| 30-34 | 3.917 | 4.099 |
| 35-39 | 3.906 | 4.020 |
| 40-44 | 4.433 | 3.614 |
| 45-49 | 4.313 | 3.483 |
| 50-54 | 4.073 | 3.466 |
| 55-59 | 2.870 | 3.784 |
| 60-64 | 2.647 | 3.449 |
| 65-69 | 2.480 | 3.091 |
| 70-74 | 1.836 | 2.044 |
| 75-79 | 1.280 | 1.575 |
| 80+ | 832 | 1.418 |
| **ВКУПНО** | **55.749** | **51.576** |

## 4.2 Човечко здравје

Здравствената заштита на подрачјето на Општина Охрид се реализира преку работата на јавни здравствени организации: ЈЗУ „Здравствен дом“, Општа болница, Завод за здравствена заштита, Специјална болница за ортопедија и трауматологија ЈЗО „Св. Еразмо“, Специјална детска болница, ЈЗО „Св. Стефан“ - Завод за превенција, лекување и

[1] Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението од 2002 година

рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања итн. Во следниот табеларен преглед даден е преглед на број на здравствени установи во општината и број на здравствени работници.

**Табела 5** Здравствени установи и број на здравствени работници во општина Охрид

| Дејност | Здравствени работници | | | Места пунктови |
|---|---|---|---|---|
| | Виша СС | ССС | НСС | |
| Здравствен регион Охрид | 6 | 99 | 0 | 81 |
| Општа медицина | 1 | 45 | | 19 |
| Медицина на трудот | | 4 | | 1 |
| Здравствена заштита на деца од 0 – 6 години | 1 | 11 | | 6 |
| Здравствена заштита на училишни деца и младина | | 4 | | 1 |
| Здравствена заштита на жени | | 5 | | 5 |
| Поливалентна патронажа | 4 | 6 | | |
| Стоматолошка дејност | | 8 | | 39 |
| Аптекарска дејност | | 16 | | 10 |

Извор: Здравствена карта на Р. С. Македонија (2017 година)

## 4.3 Климатски карактеристики и квалитет на воздухот

### 4.3.1 Климатски карактеристики

Во Охридскиот Регион преовладува умерено - континентална клима, како последица на струењата кои продираат од Јадранско Море преку реката Црн Дрим и влијанието на Охридското Езеро кое се јавува како термички регулатор. Овие влијанија придонесуваат пред сè во формирање на специфичен термички и плувиометриски режим, кој се карактеризира со мали амплитуди на промена на температурата на воздухот во текот на годината.

Високите планински масиви на планините Галичица, Караорман и Јабланица, кои го опкружуваат подрачјето на Охридската Котлина, овозможуваат одржување на постојаност на климатските струења и овозможуваат „блага" клима во регионот.

Средногодишната просечна температура на воздухот во Општината изнесува 11.4 $^0$C, со максимални средномесечни температури во јули и август од 21,2 $^0$C и 34,4 $^0$C. Најниската средномесечна температура, е забележана во јануари - 17,2 $^0$C, е апсолутниот минимум.

Охридската Котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење, а просечното годишно сончево зрачење изнесува 2.233 часови или во просек 6 часа дневно. Максимумот на сончево зрачење се постигнува во јули месец со вкупно 308 сончеви часови или во просек 10 часа дневно, додека минимумот е во јануари и изнесува во просек 3 часа дневно.

Од вкупниот број денови во годината, 24% се ведри, 27% се тмурни, а 49% се облачни.

Релативната влажност на воздухот има спротивен од во однос на температурата на воздухот. Од јануари до јули опаѓа, а потоа се зголемува. Просечната годишна влажност на воздухот е 71%, со максимум во декември и јануари (79%), а минимум во јули и август (60%).

Испарувањето од слободната водна површина во Охридската Котлина е поголемо од количината врнежи. Просечно годишно испарува 836 l/m$^2$, а годишната сума на врнежи изнесува 708 l/m$^2$. Најголемо е испарувањето во август (137 l/m$^2$), потоа во јули (132 l/m$^2$), а најмало во јануари со 27 l/m$^2$.

Маглата е ретка појава во Охридската Котлина, а просечно годишно се јавуваат 5 дена во зимските месеци од годината. Просечниот број на мразни денови изнесува 61.

Просечните средногодишни врнежи изнесуваат 704 mm, додека пак просечните врнежи во околината на Езерото изнесуваат приближно 759 mm годишно. Количината на врнежи во Општината има два максимуми, примарен во ноември и секундарен во февруари. Меѓу ноември и февруари доаѓа до незначително намалување на врнежите. Минималните врнежи се во јули.

Охридската котлина се одликува со посебен режим на ветрови, условено од езерото. Покрај ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина.

Во Општина Охрид преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 297 ‰, просечна годишна брзина од 2,4 m/s, а максимална од 12,3 m/s. Северниот ветер дува преку целата година, најчесто во ноќните часови. Југозападниот и јужниот ветер се приближно со иста зачестеност 176 ‰, со просечна годишна брзина од 2,9 m/s, а максимална од 18,9 m/s. Тие се јавуваат преку целата година но најзачестени се од април до јуни. Северозападниот ветер е со зачестеност 73‰, со просечна годишна брзина од 1,8 m/s, а максимална од 15,5 m/s. Североисточниот ветер е со зачестеност 43‰ и брзина од 12,3 m/s, ветровите од југоисточен и источен правец се незначителни (4 до 5%).

Охридската котлина е доста ветровита. Нај ветровити се месеците септември и октомври.

### 4.3.2 Квалитет на воздухот

Следење на квалитетот на воздухот се врши преку споредба на измерените концентрации на загадувачките супстанци во воздухот и граничните вредности, прагови на алармирање, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели определени во Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Квалитетот на амбиентниот воздух во Општина Охрид не може да се следи, бидејќи општината не е поврзана на државната мониторинг мрежа и нема локална мониторинг станица за мерење на параметри преку кои би се оценила состојбата со квалитет на амбиентниот воздух.
Во Општина Охрид единствено се врши периодично мерење на аероседимент, на четири мерни места во градот:

- Во близина на Општата болница;
- Градинката "Јасна Ристеска";
- Главната Автобуската станица; и
- Северниот влез во градот.

Резултатите од измерените вредности за аероседимент во Охрид за период 2016 – 2018 година се дадени во следниот табеларен преглед.

**Табела 6** Измерени концентрации на аероседимент 2016 - 2018 година

| Година | Загадувачка материја | Број на мерни места | Број на примероци | Просечна месечна концентрација (mg/m³) | Минимум mg/m³ | Максимум mg/m³ | Број на примероци над МДК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | Аероседимент mg/m³ | 07 | 84 | 103.52 | 21.55 | 284.16 | / |
| **2017** | Аероседимент mg/m³ | 07 | 84 | 87.13 | 15.19 | 200.22 | / |
| **2018** | Аероседимент mg/m³ | 07 | 84 | 86.91 | 70.29 | 105.11 | / |

Извор: ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Охрид

Аероседиментите се значајни бидејќи истите негативно влијаат врз природното и културното наследство.

Загадувањето на воздухот во Општина Охрид е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни и мобилни извори, преку одвивање на хемиско - технолошки процеси, биохемиски процеси, процесите на согорување на горивата итн.

Општина Охрид е дел од ЕУ ПРОЕКТОТ AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиентниот воздух во Охрид. Поставени се 11 станични сензори, а три станични сензори комуникациски ќе се релогираат по нова година (на локациите во ОУ „Св. Климент Охридски“, Спортска сала„ Атина Бојаџи“ и ОУ „Христо Узунов“). Во Охрид се следат 5 еколошки параметри и три метеоролошки параметри. Податоците служат за потреби на проектните активности.




**Слика 2** Локации на мерните места во градот Охрид

Извор: https://ohrid.gov.mk

### 4.3.3 Климатски промени

Предвидените промени во климата (изразени како промени во температура на воздухот и врнежите) се развиваат постепено и резултатите се значајни на подолг период. Најголемо влијание имаат поплавите. Поплавите се зачестена појава во Р.С. Македонија претставуваа локална манифестација на последиците од глобалните промени и предизвикаат значителни штети. Според подготвените регионални сценарија за Македонија оваа зона е под доминантно-континентално климатско влијание. Од анализата на тие климатски сценарија произлегува дека средногодишната температурата во оваа рефугијална зона за 50 години ќе се покачи во просек за 2,0 °C , додека за 100 години 4,0 °C. При тоа зимските температури ќе се зголемат речиси исто како просекот (2,0 и 3,9 °C за 50 и 100 години), што важи и за летните, освен температурата после 100 години (2,1 и 4,4 °C за 50 и 100 години). Годишните суми на врнежи ќе се намалат за 3 % (50 години) и 8 % (за 100 години). При тоа врнежите ќе се намалат само во тек на летната, пролетната и есенската сезона (-18% за 100 години - лето) додека зимските врнежи ќе се зголемат (+4% за 100 години). Меѓутоа врнежите во југозападниот регион каде и спаѓа Охридскиот регион нема да се намалат значително како во централните и јужните делови на Македонија.

Климатските прилики во овој рефугијален реон поради присуството на Охридското и Преспанското Езеро, како и клисурата на Црн Дрим се прилично константни, бидејќи целиот тој систем делува како еден термостат и овозможува поволни услови за развиток на рефугијалната шумска вегетација.

## 4.4 Бучава

Генерирањето на бучава претставува физички агенс од животната средина која во организмот создава штетни ефекти со тенденција на пораст во развиените земји и во земјите во развој. Бучавата во животната средина може да се класифицира според следните карактеристики: Континуирана бучава, Повремена бучава, Широкопојасна бучава, Тонална бучава и Импулсна бучава.

Општина Охрид, како една од најпосетуваните туристички дестинации во Р. С. Македонија, секоја година е домаќин на илјадници домашни и странски посетители. Покрај значителните финансиски придобивки од посетеноста на Градот и развојот на туризмот, Општината се соочува со сериозни проблеми од аспект на животната средина, особено проблеми кои потекнуваат од зголемено ниво на бучава. Илјадниците гости, зголемената фрекфенција на возила, забавните и рекреативни активности кои ги нудат Градот и угостителските објекти, градската врева, генерираат ниво на бучава која претставува сериозна закана за животната средина и здравјето на луѓето.

Имајќи ги предвид горенаведените факти и недостатокот на податоци од мониторинг на бучава, а со цел да се утврдат главните извори и состојбата со бучавата во Општината и да се превземаат соодветни мерки за управување со истата, во отсуство на стратешка карта, Општина Охрид има изработено Акционен План и Програма за управување со бучавата во 2011 година. Според овој документ, особено високи вредности на ниво на бучава се забележани на мерните места на улиците Цар Самоил, Коста Абраш и градскиот плоштад, каде истите достигнуваат вредност и до Leq=81.9-89.9 dB(A) во период на мерење ноќ, во 2.00 часот по полноќ, во екот на туристичката сезона.

Овие локации се карактеризираат со голем број угостителски објекти со отворени летни тераси или затворени простори во кои се пушта жива и друг вид гласна музика. Во полноќните часови улиците се полнат со млади луѓе кои создаваат врева од гласно смеење, пеење и сл. Сите гореспоменати фактори допринесуваат за зголеменото ниво на бучава во однос на максимално дозволените вредности.

Во согласност со планскиот документ главни причини за зголеменото ниво на бучава во Општина Охрид се:

- непочитување на законските обврски;
- несовесно работење на угостителските работници;
- ниска култура на однесување на локалното население, гостите и посетителите;
- несоодветно просторно уредување, особено во стариот дел од градот, каде од двете страни на тесните улички се наоѓаат голем број на угостителски објекти;
- тесен и затворен простор за ширење на бучавата, односно не постои можност за намалување на интензитетот на бучава од изворот со зголемување на растојанието, особено во стариот дел на Градот;
- несоодветна звучна изолација на угостителските и станбените објекти;
- голема фреквенција на возила, стар возен парк, застој во сообраќајот, возење со голема брзина и сл.

Ваквата состојба придонесува за зачестеност на поплаки од граѓаните на Општина Охрид, поради вознемиреност од бучава од горенаведените извори.

Во Акциониот план и програмата за намалување на бучавата во Општина Охрид, предложени се мерки за намалување на нивото на бучава, и е нагласено дека при имплементација на истите треба да се земат предвид и дел од мерките и препораките кои се предвидени како долгорочна стратегија за намалување на бучавата.

### 4.5 Хидрографски карактеристики

Според хидрографската поделба на територијата на Р. С. Македонија, Општина Охрид припаѓа на Јадранскиот речен слив. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Р. С. Македонија односно површина од 3.350 km$^2$, а според големината претставува втор слив во нашата држава. На него му припаѓаат сливните површини на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е реката Црн Дрим.

Највазна карактеристика на овој регион е Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско - струшката котлина, поточно на 41 степен северна географска широчина и меѓу 20 и 21 степен источна географска должина. Учеството на езерската површина во вкупниот слив изнесува 7,36 %.

Охридското Езеро се наоѓа на надморска височина од 693,17 m и претставува тектонска потонатина. Зафаќа површина од 358 km$^2$, од кои 2/3 или 238,79 km$^2$ и припаѓаат на Р. Северна Македонија, додека останатата 1/3 или 119,39 km$^2$ и припаѓаат на Р. Албанија. Езерото е со должина од 31 km, широчина 15 km, просечна длабочина од 155 m и максимална длабочина од 288 m. Охридското Езеро се смета за едно од најпровидните езера во Европа (22 m), а според длабочината се наоѓа на седмо место.

Сливното подрачје на Охридското Езеро опфаќа 40 притоки, 23 на албанска и 17 на македонска страна, меѓу кои доминираат суводолици кои течат само при обилни врнежи и при топење на снег. Главни површински водотеци во Охридското Езеро се реките Коселска, Велгошка, Черава, а од 1961 година и реката Сатеска.

Природниот слив на Охридското Езеро изнесувал 1.042,25 km$^2$, се до внесување на реката Сатеска во сливот на Охридското Езеро кога истиот се зголемува за 398,36 km$^2$.

**Табела 7** Слив на Охридско езеро[2]

| | **Површина на слив km$^2$** | **Должина слив (km)** | **Должина на речна мрежа (km)** | **Притоки** |
|---|---|---|---|---|
| **Р. Коселска** | 193,3 | 29 | 73 | р. Скребатска р. Вапилска р. Сирулска и р. Ливоишка |
| **Р. Велгошка (Сушица)** | 33,8 | 8,5 | 20 | Леви притоки: Летничкиот и Рамненски поток<br>Десни притоки: поток Чардашница и Шопчиница |
| **Р. Черава** | 68,6 | | | Суводолици |
| **Р. Сатеска** | 396,3 | 31,2 | 117 | Десни притоки: Врбјанска, Годивска, Лактинска, Песочанска, Кочунска и Ботунска Река;<br>Леви притоки: Слатинска Река со притоките Мраморечка, Голема, Злестовска со Лешанска Река и суводолиците Мешеишка и Требенишка Река. |

[2] Риболовна основа за риболовна вода “Охридско езеро” за период 2011 - 2016 година http://arhiva.mzsv.gov.mk/files/ohridsko_ezero.pdf




**Слика 3** Географска карта на сливно подрачје на Охридско Езеро

Извор: Локален еколошки акционен план за општина Охрид (2019-2025)

Коселска Река извира под Плаќенска Планина и по должината на својот тек ги носи имињата на населените места покрај кои тече (р. Свињишка, р. Опеничка, р. Коселска и пред вливот во Охридското Езеро – р. Далјан).

Коселска река е поројна. Пороите од сливот и го насипуваат коритото со наноси, така што при голем водостој се случуваат излевања од коритото и поплави во атарите на селата каде реката поминува. Заштита на коритото се врши со комплексни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот.

Регулација на р. Далјан во градското подрачје, што претставува всушност и граница на урбаниот опфат, сè уште не е планирана. Регулацијата на поројот Рача е направена во 60-тите години на XX век и тоа во долниот тек и во главните корита - во двата крака, како и во активните притоки. Објектите, предвидени во главните корита и притоките, имаат за цел да ја намалат поројноста и да го заштитат регионалниот пат и обработливото земјиште од пороен нанос.

Просечен годишен проток измерен на мерното место во с. Косел изнесува 1,32 $m^3/s$, а просечниот проток во летниот период кога има низок водостој е околу 0,5 $m^3/s$. Квалитетот на водата на реката до с. Косел е од прва категорија, а од селото до вливот во Охридското Езеро истата е променлива.

Поголеми зафати на вода од р. Коселска се вршат на следните места:

- Брана во с. Косел каде што во летниот период кога се врши наводнување се одвојува околу 60% од вкупното количество на вода;
- Зафат за наводнување на јаболковите овоштарници кои се наоѓаат кај Алтанин Мост, а која ја зафаќа скоро целата преостаната вода така што реката во езерото се влева со околу 5 l/s, а во посушните години истата пресушува за време на наводнувањето.

Река Велгошка, позната како Сушица или Летничка ја сочинуваат водите од Летничкиот и од Рамненскиот поток, а ги прифаќа и водите од потоците Чардашница и Шопчиница. Во сливот, на долниот тек таа е реципиент на отпадните води од охридската индустриска зона. Заради карактерот на реката - суводолица и искористувањето на нејзината вода во средниот тек за наводнување, водотекот во долниот тек во сушниот период воглавно е отпадна вода.

Река Черава извира во Р. Албанија, а во Р. С. Македонија влегува западно од село Љубаништа и се влева во Охридското Езеро. Должината на реката во Р. С. Македонија изнесува 2 km. Заради ерозивноста на земјиштето низ кое тече реката во Р. Албанија и заради собирање на отпадни води од селата во Р. Албанија водата во р. Черава според квалитет во просек е од трета и четврта категорија.

Река Сатеска извира од Петрчанските извори источно од с. Врбјани и тече на југ низ Горна Дебрца. Поминува покрај с. Арбиново, низ с. Издеглавје покрај с. Ново Село, низ с. Ботун, покрај с. Климештани и с. Мешеишта. На север од с. Волино е поставена регулациона брана која ги дели водите на реката на два дела. Едниот дел тече по старото корито кое се влева во реката Црни Дрим (во Општина Струга), а другиот дел преку каналот на р. Сатеска се влева во Охридското Езеро. Должината на каналот изнесува околу 6 km. Просечен годишен проток на вода на мерното место во с. Ботун изнесува 6.11 $m^3/s$, а просечен проток во летниот период кога е низок водостојот изнесува 0.9 $m^3/s$.

Квалитетот на водата од река Сатеска до вливот на матицата која ги носи водите од Сини Вирој и Голема река е од I категорија. По вливањето на Голема река квалитетот и бистрината на водата опаѓа и е променлива се до с. Мешеишта.

Песочанска Река е западната притока на реката Сатеска на неа изградена е хидроцентрала со брана за собирање на вода во местото Радомирово.

Охридското Езеро се полни претежно со изворска вода - површински и сублакустрични извори. Најголем број површински извори се наоѓаат по должината на јужниот брег, околу манастирот Св. Наум, во околината на Тушемиште и Старова и градот Поградец на албанска страна. Доста застапен е карстен тип на издан, во тријаските варовници на Галичица, Јабланица, која се дренира преку бројни извори, од кои најзначајни се изворите кај Св. Наум (Q = 5 - 10 $m^3/s$), Билјанини извори (Q = 0,05 - 0,3 $m^3/s$), Беј Бунар (Q = 40 - 100 l/s).

## 4.6 Геолошки карактеристики

Геолошката градба на поширокото подрачје во Општината ја чинат доминантно алувијални творби, полувијални седименти, распространети во рамничарскиот дел. Алувијалните наноси по однос на инженерско - геолошките карактеристики, претставуваат претежно лабилни терени со ниски вредности на физичко - механичките својства.

Регионално, од геолошки аспект, подрачјето на Општина Охрид се наоѓа во Западно - македонската геотектонска зона, односно во рамките на Охридскиот неоген басен. На ова подрачје, во основата на неогените и квартерни седименти, лежат тријаски карпи, а на површината на теренот се констатирани езерски и барски седименти кои се таложени во квартерниот период и имаат најголемо распространување.

Охридско - дебарскиот гребен е најмаркантната морфоструктура на тонење во рамките на Западно - македонската зона. Создавањето на оваа грабенска структура е поврзано со крајот на долен и почетокот на среден плиоцен, односно периодот кога започнува експанзија на орогената фаза со манифестација на интензивни диференцирани вертикални движења. Како резултат на ваквите процеси во почетокот се реактивираат старите раседни структури. Подоцна по нивната должина доаѓа до тонење на просторот, односно до негово претворање во плиоценските езерски басени Охридски и Дебарски.

Плиоценските седименти во Охридскиот Басен се утврдени во јужниот дел (Љубаништа), како и во северозападниот дел.

Планината Галичица, со нејзиниот највисок врв – Вир (2.288 m н.в.), претставува доминантна релјефна појава (хорст) сместена помеѓу басенот на Охридското Езеро на запад и Преспанското Езеро на исток. Има издолжена форма со меридијански правец во должина од околу 50 km, додека нејзината најмала широчина (с. Трпејца – с. Лескоец) достигнува 10 km.

Во согласност со истражувањата на Геолошкиот Завод - Скопје може да се најдат следните геолошки формации:

- Комплекс на палеозојски метаморфни и магматски стени;
- Комплекс на мезозојски седиментни стени; и
- Комплекс на терциерни и квартерни седименти.

## 4.7 Сеизмолошки карактеристики

Охридскиот регион е сеизмички активно подрачје. Раседите се протегаат по должина на источниот брег на Охридското Езеро кон планината Галичица и источниот раб на Охридското поле, а на север се наоѓа Дримската сеизмогена зона. Сеизмичките дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта, кои имаат влијание на овој простор, можат да предизвикаат земјотреси во Охридската Котлина со интензитет од 7 до 9 степени MCS.

Стандардните земјотреси, како и сулфатарата „Дувло“, поставена на тектонски активната североисточна - југозападна линија, која се наоѓа во Охридскиот басен, во близина на село Косел, ја оцртува тектонски нестабилната положба на регионот.

Охрид се наоѓа во Дримската сеизмогена зона, во која е можна појава на земјотреси во подрачјата на Корча, Охрид, Дебар и Пешкопеја. Сеизмолозите регистрирале повеќе епицентри во поблиската околина на Охрид, со јачина од 8 до 9 степени по MCS, кај Свети Еразмо, над село Долно Лескоец, кај месноста Билјанини извори, Љубаништа и кај Пештани. Делот од просторот на ридот, стариот град и делот од падината на планината Петрино, во однос на рамнинскиот дел во Охридското поле, за најмалку еден степен се поиздржливи на земјотреси, додека крајниот источен дел, поранешното мочуриште, е почувствителен во однос на останатиот рамнински дел.




**Слика 4** Сеизмолошка карта

## 4.8 Користење на земјиштето и економски развој

Стратешкото планирање на просторот и намена на земјиштето од страна на локалната самоуправа има директно влијание врз заштита и унапредувањето на животната средина, особено во фазата на подготовка на плански документи за искористување и планирање на земјиштето во Општината.

Вклучувањето на целите на заштита и унапредувањето на животната средина во фазата на подготовка на плански документ ќе обезбеди одржлив развој и хумани услови за живеење во Општината, не занемарувајќи го и инфраструктурниот развој и економско - стопанскиот просперитет, како важни предуслови за привлекување на инвестиции.

Поголемо внимание од аспект на заштита на животна средина и поголемо учество на јавноста при донесување на плански документи за искористување на земјиштето ќе овозможи да се добијат планови кои ќе одговараат на реалните потреби на населението и одржлив развој на Општината.

**Земјоделство:** Подрачјето на Општината располага со голема површина обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште. Вкупното расположливо земјиште и површини, кои се користат за земјоделство се прикажани во следната табела.

**Табела 8** Вкупно расположливо земјиште и површини за Земјоделство

| Број на индивидуалн и земјоделски стопанства | Вкупна расположив а површина на земјиштето во хектари | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | Бр. на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3137 | 2395 | 1845 | 1764 | 126 | 27,8 | 8 |

Извор: Државен Завод за статистика и податоците од Пописот на земјоделско земјиште од 2007 година

**Шумарство:** Повеќе од 2/3 од територијата на Општина Охрид е под шумска вегетација, односно 19.123,9 ha.

775 $km^2$ од сливното подрачје на Охридското Езеро се пошумени, со просечна био-маса од 100 до 450 $m^3$ шума. Од дрвјата во шумската површина се застапени: дабот со 55%, буката со 35% и американскиот бор со 10%. Околу 90% од шумите се во државна сопственост и со нив стопанисуваат државни претпријатија кои се надлежни за сечење и пошумување на шумите. Шумско - стопански единици во Општина Охрид се „Мазатар“, „Буково“ и „Галичица“-1. Остатокот шуми околу 10 % се во приватна сопственост.

**Економија:** Во Општина Охрид се наоѓаат многубројни стопански објекти (угостителски, производни, трговски и др.), кои даваат голем придонес за нејзиниот стопанско - економскиот развој.

Од аспект на активни деловни субјекти, според нивната големина, согласно најновите податоци од Државниот завод за статистика на РСМ од 2020 година на територијата на Општина Охрид се регистрирани вкупно 2654 деловни субјекти од кои: 1808 се микро, 809 припаѓаат на категоријата мали претпријатија, 26 се средни, а 11 се големи претпријатија.

Доколку вкупните активни деловни субјекти (2.654) се класифицираат согласно дејностите на Националната класификација на дејности (НКД Рев.2), истите може да се класифицираат како во следната табела.

**Табела 9** Активни деловни субјекти по сектори на дејности во 2020 година во Општина Охрид

| Деловни субјекти според сектор на дејност | Регистриран бр. на активни субјекти |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 20 |
| Рударство и вадење на камен | 2 |
| Преработувачка индустрија | 293 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 3 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 4 |

| **Деловни субјекти според сектор на дејност** | **Регистриран бр. на активни субјекти** |
|---|---|
| Градежништво | 186 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 815 |
| Транспорт и складирање | 163 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 313 |
| Информации и комуникации | 55 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 18 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 36 |
| Стручни, научни и технички дејности | 276 |
| Административни и помошни услужни дејности | 79 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 4 |
| Образование | 42 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 119 |
| Уметност, забава и рекреација | 54 |
| Други услужни дејности | 172 |
| **Вкупно регистриран број на деловни субјекти** | **2654** |

Извор: Државен завод за статистика, 2020 година

## 4.9 Природно наследство

Детално е опишано во поглавје 6.

## 4.10 Културно наследство

Природното и културното наследство на Охридскиот регион е впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура.

Охридскиот регион претставува и дел од Прекуграничниот биосферен резерват на охридско – преспанскиот регион со едногласна одлука на Комитетот на УНЕСКО во јуни 2014 година.

Во 2012 започна пилот проектот "Природно и културно наследство во Охридскиот регион" во рамките на таканаречениот "Upstream" процес, со цел проширување на границите на светското наследство во Р. Албанија, со цел зајакнување на интегритетот и зачувување на природните вредности.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион ги вклучува историскиот центар на градот Охрид, градот Струга, рибарските населби на брегот на Охридското Езеро, ранохристијанските духовни центри и манастири, како и над 250 археолошки локалитети кои опфаќаат период од над 5000 години.

Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменичка целина чие формирање, според потврдени артефакти и зачуваните објекти, опстојува без прекин од праисториските времиња, преку античкиот и доцно - античкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период па се до денес (периодот од IV век пред н.е. до денес). Градот, формиран во карактеристични природно - географски, историски, етно - социјални и естетски услови на живеење и стопанисување, во изминатиот период, се издигал и развивал во една карактеристична хармонија, без

тенденција за узурпација на просторот. На следната слика прикажани се локалитети со културни вредности во Охридскиот регион.

Градот Охрид како комплексна споменична целина, има огромно значење поради многубројните археолошки локалитети што ги содржи, како и низата поединечни објекти кои имаат карактеристики на културно наследство од исклучително значење.

Урбаното јадро на Охрид вклучува градби и други структури кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, се до денес.




**Слика 5** Локалитети со културни вредности во Охридскиот регион

Извор: Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот Регион

Според податоците НУ „Завод и Музеи“, во Охрид има вкупно 246 културни добра.

**Табела 10** Културни добра во Општина Охрид кои се под заштита (Извор: НУ „Завод и Музеи“ Охрид)

| Ред.бр. | Вид на културно добро | Број |
|---|---|---|
| 1. | Споменички целини | 4 |
| 2. | Поединечни споменици | |
| 2.1. | Христијански сакрални градби | 38 |
| 2.2. | Споменици од историјата | 26 |
| 2.3. | Старроградска архитектура | 51 |
| 2.4. | Исламска архитектура | 10 |
| 2.5. | Археолошки локалитети | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.5.1 | Археолошки локалитети регистрирани со решение | 18 |
| 2.5.2 | Евидентирани археолошки локалитети без акт на заштита | 99 |
| Вкупно | | 246 |

Под највисока категорија „културно наследство од особено значење“ подкатегорија „исклучително значење“, регистрирани се четири споменички целини:

- Охридското природно и културно - историско подрачје (заштитено од УНЕСКО);
- Стариот дел на градот Охрид;
- Музејскиот комплекс „Робевци“ во Охрид (Куќа на Робевци/Музеј на град Охрид - старо име на доброто);
- Споменичка целина „Зејнел Абедин Паша” (Куќа на Кадри Шех и Теќе Зејнел Абедин Паша - старо име на доброто).

На следната слика дадена е Карта на категоризација на заштитеното јадро и поединечни објекти, според загрозеност.




**Слика 6** Категоризација на заштитеното јадро и поединечни објекти, според загрозеност

Извор: ЛЕАП за општина Охрид (2019 - 2025)

Културното наследство е значаен промотор на одржливиот развој и културниот туризам, почнувајќи од заштита на животната средина, обновување и развој на руралните средини, се до културата на просторот и просторниот развој. Од оваа причина активностите на НУ Завод и Музеј и Локалната самоуправа на Општина Охрид се насочени кон Интегрирана заштита на Старото градско јадро.

## 4.11 Материјални добра

### 4.11.1 Сообраќајна поврзаност

**Патен сообраќај:** Низ територијата на Општина Охрид поминуваат следните национални патишта:

- А2 – Граница со Р. Бугарија (ГП Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце (Куманово) – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – Граница со р. Албанија (ГП Ќафасан);
- А3 – Раскрсница Требениште (спојка со А2) – раскрсница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – Р. Бугарија (ГП Рамна Нива).

Регионални патишта низ територија на Општина Охрид:

- Регионален пат R 1301: Охрид (спојка со А3) – Свети Наум – граница со Р. Албанија;
- Регионален пат R 1208: Охрид (спојка со R1301) – Подмоље – (спојка со А3) – Струга – Радожда;




**Слика 7** Постоечки државни и регионални патишта во Општина Охрид

(Извор: Јавно претпријатие за државни патишта)

<u>Булевари:</u> Булевари во општината се бул. „Македонски Просветители“ во вкупна должина од 870 m и бул. „АСНОМ“ со вкупна должина од 1320 m. На територија на Општина Охрид се наоѓаат 16 собирни улици со вкупна должина од 30,2 km.

<u>Сервисно – станбени улици:</u> Во Општина Охрид има вкупно 29 во должина од 144 km. Дел од сервисно – станбените улици се: Гоце Делчев, Илинденска, Абас Емин, Кеј Македонија, Партизанска, Димитар Влахов, Трајче Трајчески, Бистрица, улична мрежа во населба Бејбунар, Сирма Војвода, Улична мрежа во с. Коњско и Елшани, улична мрежа во с. Пештани, Трпејца и Љубаништа, улична мрежа во с. Лескоец, с. Косел, Вапила и Ливоишта, улична мрежа во с. Орман, с. Горно Лакочерej, с. Долно Лакочерej итн.

**Воздушен сообраќај:** Аеродромот „Свети Апостол Павле“ се наоѓа на 9 km од градот Охрид, на националниот пат А2 Струга – Кичево - Скопје. Должината на полетно - слетната патека е 2.550 m, а широчината 45 m. Капацитетот на аеродромот е 300 патници/час. Техничката опременост на аеродромот ги задоволува меѓународните стандарди за опслужување на воздухоплови и патници. Во согласност со Националната транспортна стратегија се планира проширување на капацитетите и осовременување на Охридскиот аеродром.

**Воден сообраќај:** Општина Охрид со соседната Општина Струга, се поврзува и преку водениот сообраќај. Маршрутите се Охрид - Струга и Охрид - Радожда.
На охридското крајбрежје има две пристаништа односно градското пристаниште и пристаништето во Св. Наум. Вкупниот број на пловни објекти се: 75 пловни објекти регистрирани за вршење стопанска дејност, а 901 за спорт и рекреација.

Капетанијата на пристаништата Охрид е надлежна за водење на регистар на пловни објекти за сите природни и вештачки езера на територијата на Р. С. Македонија. Врз основа на ваквата состојба податоците[3] за бројот на пловни објекти, дадени подолу, се врз основа на согледувања и проценка од Капетанијата за пловидба и престој на пловните објекти само на Охридско Езеро.

[3] Извор: Извештај на Капетанија на пристаништата – Охрид, 23.05.2019 година.

### 4.11.2 Хидротехничка инфраструктура

- ***Водоснабдување и канализација***

Општина Охрид има единствен водоснабдителен систем за чие одржување е одговорен МЈП „Проаква“ Струга, регионална единица „Водовод“ Охрид. Од системот за водоснабдување се врши централно водоснабдување за градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети по должина на брегот на Езерото.

Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј. Вкупниот број жители кои се снабдуваат со вода за пиење од МЈП „Проаква“ изнесува околу 55.000.

Како изворишта на вода се користат: Охридско Езеро, со зафатот кај хотел Метропол, Билјанини Извори, подземна вода од Беј Бунар, Летнички Извори од Рамне, извор Св. Илија од Велгошти, подземна вода во близина на Коселска река кај Орман и извори кај Лескоец и др.

Поголемиот дел од водата за водоснабдување до домаќинствата се доведува со пумпање, а додека водата за водоснабдување од Летничките Извори и изворите од Велгошти и Лескоец се доведуваат по пат на гравитација.

Водата за водоснабдување од Охридското Езеро се користи во туристичката сезона, кога се јавува недостаток од вода за водоснабдување. Водата од езерото најпрвин се пречистува со мрежести микро филтри, поставени во пумпната станица, а потоа се дистрибуира до потрошувачите.

Водоводната мрежа е поделена на три висински зони и тоа:

- Ниска зона која ја опфаќа урбаната површина од нискиот дел на градот;
- Средна зона која ја опфаќа периферијата на градот и туристичките локалитети од н. Рача до с. Пештани; и
- Висока зона која го покрива високиот дел на Стариот дел на градот.

Цевководите во системот за водоснабдување на Општина Охрид се од различен вид и материјали како лиено железни, челични , азбест - цементни, ПВЦ цевки, ПЕ цевки, челични поцинкувани цевки и др. и истите се со различни профили од ∅ 1/2 - ∅ 711 mm. Вкупната должина на мрежата од системот за водоснабдување изнесува околу 207 km. Должината на азбест - цементните цевки изнесува 30.000 m.

Канализацискиот систем во Општина Охрид, покрај основната функција на одведување на урбани отпадни води, има за цел и заштита на Охридското Езеро од внесување на отпадни води кои можат да ја нарушат неговата олиготрофност и специфичната флора и фауна.

Системот за заштита на Охридското Езеро од отпадни води, овозможува прифаќање и третман на 67,91% од отпадните води кои се продуцираат во регионот со кој управува МЈП „Проаква“.

Владата на Р. С. Македонија, во декември 2018 година донесе одлука за формирање на Јавно претпријатие „Колекторски систем“ за заштита на Охридското Езеро од отпадни води, со цел новото јавно претпријатие, да ги преземе сите обврски за управување и стопанисување со колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро.

Државното јавно претпријатие “Колекторски систем“ со седиште во Скопје, ќе започне со работа во месец октомври 2019 година.

Системот за заштита на Охридското Езеро е составен од:

- Канализациона мрежа составена од:
    - мешовита канализациона мрежа;

   - канализациона мрежа за комунални отпадни води; и
   - атмосферска канализациона мрежа.
- Колекторски систем за примарен третман на отпадни води;
- Пречистителна станица за отпадни води; и
- Путекс станици во камп Љубаништа, камп Св. Наум, камп Градиште и Хотел Бисер.

Во Општина Охрид изградена е секундарна канализациска мрежа во должина од околу 128 km и објекти на канализациониот систем, шахти и пумпни станици. Оваа канализациска мрежа е составена од:

- Улична канализациска мрежа за комунални отпадни води во должина од 87 km преку која се одведуваат урбани отпадни води од домаќинствата и индустријата;
- Атмосферска канализациска мрежа во должина од 37 km преку која се одведуваат атмосферските отпадни води;
- Заедничка канализациска мрежа во должина од 41 km преку која се одведуваат измешани урбани отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни и атмосферски отпадни води.

Отпадните води од уличната канализациска мрежа и отпадните води од заедничката канализациска мрежа се прифаќаат во колектор кој е дел од Системот за заштита на Охридското Езеро, а потоа се пречистуваат во пречистителната станица за отпадни води во Враништа (Општина Струга). Реципиент на вака пречистените отпадни води е реката Црн Дрим.

Отпадните води од атмосферската канализациска мрежа се испуштаат во колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, а реципиент на овие отпадни води е Охридското Езеро.

На следната слика е даден шематски приказ на уличната канализациска мрежа во Општина Охрид.




**Слика 8** Шема на канализациска мрежа за комунални отпадни води во градот Охрид

Извор: ЈП „Нискоградба“

Во поголем број населени места, во руралниот дел на Општината, отсуствува канализациска мрежа за комунални и атмосферски отпадни води.

Примарниот колектор ги прифаќа отпадните води од секундарните канализациони мрежи и истите ги одведува до пречистителната станицата Враништа на понатамошен третман. Должината на примарниот колектор е околу 37 km, и е составен од:

- Источен крак од Лагадин / Елешец до Струга;
- Западен крак од Елен Камен до Струга;

Пречистителната станица се наоѓа на околу 4 km од градот Струга, помеѓу селата Враништа и Ложани. Истата, треба да обезбеди механички и биолошки третман на отпадните комунални води, додека за индустриските отпадни води субјектите се задолжени со предтретман на водите пред нивно испуштање во канализацискиот систем.

Капацитетот на пречистителната станица е 120.000 еквивалентни жители, а пречистената вода се испушта во реката Црн Дрим. Годишниот капацитет на станицата за пречистување е 12.000.000 – 15.000.000 $m^3$/год односно околу 40.000 $m^3$/ден.

### 4.11.3 Снабдување со електрична енергија и телекомуникација

Со мрежата на електроенергетскиот систем на Р. С. Македонија се опфатени сите населени места во Општина Охрид. Електроенергетската инфраструктура на Општина Охрид е дадена во следниот табеларен преглед:

**Табела 11** Електроенергетска инфраструктура на Општина Охрид

| Елементи | Број | Должина (km) |
|---|---|---|
| Хидроцентрала | 1 | |
| Напојни трафостаници | 6 | |
| ТС 10/0,4 kV Дистрибутивни трафостаници со моќност од 50 kVA до 1.000 kVA | 301 | |
| В.Н. надземна мрежа | | 51 |
| В.Н. подземна мрежа | | 2 |
| С.Н. надземна мрежа | | 117 |
| С.Н. подземна мрежа | | 127 |
| Н.Н. надземна мрежа | | 171 |
| Н.Н. подземна мрежа | | 135 |

Извор: ЛЕАП за општина Охрид (2019 - 2025)

### 4.11.4 Управување со отпад

Општина Охрид, во согласност со Законот за управување со отпадот, донесува План за управување со отпад (2018 - 2020) во кој се направени анализи на тековната состојба, предвидувања за идните состојби и проценки за одржливо подобрување на постојниот систем со примена на современите начела во управувањето со отпад. Исто така Општината усвојува Годишна програма за управување со отпад, чија цел е имплементација на Планот за управување со отпад, на годишно ниво и систематско подобрување на постојниот систем за управување со отпадот. Значајни елементи на одржливиот развој, кои се дел од глобалниот пристап кон управување со отпадот претставуваат:

- намалување на количините на отпад за депонирање;
- повторна употреба (реупотреба) на вредноста на материјалите; и
- ефикасно управување со системот на собирање и отстранување на отпад.

Доминантен начин во управувањето со комуналниот и друг вид неопасен отпад во Република Северна Македонија е негово депонирање. Рециклирање на отпадни материјали и производи со цел нивно повторна употреба или производство на енергија е многу малку застапено, а согорување се врши само на одреден вид опасен отпад како што е медицинскиот отпад.

Според податоците од Регионалниот план за управување со отпад за Југозападен регион, Општина Охрид има најголем придонес во целокупното количество на создаден отпад во регионот со 36%. Пондерираното количество на создаден отпад по жител на годишно ниво за Општина Охрид е 365 kg/жител/год[4]. На следниот графички приказ дадено е учеството на собраниот комунален отпад во Општина Охрид во однос на собраното количество комунален отпад во Југозападен регион.




**Слика 9** Количина на собран комунален отпад во Општина Охрид во однос на вкупната количина собран комунален отпад во Југозападен регион

Извор: Државен завод за статистика и ЈП „Охридски Комуналец“ и ЛЕАП на општина Охрид

Управувањето со отпадот во Општина Охрид е во надлежност на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“. Комуналниот и друг вид неопасен отпад од Општина Охрид се депонира на градската депонија „Буково“, додека градежниот отпад се депонира на депонијата „Мауцкер“.

Во однос на бројот на опслужено население[5] во согласност со податоците од Планот за управување со отпад во општината за период 2018 – 2020 година:

- Населението во урбаната средина е опслужено 100%, односно опфатени се 43.684 жители што претставува 78,34% од вкупното население;
- Населението во руралната средина опслужени се 12.002 жители, односно 21,55% и

За 63 или 0,11% од жителите во руралната средина не е обезбедено користење на услугата на ЈП „Охридски Комуналец“.

Врз основа на податоците, организирано собирање на комуналниот отпад се врши од подрачјето на градот Охрид и викенд населбите: Лагадин, Елешец, Исток и селата: Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и манастирски комплекс Св. Наум, со што се опфатени вкупно 55.686 жители.

Организирано собирање на комуналниот отпад не се врши во селата: Речица, Плаќе, Завој, Рамне, Свињишта, Сирула, Скребатно и Расино, бидејќи во овие населени места има многу мал број постојани жители.

Во однос на количините на отпад што се генерираат во Општина Охрид единствен извор на податоци се извештаите од евиденцијата што ја врши ЈП „Охридски Комуналец“, како и

[4] Извор: СЕА Југозападен регион 2016
[5] Податоци според Попис 2002 год.

неколку приватни овластени постапувачи со отпад, заради што не е можно прецизно да се анализираат промените во количините на отпад.

Во Општина Охрид се генерираат следните видови отпад:

- Неопасен отпад:
  - комунален отпад (вклучувајќи и комерцијален отпад);
  - биоразградлив;
  - отпад од пакување и кабаст отпад;
  - инертен отпад- градежен шут;
  - отпадна мил од септички јами.
- Опасен отпад:
  - медицински отпад;
  - отпад од азбест;
  - посебен отпад (отпадни масти и масла, отпадни масла за јадење, отпадни гуми, батерии и акумулатори, електрична и електронска опрема, искористени возила).

Собирање, транспорт, третман и отстранување на отпадот претставува значаен сегмент кој директно влијае врз загадувањето на медиумите на животната средина, а сето тоа и врз здравјето на жителите во Општина Охрид. Од домувањето на територија на Општината се создава: комунален отпад, отпад од производи и пакување, инертен отпад, медицински отпад од здравствените објекти, ординации и болници кој редовно се превземаат од страна на овластена компанија за постапување.

Собирање и транспорт на отпад во Општина Охрид е обезбедено од страна на ЈКП „Охридски Комуналец“, кој активностите ги извршува врз основа на Оперативна програма, усвоена од Советот на Општина Охрид и во која се планирани сите активности поврзани со јавната хигиена, јавното зеленило итн.

ЈП „Охридски Комуналец“ за успешна реализација на предвидените активности е организирано во неколку одделенија кои имаат посебни одговорности:

- Одделение „Услужна хигиена“ кое ја одржува хигиената на територијата на град Охрид, викенд населбите и НП „Галичица“. Заради зголемување на количината на комунален отпад ова одделение функционира во три смени. Фреквенцијата на отстранување на комуналниот отпад е определена со однапред утврдена динамика. Во централното градско подрачје отстранувањето на комуналниот отпад е секојдневно, а од останатите приградски населени места, викенд населби отстранувањето на комуналниот отпад е два пати во неделата во точно определени денови за секое населено место.
- Одделение „Депонии“ кое ги одржува и оперира со депониите „Буково“ и „Мауцкер“;
- Одделение „Јавна хигиена“ одговорно за редовно – тековно одржување на јавната хигиена на улиците и тротоарите на територија на Општина Охрид. Динамиката на одржување на јавните и сообраќајните површини е одредена со План кој се изготвува во согласност со Одлуката за комунален ред. Ова одделение е поделено на пет пунктови „Плоштад“, „Стар град“, „Даљан“, „Механизација“ и „Нова автобуска“ со цел поголема ефикасност во работењето. Улиците во Општина Охрид се поделени во четири категории, според кои чистење и метење се врши секој ден, на два дена, два пати или еднаш во неделата.
- Сектор „Паркови и зеленило“ одговорно за одржување на парковското зеленило, садење на цветни површини, поливање на зеленилото, кроење и режење, хортикултурно уредување итн.

Собраниот отпад ЈП „Охридски Комуналец“ го депонира на депонијата „Буково“, која се наоѓа на магистралниот пат Охрид – Битола и е оддалечена 25 km од градот Охрид. Депонијата се наоѓа на надморска висина од 1.190 m на планината Буково. Се простира на површина од

27.880 $m^2$ и ја сочинуваат две платоа за одлагање и една депресија. Во неа се депонираат околу 700 $m^3$ комунален отпад дневно, додека во летниот период дневното депонирање достигнува до 1.100 $m^3$ комунален отпад, или вкупно 290.000 $m^3$ комунален отпад годишно.

Со проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржив систем за управување со отпад во Југозападниот регион", Општина Охрид треба да се вклучи во регионалниот систем за управување со отпад.

Врз основа на моменталната динамика и начинот на отстранување на отпадот, постоечката депонија може да се експлоатира уште околу 5 години. Ако се земе предвид дека биоразградливиот отпад учествува со 26 % во вкупниот комунален отпад кој се депонира, векот на депонијата може да се зголеми со воведување на компостирање на овој вид отпад (со што ќе се намали % на одложен биоразградлив отпад на депонија).

Отпадот се депонира измешан, без претходна секундарна селекција, и заради тоа содржи голема количина на стакло и хартија, што во летните месеци може да доведе до самозапалување на отпадот. Од тие причини со булдожер се врши набивање на отпадот и негово покривање со слој од земја.

Депонијата „Мауцкер", на која се вршеше депонирање на градежен шут, ископана земја, песок, камења е расчистена од страна на Охридски Комуналец. Комуналното претпријатие изврши рамнење на 16.000 $m^2$ и покривање на 7.000 $m^2$ површина. Согласно плановите за пренамена, депонијата за шут на локација Мауцкер повеќе не се користи од Општината, а градежниот шут времено се одложува на депонијата „Буково" се до отворање на регионалната депонија на Југозападниот плански регион.

Општина Охрид, како дел од Југозападниот плански регион, е вклучена во рамките на проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот плански регион", за кој се изработија регионален план, стратешка оцена на животната средина за регионалниот план за управување со отпад, физибилити студија, студија за оцена на влијанието врз животната средина, за воведување на регионален пристап на управување со отпад.

Изработката на документите за регионалниот план ќе послужи за изградба на систем за интегрирано управување со отпад, што подразбира регионална депонија, трансфер-станици и начинот на кој ќе се изведува интегрираниот систем за управување со отпад.

# 5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ ОД ИМПЕЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

## 5.1 Состојби, трендови и закани врз животната средина од туризмот

Туризмот во општина Охрид е една од најважните стопански гранки.

Покрај големиот социоекомски бенефит, туризмот врши притисок и негативни влијанија врз медиумите и областите на животната средина, биолошката разновидност/природното наследство итн.

Една од негативните страни на туризмот е присуството на голем број посетители, особено во старото градско јадро, во текот на летниот период и при одржување на традиционалните манифестации (Охридско лето) кои собираат неколку десетици илјади гости.

Туризмот доведува до узурпацијата на крајбрежниот појас на Охридско Езеро, изградба на објекти за сместување, ресторани, уредување на плажи, поголема фреквенција на движење на пловни возила и тн, кој вршат притисок врз природното наследство. Дополнителен притисок врз природата врши некоординираниот урбан развој, изградба на инфраструктурни мрежи, изградба на објекти за одмор, спорт и рекреација.

Туризмот доведува до зголемување на сообраќајот во општина, кој врши притисок врз инфраструктурата, квалитетот на воздухот, квалитет на водите, здравјето на луѓето и т.н.

Туризмот претставува закана за квалитетот на водата во Охридското Езеро, која е под постојан притисок од сообраќајот (патен и пловен сообраќај), угостителските објекти долж крајбрежјето, генерирање на зголемени количини отпадни води, отпад и т.н.

Во текот на годините во општина Охрид има трендови на недостиг на вода за пиење (летниот период), отсуството на канализациона мрежа во руралните населени места, недоволен степен на изграденост на комуналната инфраструктура, испуштање на нетретирани отпадни и атмосферски води, отсуство на стандардна депонија за отпад и сл.

Еден од најсериозните проблеми во општина Охрид, е поврзан со бучавата од угостителските објекти во текот на туристичката сезона, викендите и празниците. Угостителските објекти, како резултат на гласно пуштање на музика, врева и сл. до раните утрински часови, претставуваат извори на бучава која негативно се одразува врз квалитетот на живеење.

Една од основните контрадикторности помеѓу развојот на урбаниот туризам и квалитетот на животната средина, разгледуван од аспект на бучава, се јавува од страна на туристичките работници кои за да го привлечат вниманието на посетителите и да ги задоволат желбите и барањата на посетителите организираат ноќни забави со гласна музика до раните утрински часови и притоа генерираат прекумерна бучава, која дополнително го нарушува квалитетот на живеење на постојаните жители и гости.

Во согласност со Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион (2019-2029) ризиците и заканите врз исклучителната универзална вредност на светското природно и културно наследство Охридски регион се:

- **Крајбрежна трансформација и закани за локалитетите со природни вредности**

Крајбрежната трансформација, како резултат на изведување на градби на крајбрежјето и поставување на платформи во езерото, доведуваат до промени во појасот на трската во поедини подрачја. Трската е неконтролирано уништувана од страна на човекот со сечење, палење, корнење, натрупување со земјиште и градежен шут со цел добивање на т.н. "корисни површини" за различни цели (обработливи површини, места за депонирање на земја и градежен шут, плажи, хотелски комплекси и друг вид сместувачки капацитети, паркиралишта и др.).

Локалитетите со природни вредности, кои се под закана, се:

- Подмоље, Општина Охрид; закана: сечење и палење на трската, потенцијална урбанизација, туризам, потенцијално загадување;
- Студенчишко Блато, Општина Охрид; закана: фрагментирање (нарушена природната комуникација со езерото, спроведување земјоделски активности, натрупување на отпад и шут, функционирање на објекти од Министерство за одбрана и Министерство за внатрешни работи, лоцирање на кафеани, кафетерии и клубови, кои генерираат висока бучава;
- Извори во Св. Наум, Општина Охрид; закана: масовен туризам, узурпирање на просторот со изградба на угостителски објекти, можно загадување од прихрана на риби во импровизирани рибници, отпадни води, возење со чамци.

**Ризиците што се присутни во сливот на Охридското Езеро (ризици врз загрозените видови флора и фауна, квалитет на води)**

Ризиците што се присутни во сливот на Охридското Езеро, врз загрозените видови флора и фауна и квалитет на води, опфаќаат:

- влијанија на квалитетот на водите во рамки на сливот на Охридското Езеро (внес на нутритиенти, седименти, отпадни води, загадување со тешки метали);
- дифузно загадување, ерозија и промени во хидрологијата од земјоделство и неодржливо шумарство (интензивно земјоделство, наводнување, зафаќање на води, сечење на дрва, пожари);
- **притисок врз заштитените подрачја од неодржлив туризам:**
    - **изградба на куќи вили и хотели;**
    - **уредување на плажи;**
    - **водни спортови;**
    - **загадување во животната средина;**
- внесување на алохтони видови;
- промена на живеалиштата или загуба (крајбрежна трансформација; фрагментација на крајбрежна макрофитска вегетација, еутрофикација и т.н.);
- неодржливо рибарство (прекумерен риболов) и
- климатски промени.

Ефектите од влијанијата/ризиците врз Езерото може да опфатат нарушување на квалитетот, промени во хидрологијата, загуба на живеалишта и биолошка разновидност и т.н., што може да се одразат и на економските и социјалните аспекти. Особено е важно да се напомене дека овие ризици и ефекти се присутни во целото езеро.

## 5.2 *Состојби, трендови и закани во областите кои се предмет на СОЖС*

| | |
|---|---|
| **Население** | Најголеми социјални и економски проблеми, со кои се соочува населението во општина Охрид, се:<br>• Низок животен стандард на локалното население;<br>• Висока стапка на невработеност;<br>• Невработеноста предизвикува миграција на младите луѓе во земјата и странство;<br>• Стагнација во намерите на странски и домашни инвеститори за инвестирање на капиталот;<br>• Ниски месечни примања и сл. |
| **Здравје на население** | Како најчести причини за нарушување на здравјето на населението се смета:<br>• Неадекватно и неконтролирано фрлање отпад и појава на диви депонии;<br>• Нарушен квалитет на почвите, како резултат на несоодветен третман на отпадните води и отпадот; |

| | |
|---|---|
| | • Употреба на фосилни горива;<br>• Недостаток на национални и локални податоци за здравствените ефекти од бучавата;<br>• Ниска свест кај населението за заштита на животната средина. |
| **Воздух** | Како најчести причини за нарушување на квалитетот на воздухот се издвојуваат:<br>• Недостаток на податоци за квалитет на амбиентниот воздух (мониторинг станица);<br>• Недостаток на точни и прецизни податоци за извори на емисии во воздух (Катастар на загадувачи);<br>• Изработка на планска документација без да се земе предвид ружата на ветрови што допринесува за нарушување на нормалното струење на воздухот во централното градско подрачје;<br>• Недостаток на контрола на димоводните канали и горилници и нивно одржување;<br>• Отсуство на систем за дистрибуција на природен гас и централно греење;<br>• Стар возен парк на ниво на Општината;<br>• Отсуство на контрола на квалитет на гасови од согорување кај возила;<br>• Зголемен сообраќаен метеж во туристичка сезона;<br>• Недостаток на јавен градски превоз преку целата година, а особено до плажите и приградските населби;<br>• Недостаток од мерки и активности за поттикнување и поддршка на користење енергија од обновливи извори/соларни панели;<br>• Недостаток од активности за поттикнување на примена на мерки за енергетска ефикасност на индивидуално ниво/домаќинства;<br>• Отсуство на Програма за енергетска ефикасност (во согласност со Законот за енергетика) со добиено мислење од страна на Агенцијата за енергетска ефикасност;<br>• Недостаток од национални и локални податоци за здравствени ефекти од загаден воздух. |
| **Бучава** | Идентификувани проблеми во однос на бучавата во општина Охрид:<br>• Недостаток од точни и прецизни податоци за стационарните извори на бучава на територијата на општината (Катастар на извори на бучава во животната средина);<br>• Зголемено ниво на бучава за време на туристичката сезона од угостителските објекти;<br>• Бучава од автоперални во доцните ноќни часови;<br>• Бучава од верски објекти;<br>• Недостаток од Стратешка карта на бучава за патната делница Р – 501: Охрид – Пештани – (надлежност на МЖСПП);<br>• Недостаток од Стратешка карта на бучава за крајбрежјето на Охридско Езеро во длабочина од 1,5 km (доколку бројот на жители на Општина Охрид и Струга ја надмине бројката од 130.000 односно 110.000 жители – надлежност на Општините Охрид и Струга);<br>• Недостаток на национални и локални податоци за здравствените ефекти од бучавата. |
| **Вода** | Клучни проблеми во однос на водите во општина Охрид се:<br>• Стари дотраени цевки во водоснабдителниот систем (азбест-цементни цевки 30.000 m);<br>• Голема потрошувачка на енергија за пумпање и/или препумпување на вода за водоснабдување;<br>• Недостаток на вода за водоснабдување во летниот период во Општина Охрид и во с. Лескоец, г. Лакочереј и н. м. Орман; |

| | |
|---|---|
| | • Низок степен на одржување и чистење на каналите за наводнување;<br>• Ниска свест кај граѓаните за одржување на каналите за наводнување;<br>• Недостаток од континуиран мониторинг на осцилациите на водостојот во Охридско Езеро;<br>• Недостаток од комплетен мониторинг на водата и седиментот од литорално – крајбрежната зона на Охридско Езеро, заради целосно согледување на состојбата и преземање на соодветни мерки за заштита;<br>• Отсуство на План за управување со сливот на Охридско Езеро;<br>• Незадоволителен квалитет III и IV класа на водата во Охридско Езеро на мерно место: канал Студенчишта, плажа над Грашница, плажа Сараишта, градска плажа Мизо, III класа на квалитет на водата во р. Сатеска и р. Коселска непосредно пред влив во езерото, V класа квалитет на вода на р. Велгошка (Грашница) пред влив во езерото;<br>• Отсуство на сепаратна канализациона мрежа и одведување на измешани урбани, индустриски и атмосферски отпадни води;<br>• Застарени пумпни/препумпни станици во рамките на колекторскиот систем за отпадни води околу Охридското Езеро;<br>• Нефункционалност на колекторскиот систем;<br>• Отсуство на канализациона мрежа во населените места Велестово, Г. Лакочереј, Елешец, Елшани, Љубаништа, Орман, Рамне, Трпејца, Валила, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатино;<br>• Отсуство на податоци за број на септички јами и начин на нивно одржување и чистење;<br>• Опасност од загадување на Билјанини Извори заради непостоење на канализационен систем во населбата веднаш над изворите и „пробивање“ на септичките јами;<br>• Нефункционалност на Путокс станиците за третман на отпадните води во Св. Наум, камп Градиште, камп Љубаништа, х. Бисер;<br>• Недоволен капацитет на пречистителната станица Враништа, Општина Струга и нејзина нефункционалност;<br>• Низок процент на покриеност со атмосферска канализација на Општина Охрид;<br>• Прелевање на отпадни комунални води од шахти, заради недоволен капацитет на канализационата мрежа;<br>• Континуирано загадување со комунални отпадни води на Охридско Езеро на локалитетите Сараишта, Пристаниште и Мазија;<br>• Нерегулирани корита и поплави во атарите на населените места. |
| **Почва** | Клучни проблеми во оваа област во општина Охрид се:<br>• Примена на неодржливи агротехнички и агрохемиски мерки;<br>• Несоодветно одржување на каналите и поплавување на земјиштето;<br>• Несоодветно управување со отпадни води и отпад. |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | Клучни проблеми во однос на биолошката разновидност се:<br>• Законската регулатива, која отвора простор за конфликтни одлуки кои се во спротивност со Законот за заштита на природата, Законот за води, Законот за управување со светското природно и културно наследство и други релевантни закони кои треба да го гарантираат интегритетот и одржливоста на Охридскиот регион;<br>• Низок степен на спроведување на постојните законски прописи со цел спречување на понатамошна незаконска градба во заштитените подрачја;<br>• Не донесување и непочитување на насоките од релевантни плански документи: урбанистички планови, ЛЕАП, План за управување со Светското |

| | |
|---|---|
| | природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност;<br>• Неконтролирано уништување на подрачјето на трска со сечење, палење, корнење за различни цели како добивање обработливи површини, плажи, хотелски комплекси, депонирање на земја и градежен шут итн.;<br>• Не се применуваат стандарди за планирање на зеленило по глава на жител и отсуство на систем за интегрирање на податоци во врска со зеленилото, со цел подобро донесување на соодветни мерки и одлуки;<br>• Недоволна примена на автохтони видови прилагодени на локалната клима;<br>• Користење на Охридското Езеро како акумулација за производство на електрична енергија заради што присутни се постојани осцилации на нивото на водата;<br>• Отсуство на мерки, нивно развивање и имплементација за стабилизација на водостојот во Охридското Езеро, како и редовно следење и контрола на испустот на езерските води во р. Црн Дрим, како и можноста за повторно пренасочување на р. Сатеска во р. Црн Дрим;<br>• Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се пречистуваат;<br>• Ерозивни наноси од речните сливови во езерото, особено од р. Сатеска и р. Коселска;<br>• Голем број пловни објекти во езерото, во кои горивото рачно се преточува;<br>• Голем број плажи и хотелски комплекси на/во близина на охридското крајбрежје и големиот број туристи во туристичката сезона;<br>• Зголемен сообраќај во Старото градско јадро;<br>• Голем број бесправно изградени објекти во крајбрежната заштитна зона на езерото;<br>• Марина на Охридското крајбрежје која ќе зафаќа и дел од Студенчишко Блато;<br>• Недефиниран степен на заштита и отсуство на систем за одржливо управување со споменикот на природата Студенчишко Блато;<br>• Пренамена на делови од Студенчишко Блато заради изградба на трајни и/или времени објекти, асфалтни и др. патишта, обработлива површина, одлагање на градежен шут, инертен отпад итн.;<br>• Бесправни градби во зоната на одржливо користење на НП Галичица;<br>• Одлагање на градежен шут, кабаст отпад во границите на НП Галичица;<br>• Планови за изградба на големи инфраструктурни објекти во НП Галичица, како што е изградба на експресен пат низ Националниот парк и Центар за зимски спортови во високо планинскиот дел на Паркот, туризам, селски туризам итн.;<br>• Ниска свест кај населението за значењето на НП Галичица, Студенчишко Блато и другото природно наследство;<br>• Отсуство на активностите за подигање на јавната свест за значењето и улогата на Паркот и другите заштитени подрачја во регионот насочени кон граѓаните. |
| **Управување со отпад** | • Отсуство на регионална депонија;<br>• Недостаток од база на податоци за сите видови, количини и извори на отпад што се генерира на територија на општината;<br>• Недостаток од податоци за количини на посебните видови на отпад создадени на територија на општината;<br>• Несоодветно управување со создадениот отпад;<br>• Низок степен на примарна селекција на отпадот;<br>• Низок степен на искористување на фракциите од отпадот кој може да се рециклира; |

| | |
|---|---|
| | • Недостаток на податоци за број септички јами, количина на отпадна мил и начин на постапување;<br>• Низок степен на искористување на отпадната биомаса од одржување на урбаното зеленило од паркови, скверови, парк шуми;<br>• Недоволен број садови за отпад;<br>• Постоење на диви депонии;<br>• Потреба од зајакнување на капацитетите на локално ниво за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината;<br>• Неможност на жителите од Речица, Плаќе, Завој, Рамне, Свињишта, Сирула, Скребатно и Расино да ја користат услугата на ЈП „Охридски Комуналец“;<br>• Недостаток на садови за комунален отпад во градот Охрид и руралните средини;<br>• Недостаток од организирано собирање на градежен шут, кабаст отпад и биоразградлив отпад од руралните населени места;<br>• Отсуство на собирни акции за кабаст отпад, градежен шут и зелен отпад во руралните средини;<br>• Недостаток на податоци за количини на опасен отпад кој се генерира во општината (медицински отпад, отпадни батерии и акумулатори, отпадни моторни масла, азбестен отпад);<br>• Непостоење депонија за опасен отпад на национално ниво;<br>• Недоволно финансиски средства на локално ниво за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад;<br>• Нечистотија на улиците и јавните паркови;<br>• Низок степен на еколошка свест кај граѓаните и ограничени познавања за проблемите со отпадот, потенцијални ризици од опасниот отпад и негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, природата и сл. |
| **Искористување на земјиштето и урбан развој** | • Стар ГУП на Охрид донесен во 2006 година;<br>• Усвојување на плански документи кои не го земаат во предвид јавниот интерес, одржливиот развој и важечките стандарди;<br>• Несоодветно урбанистичко планирање (без да се земе предвид потребен број паркинг места, гаражи, простор за садови за одлагање/селектирање на отпад;<br>• Недостаток од паркинг места и узурпација на сообраќајниците и зелените површини во близина на плажите;<br>• Недостаток од детални урбанистички планови за населени места и урбанистички планови за вон населени места во Општината;<br>• Неефикасност на инспекциските служби;<br>• Недоизградена патна инфраструктура во руралните средини на територија на Општина Охрид;<br>• Раскопани тротоари и неасфалтирани паркинг простори;<br>• Недостаток од пешачки и велосипедски патеки и нивна узурпација од автомобили;<br>• Недостаток од јавни тоалети во градот како и во близина на плажите на Охридското крајбрежје;<br>• Узурпација на Охридското крајбрежје со бесправни градби и нивна легализација;<br>• Узурпација на плажите на Охридското крајбрежје;<br>• Бесправни градби во НП Галичица во зоната на одржливо користење;<br>• Продолжувања на роковите за поднесување на нови барања за легализација на бесправни градби; |

| | |
|---|---|
| | • Урбанизација на слободни јавни површини, обработлива почва и нивна пренамена;<br>• Недостаток од податоци за обнова на шумската маса и нејзино користење за огревно дрво;<br>• Недостаток на зелени површини за рекреација;<br>• Неконтролирано сечење на дрвјата;<br>• Појава на шумски пожари;<br>• Голем број кучиња скитници и недостаток од стационар за згрижување;<br>• Низок степен на информираност на граѓаните, граѓанските здруженија и НВО за одржување јавни расправи за донесување на урбанистички планови или други значајни документи. |

## 5.3 Состојба во животната средина без имплементација на Стратегијата

Без имплементација на Стратегијата, состојбите со компонентите на туризмот ќе останат на сегашно ниво.

Без имплементација на Стратегијата, нема да се преземат директни акции за подобрување на состојбата со развој на туризмот во општина Охрид, односно ќе продолжат постоечките трендовите, како резултат на:

- Недефинирани цели и приоритети за подобрување на состојбите на туризмот;
- Ќе продолжат трендовите на несоодветно уредување и непланско зафаќање на крајбрежното земјиште;
- Туризмот нема да се развива како резултат на одржлив развој на природното и културното наследство, односно по принципите на УНЕСКО;
- Нема да има зголемување на приходите од туризмот;
- Нема да има подобрување на туристичката инфраструктура;
- Ќе отсуствува воспоставен современ систем на квалитет во туризмот;
- Ќе отсуствува систем за вмрежување на засегнати страни;
- Квалитетот на туристичките производи ќе остане сегашно ниво;
- Нема унапредување на руралните просторни целини.

# 6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

## 6.1 Природно наследство на Охридскиот Регион на национално ниво

Еден од механизмите и алатките за интегрална заштита на природното наследство, особено компонентите на биолошката разновидност, е воспоставувањето на заштитени подрачја. Според Законот за заштита на природата (се воспоставува систем на заштитени подрачја за заштита на биолошката разновидност во природните живеалишта, процесите кои се појавуваат во природата и абиотските карактеристики и регионалната разновидност. Со прогласувањето на заштитено подрачје, тој добива статус на природно наследство. Според Просторниот План на Република Македонија – Секторската студија за заштита на природното наследство (1999) на територијата на охридскиот регион се следните заштитени подрачја.

**Табела 12** Листа на заштитени подрачја во Охридскиот Регион

| | Група | Име на објектот | Општина | Состојба на заштита |
|---|---|---|---|---|
| 1 | НП | Галичица | Охрид, Ресен | заштитено |
| 2 | СП | Македонски даб (с. Трпејца) | Охрид | заштитено |
| 3 | СП | Охридско Езеро | Охрид, Струга | заштитено |
| 4 | СП | Платаново дрво | Охрид | заштитено |
| 6 | СП | Дувало, во близина на с. Косел (пост-вулканска појава) | Охрид | заштитено |
| 7 | СП | Пештера Самоска Дупка | Охрид | заштитено |
| 8 | СП | Острово | Охрид | заштитено |
| 9 | СП | Пештера Војла | Охрид | заштитено |

НП – национален парк

СП – споменик на природата

- **Национален Парк (НП) Галичица**

Националниот Парк Галичица е област со значајни природни вредности познати по својата убавина, богатство и биолошка разновидност.

Паркот Галичица зафаќа површина од 24.926 хектари и територијално припаѓа на општините Охрид и Ресен. Поради специфичната локација, посебните природни убавини, пејзажни и естетски вредности и исклучително богата и ендемична флора и фауна, во 1958 година, Собранието на Република Македонија ја прогласи планината Галичица за национален парк (Закон за прогласување на шумските предели на Планината Галичица за Национален парк – Службен весник на Н.Р. Македонија бр. 31/58 и измените на Законот бр. 16/65). Со Националниот Парк Галичица управува Јавната Установа Национален парк Галичица со седиште во Охрид.

Согласно Законот за заштита на природата, Националниот Парк Галичица содржи: зона на строга заштита, зона за активно управување, зона за одржливо користење и заштитна (бафер) зона. Јавната установа Национален Парк Галичица работи во согласност со план за управување со НП Галичица.

Од вкупната површина на НП Галичица на Општина Охрид и припаѓаат 15.080 ha или околу 62%, додека површина од 17.382 ha или околу 72% од територијата на Националниот парк, истовремено припаѓа и кон просторот на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, со вкупна површина од 83.350 ha.

Целите и начините на користење на НП „Галичица“ се определени со десетгодишни планови.

Според природно застапената биолошка разновидност претставува еден од најзначајните природни објекти на Балканскиот Полуостров. Во паркот се застапени

преку 1.000 видови виши растенија со присуство на голем број ендемити и реликти. Карактеристично е присуството на 15 досега откриени локални ендеми, односно видови кои се среќаваат само во границите на Паркот. На нешто помалку од 25.000 ha, се среќаваат повеќе од 35 типови живеалишта, 40 растителни заедници, околу 1.600 таксони од васкуларни растенија, над 140 видови лихеноидни габи, повеќе од 480 видови габи и преку 3.231 таксони од фауната. Богатата биолошка разновидност во Паркот има големо национално, европско и глобално значење. Од живеалишта кои се ретки или загрозени во Европа, во Паркот се среќаваат десет типови шумска, два типа грмушеста, четири типови тревеста и два типа хазмофитска вегетација. Од европско значење се и два типа на водни живеалишта и три типови на живеалишта поврзани со подземните геоморфолошки форми.

Паркот го населуваат поголем број таксони кои се среќаваат само во Р.С. Македонија или Балканот, и тоа: 46 таксони виши растенија, 89 таксони безрбетници од кои на 26 се ендемични и од ’рбетниците има 11 водоземци, 21 влекач, 260 видови птици и 51 цицач, од кои присутни се и најатрактивните: рис, мечка и дивокоза.

Претставниците на типот членконоги се најбројна група на животни во Паркот застапени со 2.721 вид, инсектите се застапени со над 2.328 видови, пеперутки со 1597 видови (ноќни, дневни и мали пеперутки) и т.н.

Посебно значење за планината Галичица имаат растителните видови кои претставуваат нејзин заштитен знак. На планината Галичица се наоѓаат класичните наоѓалишта на над 30 растителни таксони од кои најголемиот број се со валиден таксономски статус. Посебно би требало да се издвојат двата ендемични вида од родот Centaurea – C. soskae и C. galicicae, кои се со многу ограничено распространување и се развиваат по стрмните варовнички клифови кои се издигнуваат над Охридското Езеро – помеѓу манастирот "Свети Наум" и с. Пештани. Диверзитетот на габите во Паркот е претставен со над 480 видови, од кои најголем дел се макромицети кои таксономски припаѓаат на типот Basidiomycota, а помал дел на Ascomycota.

Во границите на Паркот, вклучувајќи ги извориштето Свети Наум, крајбрежјето на Охридското Езеро и Преспанско Езеро забележано е присуство на 41 видови риби. Преспанско Езеро има 11 автохтони и 12 (13) алохтони, Охридско Езеро има 21 автохтон и седум алохтони видови, а заеднички од нив за двете езера се само крап и јагула од автохтони и 6 алохтони видови. Во извориштето Свети Наум забележани се 7 видови риби: моранец, клен, охридска плашица, охридски скобуст, охридска кркушка – дујак – мренец, охридска вретенушка и пештанска пастрмка. Голем број од нив се ендемични.

Во границите на Паркот се среќаваат 10 видови од класата водоземци кои се под строга правна заштита во земјите на Европската Унија: македонскиот мрморец, жолтиот мукач, зелената крастава жаба, гаталинката, поточната жаба и горската жаба. Исто така, потврдено е присуство на 21 вид од класата влечуги (Reptilia), од кои ридската желка, блатната желка, лушпестата гуштерица, зелениот гуштер, големиот зелен гуштер се под строга заштита во Европа.

Меѓународното значење на биолошката разновидност во Паркот е потврдено со бројни номинации, како на пример: „Емералд подрачје“, „Значајно растително подрачје“, „Примарно подрачје за пеперутки“, „Светско наследство на УНЕСКО“, „Прекуграничен биосферен резерват на УНЕСКО“, а потенцијално и „НАТУРА 2000 подрачје“.

Од другите природни вредности, значајни се Стара Галичица и островот Голем Град, кои по своите севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, како и тревните тераси на Стара Галичица кои со одредени свои карактеристики се единствени или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално.




**Слика 10** Граници на НП Галичица

Извор: План за управување со Национален Парк Галичица (2021-2030)

Исто така, во рамките на повеќе меѓународни процеси и иницијативи, НП Галичица е прогласен како Значајно растително подрачје[6] и Примарно подрачје за пеперутки, категории кои немаат правен статус.

- **СП Македонски даб – с. Трпејца**

Дабовото дрво (*Quercus macedonica*) е во с.Трпејца и е најголемото дрво од ваков вид во Македонија. Неговата височина е 18 cm, а обемот на стеблото е 4,60 метри. Тоа има дендролошки и образовни цели.

- **СП Охридско Езеро**

Поради исклучителните природни вредности, првенствено изобилството на растителни и животински видови, Собранието на Социјалистичка Република Македонија во 1977 година го донесе Законот за заштита на Охридското Езеро, Преспанското Езеро и Дојранското Езеро (Службен весник на РМ "бр.45/77), со кој Охридското Езеро се прогласува за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Со својата единствена флора и фауна, Охридското Езеро претставува еден од најголемите биолошки резервати во Европа.

Тоа претставува еден од најзначајните центри на биолошка разновидност во Европа со околу 1.200 нативни видови, од кои 586 се животински видови, а околу 614 растителни видови. Посебно значајни за науката се 212 ендемични видови, од кои 182 се

[6] Иницијатива покрената во врска со Европската стратегија за зачувување на растенијата, односно Конвенцијата за биолошка разноводност ратификувана со закон за ратификација („Сл.Весник на РСМ, бр. 54/97).

животински видови. Еден дел од нив претставуваат живи фосили, речиси неизменети од времето на терциерот, како што се ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави, а од рибите охридската пастрмка и белвицата.

Најексплицитна експресија на ендемизамот во Охридското Езеро е регистрирана кај групите од бенталната фауна, каде што постојат цели еволутивни линии: пијавици (Hirudinea), ракови (Crustacea), школки (Bivalvia) и полжави (Gastropoda) и сплескани црви (Turbellaria).

Во него се населени бројни ендемски и реликтни видови на слатководна флора и фауна кои датираат од терцијарот. Ендемични видови за Охридското Езеро се: Arctodiaptomus steindachneri Rich, 1897, Cyclops ochridanus Kiefer,1931 и според Лова и Старобогатов (1982) и ларвените стадиуми од видот Dreissena (Carinodreissena) stankovici.

Охридското Езеро е старо меѓу две и три милиони години. Во неговите олиготрофни води живеат над 216 растителни и животински видови кои не постојат на ниедно друго место во светот, вклучително и алги, зооланктон, претставници на фауната на дно како плоснатите црви Turbellaria, полжави и нижи ракови, како и 21 видови риба вклучително и пет вида пастрмка. Во и околу Езерото живеат повеќе од 90 видови птици.

Во Охридското Езеро присутни се 40 видови виши водни растенија (од кои еден вид е интродуциран) и 19 видови се Charophyta, од кои еден вид е Балкански ендемит.

Особено е значаен диверзитетот на алгите од кои дијатомејските алги се со најголем диверзитет, потоа сунѓерите *Porifera* (4 видови), *Platyhelminthes* (75 видови од кои повеќе од 35 се ендемични); *Rotifera* (49), *Nematoda* (24 видови со 3 ендемити), *Oligochaeta* (36 видови од кои 17 се ендмеични) Hirudinea (24 видови од кои 12 се ендемични), Acari (43), Cladocera (31 вид со 1 ендемит), Ostracoda (52 видови со 33 ендемити), Copepoda (36 видови со 6 ендемити) Decapoda (2), Isopoda (4 видови од кои 3 се ендемични), Amphipoda (10 - 11 видови од кои 9 се ендемични), Insecta (над 100 видови), Gastropoda (72 видови од кои дури 56 се ендемични) и Bivalvia (13 видови од кои 2 се ендемични) (Hristovski et al. 2015a). Висок диверзитет и ендемизам се среќава и во рамките на ихтиофауната. Според Talevski et al. (2009) во Охридското Езеро живеат 21 автохтони и 7 интродуцирани видови риби од кои 7 (33,3%) се ендемични: Salmo ohridanus, S. aphelios, S. balcanicus, S. letnica, S. lumi, Barbatula sturanyi и Gobio ohridanus.

Крајбрежните карпестите хабитати имаат значење поради гнездењето на некои птици и присуството на ендемични растителни и животински видови (пр.: разновидниот род полжави Montenegrina). Фауната на птиците брои околу 90 видови водни птици, од кои повеќе се значајни за заштита: *Podiceps nigricollis, Mergus merganser, Fulica atra, Netta rufina, Podiceps cristatus, Phalacrocorax pygmeus, Aythya ferina* итн. (Velevski et al. 2010).

Високо значење за биолошката разновидност имаат и влажните станишта, кои егзистираат покрај самото Езеро, како што е Студенчишко Блато, остатоците од Струшкото Блато, блатата и крајречните заедници во Љубанишкото Поле и големиот број извори.

- **СП Платаново дрво**

Платановото дрво (Platanus orientalis) се наоѓа на улица “Гоце Делчев“ во Охрид. Дрвото е во добра состојба и ги има следните димензии: висина 24 метри; обемот на стеблото е 6,20 m и проекцијата на круната е 20 метри и има дендролошки и образовна намена.

- **СП Платаново дрво**

Платаново дрво (*Platanus orientalis*) кој се наоѓа во дворот на манастирот Света Богородица, на бреговите на Охридското Езеро во селото Калишта. Покрај дендролошка, има и образовна цел. Ова дрво е со најголеми димензии во Струга.

- **СП – Дувало**

Овој локалитет е активна пост-вулканска појава, а се наоѓа во близина на селото Косел во близина на Охрид. Има минијатурен кратер со дијаметар од 0,5 метри и длабочина од 30 сантиметри. Емисиите на јаглероден диоксид и сулфурниот водород се генерираат од отворениот дел, и затоа оваа појава е во исто време мофета и сулфурен извор.

- **СП – Пештера Самоска Дупка**

Се наоѓа на десната страна на долината Студино на планината Галичица (1430 метри надморска височина). Пештерата има геоморфолошко значење и претставува преципитна фосилна пештера со значително присуство на пештерски украси. Долга е 301 m.

- **СП – Острово**

Езерото Острово е посебен тип на извори – крајбрежни езера. Се наоѓа покрај брегот на Охридското Езеро, во близина на манастирот "Св. Наум", на местото каде што извираат водите на најголемиот карстен извор во Република Македонија. Должината на заезерениот дел е околу 220 m, а најголемата измерена длабочина изнесува 3,5 m.

Езерото Острово, со Охридското Езеро е поврзано преку канал со должина од околу 10 m. Во однос на Охридското Езеро, езерото Острово изгледа како "крипто депресија", бидејќи дното е повисоко, во просек за 2,94 m, од нивото на Охридското Езеро, додека површината е над нивото на водата во Охридското Езеро за 0,56 m. Големината на изворот Острово изнесува 0.342 $km^2$, а протокот во Охридското Езеро изнесува околу 11 $m^3$/sek.

- **СП – Пештера Војла**

Пештерата Војла, исто така позната како „Скалана", се наоѓа 250 метри источно од патот Охрид - Суво Поле до селото Коњско. Влезот на пештерата е на надморска височина од 1450 метри и тешко може да се забележи поради густата шума.

Вкупната должина на пештерата Војла е 37 метри. Сепак, оваа должина е неизвесна и треба да се земе со резерва. Длабочината на пештерата, од влезот до дното на најниската галерија достигнува 20 метри. Пештерата Војла е најбогатата пештера со орнаменти од сите пештери во Галичица. Пештерските украси се особено репрезентативни во второто пештерско проширување (кон исток).

- **Природна реткост**

Во општина Охрид, како природна реткост се прогласени (следните единечни стебла):

1. Чинар - на плоштадот „Чинар" во Охрид[7];
2. Чинар - Пензионерско[8];
3. Чинар – Воска[8];
4. Кочеџик во дворот на црквата „Св. Богородица Перивлепта"[9];
5. Чинар - пред зграда на црвен крст[9];
6. Чинар – во централно градско подрачје[9];
7. Чинар- Влашка Маала[9];
8. Чинар-Кошишта[9].

[7] Со решение објавено во „Службен Весник на РСВ бр. 205/19
[8] Со решение објавено во „Службен Весник на РСВ бр. 141/21
[9], Со решение објавено во „Службен Весник на РСВ бр. 143/21

- **Студенчишко** Блато

Студенчишко блато е предлог заштитено подрачје во категорија на Парк на природата, кое е ставено под привремена заштита со донесено решение кое е објавено во Службен В. на Р.М. бр. 164/21 од 19.07.2021.

Студенчишкото Блато е лоцирано во езерските седименти на Охридското Езеро, на рамничарски терен со тесен појас на распространување - од Езерото до патот Охрид - Свети Наум. Патот се јавува како геоморфолошка граница и од него теренот нагло се издигнува со големи разлики во надморската височина. На предметната локација има тригонометриска точка со кота 694,4 m, а најблиските ридови се значајно повисоки- „Вршек“ има тригонометриска точка со надморска височина од 884,0 m и „Рача“ со надморска височина од 904,0 m. Оваа нагла промена на теренот геоморфолошки е во корелација со геолошките и хидрогеолошките карактеристики на локацијата а се отсликува и во тектониката, како и количините и правецот на движење на подземните води.

Во согласност со Просторниот план на Република Македонија (2000-2020) и Студијата за природно наследство (2004) нотирана е потребата од воспоставување формална заштита на Студенчишкото блато.

Извадок од Студијата за природно наследство (2004):

**СТУДЕНЧИШТА (Охрид)** **Посебни природни резервати (предлог)**

Блатото Студенчишта претставува последен глацијален реликтен остаток на блатната вегетација во Македонија, развиен за време на периодот на плеистоценот. Во однос на флористичкиот состав тука се застапени: *Carex elata, Senecio paludosus, Rumex hydrolapathum, Ranunculus lingua*. Од фаунистички состав се среќаваат: 5 видови водоземци, 2 вида влечуги и 18 вида птици гнездилки.

Објектот има научно-истражувачко значење со посебна биолошка (ботаничка и зоолошка) намена.

**Блатото е во загрозена состојба заради**: присуство на депонија, прекината комуникација со езерото, палење и уништување на блатната вегетација и формирање на обработливи површини.

Ова е прв регистриран случај на исчезнување на една цела растителна заедница, како последица на антропогениот фактор.

МС, ИУЦН: IV

РЗ: 5, 7

Во 2011 година предлогот за Студенчишкото Блато беше ревалоризиран и беше предложена категоријата: *споменик на природата*

Заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје изработена е Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето, во 2020 година. Во согласност со валоризација на подрачјето Студенчишко Блато се предложува да добие статус на заштита во категорија IV - Парк на природата, според Законот за заштита на природата.

Граници на подрачјето се усогласени од Генералниот урбанистички план на Општина Охрид во кој веќе е назначен просторот за заштита. Во овие граници се наоѓаат највиталните делови (остатоци) од Студенчишкото Блато.

Дефинирани се три зони на заштита: зона за строга заштита, зона за активно управување и зона за одржливо користење. Најголема површина зафаќа зоната за

одржливо користење (66,11%), по што следува зоната за активно управување (25,04%) а најмала е зоната за строга заштита со само 8,85% (табела подолу).

**Табела 13** Површини на предложените зони за заштита

| Зона | Површина (ha) | Процент (%) |
|---|---|---|
| Зона за строга заштита | 5.33 | 8.85 |
| Зона за активно управување | 15.08 | 25.04 |
| Зона за одржливо користење | 39.82 | 66.11 |
| **Вкупно** | **60.23** | **100.00** |




**Слика 11** Предложени зони за заштита во заштитеното подрачје

**Флора**

**Виши растенија:** Охридското Блато "Студенчишта" е малку истражувано и покрај тоа што е дел од Охридското Езеро. Според Талевска (2005) и Talevska et al. (2009) во овие локалитети најчести се следните васкуларни хидрофити: *Potamogeton perfoliatus* L., *Stuckenia pectinata* (L.) Börner, *Potamogeeton lucens* L., *Potamogeton crispus* L., *Potamogeton acutifolius* Link., *Zannichellia palustris* L., *Myriophyllum spicatum* L., *Myriophyllum verticillatum* L., *Ceratophyllum demersum* L., *Ceratophyllum submersum* L., *Vallisneria spiralis* L., *Elodea canadensis* Rich.& Michx., *Ranunculus trichophyllus* Chaix.ex Vill., *Najas marina* L. и *Najas minor All.* Од харите (реси) се среќаваат: *Chara tomentosa* L., 1753, *Chara ohridana* (Kostic) Krause 1997, *Chara kokeilii* A.Braun 1847*, Chara intermedia* A.Br.1836 и *Nitella opaca* (Bruzelius) C.Agardh 1824 (Трајановска 2009).

**Дијатомејски алги:** Покрај научните публикации кои се однесуваат за составот и таксономијата на дијатомеите во Студенчишко блато, досега постои и прелиминарна студија за биодиверзитетот на блатниот екосистем (Спирковска и сор. 2012) во која е даден список на 89 дијатомејски таксони.

Во текот на новите истражувања на Студенчишкото Блато се утврдени вкупно 106 дијатомејски таксони. Видовиот состав е претставен со две големи групи таксони: 1) космополитски (широко распространети во Северна Македонија и Европа) и 2) ендемични (карактеристични за сливно подрачје на Охридско Езеро) видови.

**Фауна**

**Инвертебрати:** Фауната на Студенчишкото Блато и фауната на Охридското Езеро значително се разликуваат бидејќи крајбрежните видови слабо пенетрираат во езерскиот екосистем на Охридското Езеро (Смиљков и Шапкарев 1998). Заедничките видови за Охридското Езеро и крајбрежните води околу Езерото изнесува 16% за гастроподната фауна, 20% за трикладидната фауна (Stanković & Radoman (1955): во Смиљков и Шапкарев 1998), 35% за олигохетната фауна (Шапкарев 1966) и 22,5% за хирономидите (Смиљков и Шапкарев 1998).

**Вилински коњчиња:** Од литературните податоци (Филевска 1954; Peters & Hackethal 1986; Jović & Mihajlova 2009) и теренски истражувања за Студенчишкото Блато може да се наведат 34 видови вилини коњчиња.

**Дневни пеперутки (Lepidoptera)**: Влажните ливади и блатните станишта се местата каде се среќаваат најголемиот број на дневните пеперутки. Како основен фактор кој го задоволуваат овие станишта е диверзитетот на растенија кои се достапни во текот на поголемиот дел од животен циклус на пеперутките. Иако е преостанат само мал дел од некогашното блато, Студенчишта изобилува со видово разнообразие. Според UTM картите на Шајдер и Јакшич (Scheider & Jakšić, 1989), во Охридскиот Регион преку целата година можат да се сретнат 138 видови на дневни пеперутки, што претставува 68% од вкупниот број на видови во Македонија.

**Тркачи (Coleoptera, Carabidae):** Единствените досега објавени податоци за фауната на Студенчишко Блато може да се најдат кај Христовски (2007) и Hristovski & Gueorguiev (2015). Во овие трудови се наведени податоци за видови собрани со теренските истражувања на Студенчишкото Блато и од ревизијата на збирката во Народниот музеј во Струга (збирка на Н. Незлобински). Од спроведените истражувања и литературните извори може да се претстави следниот список на видови од фамилијата на тркачите (Coleoptera, Carabidae) кој содржи 46 видови.

**Акватични микроинвертебрати:** Во истражуваните локалитети се пронајдени претставници од сите групи кои се предмет на истражувањето (Rotifera, Cladocera, Copepoda и Ostracoda).

Најголемо видово разнообразие се јавува кај ротиферите, што е и очекувано, со оглед на бројот на видови кои се евидентирани во литоралниот појас на Езерото (Tasevska *et al*., 2019), како и големата способност за (ре)колонизација и распространување на ротиферите кои и вообичаено покажуваат висок диверзитет во слатководните екосистеми (Serafim *et al.*, 2003; Segers, 2008). Констатирано е присуство на повеќе од 10 бентосни и фитофилни видови, но секако оваа бројка е многу поголема и само со детална анализа можат да бидат дадени попрецизни податоци.

По однос на типот на живеалиштето, најголем број видови се констатирани во каналот под Хидробиолошки завод, кој е своевиден ракавец од Студенчишкиот канал, со мирна, скоро стоечка вода. Делот каде што е колекциониран материјалот е обраснат со водна вегетација каде се овозможува напластување на тињест материјал и детритус кој произлегува претежно од распаднатите делови на крајбрежните растенија.

**Акватични макроинвертебрати:** Во Биљанините Извори живеат пет видови хирономиди. 10 видови еднодневки од фамилијата Baëtidae (Ephemeroptera). За изворите, во близина на Студенчишкото Блато, се познати девет видови планарии (Plathelminthes, Turbelaria, Tricladida). За Студенчишкото Блато и неговите извори од кои се полни (или се полнело) се наведуваат 7 видови на дождовни црви.

**Риби:** Во Студенчишкото Блато и Студенчишкиот Канал се сречаваат 15 видови на риби, кои доаѓаат зараби исхрана, презимување и размножување.

**Водоземци и влекачи:** Од претставниците на Водоземците се присутни најмалку девет видови, а од претставниците на Влекачите најмалку осум видови.

**Птици:** Вкупниот број на видови е релативно голем (79 видови од 32 фамилии, меѓу кои и видови кои еколошки не се поврзани со блатото и случајни видови кои се среќаваат во зимскиот период), тие се среќаваат во мал број единки или двојки, и од тој аспект, споредено со значењето на Охридското Езеро како меѓународно признен значаен орнитолошки локалитет од светско значење, Блатото денес има само минимално значење за заштитата на птиците. Најголемиот број видови (31) се станарки, 19 се транзиторни, 18 се зимски гости, само 8 се преселни гнездилки и 3 вида се случајни, односно доаѓаат нередовно.

**Цицачи:** Најзначајно е присуството на видрата (*Lutra lutra*), а веројатно се присутни и повеќе видови глодари (без конзервациско значење), лисицата (*Vulpes vulpes*), творот (*Mustela putorius*), куната белка (*Martes foina*) и други.

**<u>Фитоценози (растителни заедници)</u>**

**Блатна и мочуришна вегетација:** Според Мицевски (1963) во Македонија се среќавале 10 блатни заедници. На просторот на Студенчишкото Блато се познати вкупно пет блатни заедници:

Класа PHRAGMITETEA Tx. et Preis. 1942

ред Phragmitetalia eurosibirica W. Koch 1926

сојуз Phragmition

асоцијација **Scirpeto-Phragmitetum W. Koch 1926**

асоцијација **Oenantheto-Roripetum Lohm. 1950**

сојуз Sparganio-Glycerion Br.-Bl. et Siss. 1942

асоцијација **Sparganio-Glycerietum fluitantis Br.-Bl. 1925**

сојуз Magnocaricion W. Koch 1926

асоцијација **Caricetum elatae W. Koch 1926**

субасоцијација lysimachietosum Mic. 1959

асоцијација **Cyperetum longi** Mic. 1957

**Вегетација на влажни ливади:**

Класа MOLINIO-ARRHENATHERETEA Br.-Bl. et Tx. 1943

ред Trifolio-Hordeetalia H-ić 1963

сојуз Trifolion resupinati Mic. 1957

асоцијација **Trifolietum nigrescentis-subterranei Mic. 1957**

**Екосистеми и живеалишта:** Од описот на растителните заедници лесно може да се издвојат типовите хабитати кои се среќаваат во Студенчишкото Блато. Од природните и полуприродните хабитати тука се среќаваат алкални блата, мочуришта и влажни ливади, а од антропогените: овоштарници, ниви, градини, куќи и инфраструктурни објекти.

**Табела 14** Преглед на хабитатите во Студенчишкото Блато

| Хабитат | Директива за живеалишта на ЕУ | Палеарктичка класификација | Заедници |
|---|---|---|---|
| **Алкални блата** | 7230 Alkaline fens | PAL.CLASS.: 54.2 | *Scirpeto-Phragmitetum*<br>*Oenantheto-Roripetum*<br>*Caricetum elatae*<br>*Cyperetum longi* |
| **Мочиришта** | 3150 Natural eutrophic lakes with Magnopotamion or Hydrocharition - type vegetation | PAL.CLASS.: 22.13 x (22.41 or 22.421) 1) | *Scirpeto-Phragmitetum*<br>*Spargano-Glycerietum fluitantis* |
| **Влажни ливади** | | | *Trifolietum nigrescentis-subterranei* |
| **Овоштарници** | / | | / |
| **Ниви** | / | | / |
| **Градини** | / | | / |
| **Инфраструктурни објекти** | / | | / |

## 6.2 Светско наследство на Охридскиот Регион

Конвенцијата за Светско Наследство (UNESCO) дефинира два различни типа на светско наследство: природно и културно наследство.

Конвенцијата индицира дека делови од културното или природното наследство се од исклучителен интерес и затоа треба да се зачуваат како дел од светското наследство на човештвото во целина.

Добиениот статус подразбира и одговорност и обврска за целата општествена заедница да ги заштити и зачува универзалните вредности, кои се глобално признаени и потврдени.

Заради докажаните вредности, Охридското Езеро и неговата околина биле под правна заштита од страна на Отоманската империја до 1912 година, а потоа и под законска заштита на Кралството Југославија во периодот од 1912 до 1914 година. Првата одлука за заштита на Охридското Езеро, по Втората светска војна, била направена во 1944 година. Понатаму, во 1963 година, Државниот завод за заштита на спомениците на културата со донесувањето на Одлуката бр. 08-267, ја укинал претходната одлука и го навела Езерото во категоријата заштита на "споменик на природата"

Во 1977 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе Закон за заштита на Охридското Езеро, Преспанското Езеро и Дојранското Езеро ("Службен весник на С. Р. Македонија" бр. 45/77), според кој Охридското Езеро било прогласено за заштитено подрачје во категоријата "споменик на природата", со површина од 200 $km^2$. Ова е трета категорија на заштитено подрачје во согласност со критериумите на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) и категоризација на заштитените подрачја, согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18).

Сите горенаведени карактеристики одиграле значајна улога во вклучувањето на Охридското Езеро во Списокот на светско културно наследство на УНЕСКО, под наслов: "Охридскиот регион со своите културно-историски аспекти и неговата природна средина", под број МК-99; во 1979 година како природно наследство, а во 1980 година - поради неговите културни вредности - како културно наследство.

Во 1979 година, UNESCO Комитетот одлучи да го запише Охридското Езеро на листата на светско наследство според природни критериуми (iii) (vii). Во 1980 година, ова подрачје беше проширено и вклучено како културното и историското подрачје, а културните критериуми (i) (iii) (iv) беа додадени, па така на списокот на светското наследство подрачјето беше запишано како "Природно и културно наследство на Охридскиот регион", односно како "комбинирано подрачје".

- **Критериум I – Културно добро што е ремек-дело на човечкиот творечки гениј.**
- **Критериум III – да носи единствено или барем исклучително сведоштво за културна традиција или за цивилизација што живее или која исчезнала;**
- **Критериум IV – да биде извонреден пример за тип на градба, архитектонски или технолошки ансамбл или пејзаж кој илустрира значајна (и) фаза (и) во човечката историја**
- **Критериум VII - да содржи суперлативни природни феномени или области со исклучителна природна убавина и естетска важност**

Зачувуваноста на Охридското Езеро, кое датира од предглацијалните времиња е суперлативен природен феномен. Како резултат на својата географска изолација и непрекината биолошка активност, Охридското Езеро обезбедува единствено засолниште за бројни ендемични и реликтни слатководни видови на флора и фауна. Неговите олиготрофни води содржат повеќе од 200 ендемични видови, со високо ниво на ендемизам особено за бентосните видови, вклучувајќи ги алгите, дијатомите, турбеларните плочести црви, полжави, ракови и 7 ендемични видови риби. Регионот на Охридското Езеро, исто така, има богат орнитофауна.




**Слика 12** Граници на Природното и културно наследство на Охридскиот Регион

Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020 - 2029)

## 6.3 Прекуграничен Биосферен резерват Охрид – Преспа

Охридско-преспанскиот регион во октомври 2014 година во Корча, Албанија, беше прогласен за прекуграничен биосферен резерват. Сертификатот за прогласување на прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа беше предаден од претставници на УНЕСКО.

Овој прекуграничен резерват се наоѓа помеѓу Република Албанија и Република Македонија. Областа е комбинација од водни површини, обиколени со планински релјефи, додека рамните области се граничат со надворешните граници на териториите што се протегаат низ двете земји.




**Слика 13** Прекуграничен Биосферен резерват Охрид – Преспа

Извор: Студија за валоризација на Студенчишко Блато,2020

Еколошки карактеристики: Охридско – Преспанскиот прекуграничен биосферен резерват вклучува значајни разлики во смисла на еколошки системи, почнувајќи од планинските области околу трите езера, до умерено суп-тропските шуми, пронајдени на пониски места околу водотеците. Заедно, системот на Охридското и Преспанското Езеро е еден од најголемите во Европа од ваков вид. Двете езера се од посебна вредност на национално и меѓународно ниво поради нивната геолошка и биолошка посебност. Охридското Езеро е познато по повеќе од двесте ендемични видови, од групи како што се дијатомеи, олигохети, пијавици, порфери, трикладид, мекотели, остракоди и риби. Пет од ендемичните видови се ограничени, дури и во рамките на езерото на микро-екосистеми. Десет од 17-те видови на риби ендемични, вклучувајќи ги Охридската Пастрмка (Salmo letnica) и белвицата (acantolingua ohridana).

Постои, исто така, уникатна и ендемична шумска заедница ass. Pinetum peuces, пеонски шуми со грчка фоја, шуми од Хелено – моезиски *quercus frainetto* и југо – западни елово – букови шуми. Преспанскиот регион е домаќин на оригиналните биотопи од витално значење за зачувување, како што се големите листопадни шуми од *Ostryo-Carpinion orientalis,* предели со зимзелени грмушки, зимзелени шуми, кои се состојат од 12 m високи *Juniperus foetidissima* и *Juniperous excelsa* и важните ендемични растителни видови во Езерани.

Цицачите претставуваат втора најважна група на видови, чија заштита е од суштинско значење за прекуграничниот биосферен резерват, а ги вклучуваат *Talpa stankovici* (Балкански крт), *Lynx lynx martinoi* (Балкански рис), *Canis lupus* (сив волк), *Ursus arctos* (кафеава мечка) и др. Балканскиот рис е исклучително редок вид со многу висока симболична вредност. Што се однесува до видовите на птици, Далматинскиот пеликан (*Pelecanus crispus)* е водечки вид. Во Преспанскиот регион има над 260 видови птици, што претставува повеќе од половина од видовите птици во Европа, од кои 140 се гнездат во оваа област.

Социо – економски карактеристики: Проценетата бројност на популација во целиот прекуграничен биосферен резерват е 455.000 жители, кои населуваат област со културни, етнички и верски разлики. Населените места се само во транзиционите области и тие згрижуваат заедници кои се релативно стабилни од демографска гледна точка, но некои од нив (особено Охрид и Струга на брегот на Охридското Езеро од Македонска страна и Поградец на Албанска страна) значително се зголемуваат во текот на туристичките сезони.

Земјоделскиот сектор претставува најважен развојен сектор во целиот прекуграничен биосферен резерват. Во многу области, традиционалните земјоделски практики базирани на семејни фарми се заменети со поинтензивни системи за одгледување (на пример, одгледување на овошје во околината на Ресен, во Република Македонија и интензивно земјоделство во Корча, во Албанија). Шумските активности се исто така релевантни во планинските области. Сточарството е уште една важна земјоделска активност во Охрид-Преспа, при што локалните сточари (и во Албанија и во Република Македонија), очекуваат да ја подобрат структурата на видовите, условите за размножување и да ги спроведат потребните технички зоолошки мерки за сите видови добиток со цел зголемување на сточарското производство.

Туризмот претставува клучен развоен сектор за целиот прекуграничен биосферен резерват, при што во градот Охрид скоро секој жител е домаќин на околу 6 пати повеќе туристи за време на сезоната. Градот има намера да поттикне создавање пакети за еко-туризам како средство за намалување на трошењето на природните ресурси од туристите.

Риболовот е уште една клучна активност со релевантни еколошки и економски влијанија врз рамките на биосферниот резерват. Други приходи доаѓаат од собирање шишарки за декоративни цели, продажба на лековити растенија од алпските пасишта на меѓународни пазари и продажба на шумски плодови, како што се печурки и бобинки.

## 6.4 Значајни подрачја за птици

**Охридско Езеро, IBA код:** MK005, **Критериум:** A4iii, B1i, B2, **Површина:** 24,736 ha

Лоциран во југо-западниот дел на Република Македонија, го вклучува Охридското Езеро, следејќи ја бреговата линија и државната граница со Република Албанија, која поминува преку површината на Езерото. Подрачјето е во непосредна близина на локацијата на Албанската IBA „Охридско Езеро“(AL002).

Бреговата линија на Езерото е полигенична, со лимноген брег (од езерски седименти) кој се наоѓа на север. Кај Љубаништа и Св. Наум се среќава потамоген брег, додека западните падини на планината Галичица се од тектогенско и абразивно потекло, со карактеристични клифови. На крајбрежјето доминираат тријаски варовници. Езерото е тектонско, старо околу 3 милиони години, со максимална длабочина од 286 m.

Вкупниот број на презимувачки водни птици на површината на езерото (само македонскиот дел) била помеѓу 79.000 единки во 1989 година (Wetlands International in litt.) и 24.000 единки во 1997 година (Fremuth et al., 2000) но само 10.000 и 17.000 се изброени за 2010 и 2011 година, соодветно (МЕД необј.). Најброен вид е Лиската, после

која следуваат Црвеноглавиот кожувар, Патка превез, Цуцулеста патка, и Големо штипче.

Мицевски во текот на истражувањата во 2000-та година ги идентификувал значајните видови во текот на периодот за размножување: Малиот Корморан со околу 50-100 пара (Мицевски 2003), кој го исполнил и критериумот B1 и само во 1989 и 2002 година (Мицевски 1996, Wetlands International во litt.) и Големиот Северен Нуркач, кој најверојатно се размножувал овде во 2006 година, додека Кокалјката (Големиот Нуркач) се смета за една од најчестите птици кои се размножуваат во Езерото.




**Слика 14** Мапа на Значајно подрачје за птици Охридско Езеро

Северниот, плиток дел од езерото, е од најголемо значење за презимување на водните птици (Мичевски, 1996) со тоа што Црвеноглавиот кожувар и Патка превез се најзастапени, што се објаснува со присуството на екстензивни површини со трска, подводна вегетација од Chara и прилив на хранливи материи од реката Сатеска. Езерото претставува поголем дел од подрачјето. Клифовите, по должината на западната и особено источната крајбрежје, исто така се дел од подрачјето. Најголеми површини со трска се наоѓаат на северниот брег од Езерото, но мали површини со трска можат да се најдат по должина на целиот брег.

### 6.5 Значајни подрачја за растенија (ЗПР)

Подрачјето “Охридско Езеро“ се простира во југозападниот дел на Македонија. Административно припаѓа на општините Охрид и Струга, а сосема мал дел од крајбрежјето на Охридското Езеро припаѓа на општината Дебарца. Се протега на надморска височина од околу 700 m. Само дел од ова ЗПР, односно Охридското Езеро е во рамките на Споменикот на Природата “Охридско Езеро“. Останатиот дел од крајбрежјето, со остатоците од блатните живеалишта, не е под никаков режим на заштита. Најзначајни живеалишта на ова ЗПР се остатоците од блатата и мочуриштата, но и литоралниот дел од езерото со појасот на трската.




**Слика 15** Значајно растително подрачје Охридско Езеро

ЗПР "Охридско Езеро" вклучува 4 вида според критериумот А, од кои 1 е A(ii), 2 се A(iii) и еден припаѓа на A(iv). Особено значајни живеалишта во европски контекст (кој го задоволуваат критериумот С) според ЕУНИС класификацијата се: C1.25 (C2), C1.221 (C2), C1.224 (C2) и D4.1B (C2).

## 6.6 Еколошки мрежи

### 6.6.1.1 Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН)

Изработената карта на МАК-НЕН вклучува 13 јадрови подрачја (клучни за одржување стабилна популација на мечката), 26 коридори (12 линиски, 11 пределски и 3 коридори со премини), а определени се и заштитни појаси околу повеќето јадрови подрачја со различна широчина во зависност од природните релјефни карактеристики и влијанието на човекот, како и повеќе подрачја за ревитализација. Исто така, беа идентификувани дваесет и три потенцијални „тесни грла" главно поврзани со развојот на сообраќајната и енергетската инфраструктура, кои во иднина би можеле да прераснат во непремостлива бариера за движење на крупните ѕверови.

Клучно јадрово подрачје во општина Охрид е планината Галичица.




**Слика 16** Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН)

#### 6.6.1.2 Емералд мрежа/Натура 2000

Емерад мрежата претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се развива на територијата на земјите членки на Бернска конвенција. Главниот мотив за развивањето на оваа мрежа е да даде придонес кон еколошката мрежа Натура 2000 во земјите кои не се членки на Европската унија, користејќи што е можно посличен методолошки пристап. Активностите за развој на националната Емералд мрежа во Република Македонија започнаа уште во 2002 година, а целосната идентификација заврши во 2008 година. Вкупно 35 подрачја се вклучени во националната Емералд мрежата кои зафаќаат вкупна површина од 752,223 ha, што претставува околу 29% од територијата на Република Македонија (МЖСПП 2008). Дваесет од овие подрачја се наоѓаат во алпскиот биогеографски регион (западна Македонија), а останатите 15 во континенталниот регион (источна Македонија). Дванаесет Емералд подрачја се целосно, а две други делумно заштитени на национално ниво во рамките на постојните заштитени подрачја, додека останатите се надвор од мрежата на заштитени подрачја. Во општина Охрид, Емералд подрачје се идентификувани: Охридското Езеро и Галичица.




**Слика 17** Национална Емералд мрежа (2011 ГЕФ/УНДП/МЖСПП проект „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија“

### 6.6.2 Балкански зелен појас

Република Македонија е дел од Балканскиот зелен појас, заедно со Романија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Грција, Албанија и Турција, кои иако не биле директно зафатени од студената војна, исто така, биле чувани под строга контрола, така што пограничните подрачја биле изолирани предели со природни зачувани живеалишта без човекови активности. Зелениот појас во Македонија се протега долж трите државни граници кон Бугарија, Грција и Албанија, со различна ширина, и зафаќа површина од 5125 km$^2$ (околу 20% од територијата на земјата). Во него се опфатени 11 заштитени подрачја (трите национални паркови, трите природни езера и други пониски категории заштитени

подрачја) и повеќе предложени подрачја за заштита. Во рамки на оваа иницијатива во изминатите години беа реализирани неколку проектни активности поврзани со валоризација и изработка на предлог за заштита на неколку подрачја вклучени во Балканскиот зелен појас-Осоговските Планини и Јабланица. Во 2013 година, Заедничката декларација за намера за Европскиот зелен појас беше потпишана од страна на МЖСПП.

Охридскиот регион лоциран во пограничен појас, се вклучува во Балканскиот зелен појас преку Охридското Езеро и планина Галицица.




**Слика 18** Карта на Балкански зелен појас во Република Македонија (МЖСПП 2004)

## 6.7 Предел

Предел е топографски дефинирана територија што се состои од карактеристичен мозаик од меѓусебно зависни типови екосистеми коишто би можеле да бидат или биле предмет на специфични човекови активности. Пределот главно се дефинира како парче земјиште што може да се опфати со еден поглед. Тоа е хетерогено и динамично ниво на организација на еколошките системи. Нивото на развој на пределот е под влијание на природни и/или антропогени фактори или комбинација од двата. Еден пределски тип може да поседува целосно природни карактеристики или пак да биде целосно изменет од човекот и да не опфаќа ниту еден природен екосистем. Затоа токму пределот е ниво на еколошка организација што ги вклучува луѓето и нивните активности во еколошките системи. Преку пределот се проучува функционирањето на односите човек - природа и се дефинираат причините за моменталниот изглед и распоред на екосистемите во просторот.




**Слика 19** Пределски типови во општина Охрид

Извор: Национална стратегија за заштита на природата, 2016 год.

Валоризација на пределите може да се дефинира како процес на „утврдување на важноста на одреден предел или пределна карактеристика, преку повикување на специфицирани критериуми за вредност.

Валоризација на урбаниот предел во Македонија согласно критериумите е прикажан во следната табела.

| **Пределски типови** | **Состојба** | **Вредност – биолошка разновидност** | **Вредност - културна** | **Сензитивност** | **Конективност** | **Уникатност во МК** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охридски предел | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 13 |
| Урбан предел | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Ридест рурален предел | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 12 |
| Предел на термофилни деградирани шуми | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 8 |
| Предел на високопланински пасишта на карбонатна подлога | 2 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 15 |

## 6.8 Атрибути на исклучителната универзална вредност во согласност со Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)

Охридското Езеро е најстаро езеро во Европа, опкружено со древни патишта и населби кои опстојуваат низ историјата. Природната и културната историја во ова посебно место се испреплетувале низ времето, создавајќи исклучително наследство со специфики кои го вбројуваат во светското наследство и како такво треба да се зачува и пренесе на идните генерации.

Регион на Охридското Езеро

Охридското Езеро е лоцирано на 683 m н.в.

Опкружено е со високи планински венци на исток и на запад кои достигнуваат надморска височина од околу 2250 m.

Има максимална длабочина од 288,7 m и просечна длабочина од 155 m.

Тоа е едно од езерата со најголем волумен во Европа; има вкупна водна површина од 358 $km^2$, од кои околу две третини се лоцирани во Македонија и околу една третина во Албанија.

Површината на неговиот непосреден слив изнесува 1129 km, додека ефективната површина на сливот го вклучува и сливот на Преспанското Езеро, поради подземната врска низ карстот.

Пронајдени се преку 1400 автохтони вида, вклучувајќи и околу 300 вида кои се ендемски за Охридското Езеро.

Градот Охрид е една од најстарите човекови населби во Европа; претставува ретко архитектонско и уметничко достигнување и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности.

Градот Струга живее на брегот од Охридското Езеро и на бреговите на реката Црни Дрим, која како природен феномен истекува од Езерото; има археолошки наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период.

Крајбрежните населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта) сведочат за традицијата, руралната архитектура и претставуваат исклучителен културен предел во кој објектите се во хармонија со морфологијата на теренот, вегетацијата и воденото огледало на езерото.

# 7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развојот, од една страна и заштита на животната средина од друга страна.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Исто така, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но тоа е исто така, обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирано право на граѓаните (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, Република Северна Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина и природата во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Последно, но не и најмалку важно, е зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и на почвата;

- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Република Македонија ги има ратификувано.

Прашањата за заштита на природата, обезбедувањето чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени предвид при изработка на Извештајот за стратегиска оцена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.

Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Република Северна Македонија, како и други меѓународни документи, поврзани со заштита на животната средина/природа се:

- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/05);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) („Службен лист на СФРЈ" бр. 9/77);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/99 и 13/02);
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/97);
- Париска Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство („Службен лист на СФРЈ" бр. 56/74);
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк) („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/97) и Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/04);
- Еспо Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99);

- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/99);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/02).

## 7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на заштита на животната средина се изразени преку целите на стратегиската оцена на животната средина. Целите на Стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: население, здравјето на населението, биолошката разновидност, пределот, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра и интеракцијата помеѓу нив.

**Табела 15** Поврзаност на целите на СОЖС со целите на Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид

| СОЖС област | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | Поврзаност на целите на СОЖС со целите и насоките на Стратегијата | Индикатори на СОЖС |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на луѓето** | *Унапредување на животните услови на населението* | - Подобрување и заштита на здравјето на луѓето;<br>- Подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | - Да се подигне јавната свест за значењето на природните и културните вредности и можноста за нивно вклучување во туристичката понуда, со цел поттикнување на туризмот;<br>- Промоција на светското културно и природно наследство;<br>- Вмрежување и регистрирање на засегнатите страни (даватели на услуги);<br>- Одржливо користење на природното и културното наследство;<br>- Вклученост на локалното население во процесот на креирање на политики, давање на услуги и производи;<br>- Програма за подобрување на инвестициска клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот;<br>- План за порамномерна распределба на приходите од туризмот;<br>- План за надминување на проблемите во услови на изразита сезоналност;<br>- Студија за воспоствување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и | - Зголемена јавна свест и ставови на населението за природните и културните вредности и нивното значење за туризмот;<br>- Број на промоции на Светското културно и природно наследство во Охрид;<br>- Изработен е регистар на даватели на услуги;<br>- Број на изработени планови, програми и стратегии за одржливо користење на природните ресурси;<br>- Број на одржани јавни расправи/ консултации во кои е вклучено локалното население;<br>- Изработена е Програма за подобрување на инвестициска клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот;<br>- Изработен е План за порамномерна распределба на приходите од туризмот;<br>- Изработен е План за надминување на проблемите во услови на изразита сезоналност;<br>- Направена е промоција на локалните производи;<br>- Ценовната политика е унапредена; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | вода) во пандемиски услови и други вонредни состојби<br>- Промоција на локални производи;<br>- Унапредување на ценовната политика;<br>- Унапредување на руралните средини<br>- Програма за поддршка на локалната заедница во услови на пандемија и т.н. | - Обезбедени финансиски средства за унапредување на руралните средини;<br>- Изработена е Програма за поддршка на локалната заедница во услови на пандемија и т.н. |
| **Природно наследство, Биолошка разновидност, предел,** | *Заштита и унапредување на компонентите на природата (биолошка разновидност, предел и т.н.)* | - Зголемување на јавната свест за вредностите на компонентите на природата, одрживото користење и придобивките од искористување на истите;<br>- Одржување и подобрување на состојбата на компонентите на природата преку заштита на подрачјата значајни со биолошка разновидност; екосистемите/живеалиштата, видовите, генетската разновидност, подрачјата кои располагаат со значајна пределска и геолошка вредност;<br>- Подобрување на постојните деградирани компоненти на природата и нивна ревитализација;<br>- Намалување на притисоците и заканите врз компонентите на природата;<br>- Интегрирање на компонентите на природата | - Изработка на програма за спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во функција на туризмот;<br>- Едукација и подигање на јавната свест на населението;<br>- Донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот;<br>- Уредување на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато - 2020);<br>- Донесување на УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила;<br>- Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и | - Имплементирана е програма за спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во функција на туризмот;<br>- Број на организирани едукации, кампањи, едукативни програми;<br>- Усвоена е УПД за за уредување на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато - 2020);<br>- Усвоена е УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила;<br>- Изработена е студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Изработена е физибилити студија за уредување и опремување на постојните и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во општите и секторските политики на државата;<br>- Воспоставување на комплексен мониторинг на компонентите на природата. | нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам;<br>- Воспоставување на систем на пловила на одржлив погон и тн. | нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Изработена е Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам;<br>- Воспоставен е систем на пловила на одржлив погон и т.н. |
| **Вода** | *Заштита и унапредување на состојбата со водите* | - Одрживо управување и користење на водните ресурси;<br>- Заштита, зачувување и подобрување на состојбата на крајбрежното земјиште, водните екосистеми и на екосистемите зависни од вода;<br>- Намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите;<br>- Зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите. | - Воспоставување на систем на пловила на одржлив погон;<br>- Подготовка на Програма за контрола на водни спортови;<br>- Подготовка на Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот;<br>- Уредување на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација за Студенчишко Блато 2020 год.);<br>- Донесување на УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила;<br>- Подготовка на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Подготовка на Студија за примена на добри меѓународни практики за | - Воспоставен е систем на пловила на одржлив погон е воспоставен;<br>- Изработена е програма за контрола на водни спортови;<br>- Плажите се уредени по препораки на УНЕСКО, во согласност со Законот за води, Законот за заштита на природата, Планот за управување со светското природно и културно наследство и идниот План за управување на Спомеником на природа-Охридско Езеро;<br>- Усвоена е УПД за Студенчишко Блато и каналот;<br>- Студенчишко блато е уредено во согласност со Законот за негова заштита и Планот за управување;<br>- Усвоена е УПД за локација за марина и приврзување на возила;<br>- Изработена е студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам и тн. | туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Изработена е Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам и тн. |
| **Почва** | *Заштита и подобрување на состојбата и квалитетот на почвата* | - Заштита на геолошките и геоморфолошките вредности на почвата;<br>- Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност;<br>- Заштита од загадување. | - Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Уредување на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато - 2020);<br>- Подготовка на Студија за можностите за користење на отворени простори, локалитети и објекти во согласност со стандардите и препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион; | - Плажите се уредени по препораки на УНЕСКО, во согласност со Законот за води, Законот за заштита на природата, Планот за управување со светското природно и културно наследство и идниот План за управување на Споменикот на природа-Охридско Езеро;<br>- Студенчишко блато е уредено во согласност со Законот за негова заштита и Планот за управување;<br>- Изработена е Студија за можностите за користење на отворени простори, локалитети и објекти во согласност со стандардите и препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Воздух и климатски промени** | *Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови* | - Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот;<br>- Ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат природните системи;<br>- Ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздухот;<br>- Намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемено искористување на обновливи извори на енергија;<br>- Намалување на причините и последиците од климатските промени. | - Трасирање и приспособување на пешачки и велосипедски патеки;<br>- Подготовка на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Воспоставување на систем на пловила на одржлив погон;<br>- План за управување со паркинг простори и тн. | - Нема надминување на граничните вредности на загадувачките материи во амбиентниот воздух;<br>- Број на изградени пешачки и велосипедски патеки;<br>- Изработена е Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Воспоставен е систем на пловила на одржлив погон;<br>- Изработен и имплементиран е план за управување со паркинг простори и тн. |
| **Материјални добра** | *Заштита на материјалните добра* | - Одржливо управување со отпадот;<br>- Изградба, заштита и подобрување или санација на системите за водоснабдување, третман на отпадни води;<br>- Подобрување и ефикасно користење на постојната транспортна инфраструктура;<br>- Поставување на инфраструктура на локации кои не располагаат со значајни природни вредности. | - Подготовка на Програма на стандарди за квалитет на сообраќајната инфраструктура во функција на туризмот;<br>- Подготовка на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Сигнализација на пристапноста до туристички локалитети и др. | - Изработена е Програма на стандарди за квалитет на сообраќајната инфраструктура во функција на туризмот;<br>- Изработена е студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Тренд на контролирана урбанизација,<br>- Тренд на имплементирани мерки за подобрување на состојбата на компонентите на природното и културното наследство;<br>- Број на сигнализирани пристапи до туристички локалитети и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Културно наследство** | *Заштита и унапредување на културното наследство* | - Зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети. | - Донесување на програма за спроведување на Планот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион во функција на туризмот;<br>- Подготовка на Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство;<br>- Промоција на Охрид како светско и природно културно наследство;<br>- Подигнување на јавната свест за значењето на природните и културните вредности. | - Програма за спроведување на Планот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион во функција на туризмот е изработена;<br>- Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство е изработена,<br>- Број на промоции на Охрид како светско и природно културно наследство;<br>- Зголемена јавна свест и ставови на населението за природните и културните вредност. |

# 8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина.

Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид содржи точно дефинирани цели од кои произлегуваат конкретни мерки, односно акции кои треба да се реализираат во периодот од 2020-2025 година.

Во Стратегијата не се разгледувани алтернативни решенија, туку предложените активности се базираат на утврдените недостатоци, трендови, состојби и закани врз развојот на туризмот и истите се усогласени со стратешки цели за развој на туризмот, дефинирани на меѓународно ниво, како и целите, потребите и барањата на национално и локално ниво.

Како резултат на погоре наведеното, во ова поглавје се разгледуваат две алтернативи, односно состојби без и со имплементација на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

***<u>Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Стратегијата за развој на туризмот на Охрид</u>***

Без имплементација на Стратегијата состојбите со туризмот и понатаму ќе останат на сегашното ниво, без воспоставени механизми за надминување на недостатоците и заканите за негов развој, без точно дефинирани активности, начин на обезбедување финансиски средства, делегирање одговорности, временска рамка за реализација на активноста и сл.

Без имплементација на Стратегијата ќе постои недостатокот од информации, знаење и свесност за вредноста и можностите за развој на туризмот што ќе води кон непреземање соодветни мерки за подобрување на состојбата со туризмот.

Во отсуство на Стратегија, туризмот нема да се развива во насока на одржливо управување со природното и културното наследство.

Разгледувано од социо-економски аспект оваа алтернатива нуди помали економски приходи за населението и Општината, како и намалени можности за социо-економски и културен развој на Општината.

Разгледувано од аспект на задржување на моменталниот квалитет на медиумите и областите на животната средина, без имплементација на Стратегијата состојбите со животната средина ќе останат на сегашно ниво, без дополнителни извори на емисии во животната средина.

***<u>Алтернатива 1: Состојба со имплементација на Стратегијата за развој на туризмот на Охрид</u>***

Со имплементација на акциите од Стратегијата, се очекуваат следните состојби:

- Позитивни влијанија врз економскиот развој на општината и населението;
- Позитивни влијанија врз социјалниот развој (подобрување на квалитетот на јавните услуги и т.н.);
- Позитивни ефекти во културниот развој на општината и населението;

- Развој на туризмот базиран на одржливо искористување на природното и културното наследство;
- Активирање на нови потенцијали за развој на туризмот и нови туристички производи/понуди;
- Примена на практики за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
- Вмрежување на засегнатите страни во туризмот;
- Унапредување на руралните средини;
- Промоција на природно и културно наследство во Охридскиот Регион во функција на туризмот
- Дополнителни емисии во животната средина и создавање на отпад, како резултат на зголемување на бројот на туристи и т.н.

***Заклучок:*** Разгледуваната алтернатива да се подготви и соодветно имплементира Стратегијата, е прифатлива алтернатива.

# 9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, кои може да бидат предизвикани со имплементација на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, ќе потекнуваат од имплементацијата на активностите содржани во акциониот план, со кои треба да се постигнат целите за развој на туризмот.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и состојби на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

Евидентно е дека имплементацијата на активностите ќе допринесат за развој на туризмот на Општина Охрид. Треба да се истакне дека голем број од активностите имаат индикативен карактер и даваат насоки за подготовка на стратегии, планови, програми и проекти.

За дел од планираните активности, дополнително ќе се води постапка за оцена на влијанијата врз животната средина во извештаите за стратегиска оцена на ниво на конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно.

Негативните влијанија врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно подобрени, доколку при имплементација на Стратегијата и предложените активности, од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните извештаи за СОЖС на ниво на пониска планска документација или на ниво на проекти, низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

Влијанијата врз медиуми од животната средина и социо-економските аспекти кои ќе произлезат со имплементација на активностите за исполнување на целите за развој на туризмот и мерките за намалување на влијанијата се прикажани во следните табели.

## 9.1 *Влијанија, предизвикани со имплементација на мерките и активностите за развој на туризмот, дефинирани во целите на Стратегијата и мерки за намалување*

| **Стратешка цел 1** | **„Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење“** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | | | | | | | | |
| **Население** | **Здравје на население** | **Биолошка разновидност** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| **+** | **+** | **-/+** | **-/+** | **-/+** | **-/+** | **+/-** | **+** | **/** |
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | За постигнување на оваа цел во Стратегијата предвидени се оперативни мерки за: трансформација на крајбрежјето, подобрување на сообраќајната пристапност и комуникативност, подобрено управување со капацитетот на просторот, унапредување на руралните просторни целини, поддршка на инвестициите во туризмот.<br>За реализација на оперативните мерки, предвидени се следните активности: физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО; воведување на стандарди за користење и концесионирање на плажите; воспоставување на зелен појас во крајбрежјето; трасирање на велосипедски и пешачки патеки; донесување на УПД за утврдување на локации за марина и приврзување на пловила; изградба на марина и места за приврзување на пловила; донесување програма за подобрена општа безбедност (пожари, природни непогоди), безбедност во врска со девијантни појави, здравствена безбедност, здрава храна, хигиена и спасителски активности; донесување на програма за контрола на водни спортови; донесување на УПД за уредување на Студенчишко блато и каналот; уредување на Студенчишко блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато – 2020); студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби; воспоставување на систем на пловила на одржлив погон; донесување на програма за спроведување на планот за управување со природно и културно наследство на Охридски регион; регистар на даватели на услуги, план и програма за користење на фондовите за поддршка на руралниот развој во функција на туризмот; програма за подобрување на инвестициска клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот, стимулирање на зголемувањето на сточниот фонд и т.н.<br>Предвидените оперативни мерки и активности за исполнување на стратешката цел, ќе предизвикаат позитивни влијанија кај локалното населениеto, односно ќе допринесе за поддршка и развој на руралните средини, развој на мали и средни претпријатија, ангажирање на локална работна сила и сл.<br>Влијанијата врз здравјето на населението се оценуваат како позитивни, заради подобрување на социо-економската состојба и н.т.<br>Со предвидените активности се очекуваат позитивни влијанија врз природното и културното наследство заради фактот што дел од предвидените активности вклучуваат препораки за зачувување и користење согласно насоките на УНЕСКО. Негативни влијанија врз биолошката разновидност и природното наследство се можни во случај на несоодветно изработување на УПД за Студенчишко Блато и каналот, доколку намената на земјиштето и идното користење на просторот не е во насока на заштитата | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| | на биолошката разновидност на подрачјето. Доколку се изврши уредување на Студенчишко Блато, спротивно на препораките на ГУП за Охрид, Студијата за валоризација на биолошката разновидност на Студенчишко Блато, Решение за привремена заштита на Студенчишко Блато ("Службен весник на Република Македонија" бр. 164/21), идниот План за управување со Студенчишкото Блато и Планот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот Регион се очекуваат директни негативни влијанија врз биолошката разновидност како резултат на директно уништување на живеалиштата и видовите кои се од национален интерес за заштита. Исто така, влијанија од несоодветната урбанизација на Студенчишко Блато ќе предизвика индиректно негативно влијание врз биолошката разновидност која живее/гнезди/размножува во ова подрачје, а исто така се очекува да предизвика и негативни влијанија врз квалитетот на водата во Охридското Езеро.<br>Предвидената активност за изградбата марина и место за приврзување на пловила, се очекува да има директни и индиректни негативни влијанија врз биолошката разновидност (природното наследство) и квалитетот на водата во Охридското Езеро (во периодот на изградба), но расчистување на Студенчишкиот канал од стари пловни објекти и негово идно ревитализирање, како и идентификување нова локација за идната марина на Охридското Езеро, која ќе биде управувана во согласност со Планот за управување со заштитено подрачје, ќе има позитивно влијание и врз Студенчишкото Блато, како и врз Езерото.<br>Унапредување на фармерското производство, претставува активност од која може да се очекуваат влијанија врз медиумите на животната средина, особено заради генерирањето на отпад и отпадни води, кои доколку неправилно се управуваат може да го нарушат квалитетот на почвата, водата, воздухот и да имаат негативно влијание врз природното наследство.<br>Во Стратегијата се предвидени активности кои ќе придонесат за спречување или намалување на влијанија врз квалитетот на водата, почвата, воздухот, климатски промени заради: контрола на водни спортови, студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (вода и копно), воспоставување на систем на пловила на одржлив погон и тн. |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | • При донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид и препораките од Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) согласно дефинираните зони за заштита, кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност;<br>• Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност;<br>• За утврдување на локациите за марина и места за приврзување на пловила да се изработи соодветна Физибилити студија за избор на најсоодветна локација која ќе има најмали негативни влијанија врз биолошката разновидност. УПД да се изработи за избраната локација за изградба на марина и место за приврзување на пловила, која ќе биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион;<br>• Изградба на марина да се врши врз основа на изработен проект и одобрена Студија за оцена на влијанијата врз животната средина, одобрена од МЖСПП, во која ќе бидат предвидени мерки за спречување и намалување на негативните влијанијата врз животната средина;<br>• Физибилити студијата за опременоста и уреденоста на новите и постојни плажи да се изработи во согласност со барањата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро;<br>• Развојот на руралните средини во функција на туризмот да се врши со преземање на мерки за спречување на негативни влијанија врз води, почва, природно и културно наследство; |

<table>
<tr><td></td><td colspan="8">• Унапредување на фармерското производство на начин кој ќе обезбеди заштита на животната средина, природното и културното наследство;<br>• Унапредувањето на туристичката инфраструктура да се врши согласно законските регулативи на закон за просторно и урбанистичкото планирање, Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро и т.н.<br>• Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки.</td></tr>
<tr><td>Стратешка цел 2</td><td colspan="8">„Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот“</td></tr>
<tr><td colspan="9">Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти</td></tr>
<tr><td>Население</td><td>Здравје на население</td><td>Биолошка разновидност</td><td>Вода</td><td>Почва</td><td>Воздух</td><td>Климатски промени</td><td>Материјални добра</td><td>Културно наследство</td></tr>
<tr><td>+</td><td>+</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти</td><td colspan="8">За постигнување на оваа цел во Стратегијата предвидени се мерки за: подигнување на нивото на едукација во областа на туризмот; вмрежување на засегнати страни во туризмот; воспоставување на современ систем на квалитет во туризмот и неговото унапредување, мониторинг на ефектите од туризмот и дистрибуција на приходите.<br>Имплементацијата на предвидените активности предвидува организирање и спроведување на обуки и програми за даватели на услуги, туристички водичи, традиционални занаети, готвачи, послужувачи, креирање на туристички производи, човечки ресурси и сл. Воспоставување на мрежа и вмрежување на засегнати страни во туризмот. Воведување на стандарди за туристичка инфраструктура, систем за квалитет на животната средина и уредување и опремување на системи за квалитет во туризмот. Донесување на план за рамномерен развој и воспоставување на заштитен знак за квалитет.<br>Предвидените акции за исполнување на стратешката цел ќе предизвикаат позитивни влијанија кај населението и здравјето на населението, односно ќе допринесе за обука на населението, со цел работно ангажирање и можност за заработка на соодветно обучен кадар, вмрежување на сите вклучени/засегнати страни во туризмот што ќе придонесе за нивно развивање и зголемување на обемот на работа, приходи и т.н.<br>Активностите се во насока на подобрување на квалитетот на услугите за унапредување на туризмот од засегнатите страни, населението и давателите на услуги итн. Истите нема да предизвикаат негативни влијанија врз квалитетот на биолошката разновидност, вода, почва, воздух, климатски промени, материјални добра и културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="8">• Не се предвидуваат мерки за намалување.</td></tr>
<tr><td>Стратешка цел 3</td><td colspan="8">„Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства“</td></tr>
</table>

| Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население** | **Здравје на население** | **Биолошка разновидност** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| + | + | / | / | / | / | / | / | / |
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | За исполнување на оваа стратешка цел, предвидени се мерки за унапредување на квалитет на туристичките производи; подобрени услови за посета и престој на туристите; унапредување на селективноста на развојните видови туризам; подобрување на конкурентноста на туристичкиот пазар; подобрување на промотивните активности во туризмот; унапредување на маркетинг во туризмот.<br>Имплементацијата на мерките ги предвидува следните активности: креирање на дестинациски портал, лого за квалитет на туристички производи, мобилна апликација за разгледување на туристички локалитети во општината; изработка на студија за лого на квалитет туристички производи во општината; донесување на план за унапредување на хигиената на општината во услови на зголемен број на туристички посетители; студија за селективни видови туризмот во општина Охрид; формирање на центар за занаети и афирмирање на нематеријалното наследство; физибилити студија за развој на подводен туризам; студија за селективни видови туризам во Охрид; промоција на туризмот Охрид и т.н.<br>Имплементацијата на акциите ќе овозможи креирање на туристички производи, кои се во насока на развој на туризмот кој индиректно ќе има позитивно влијанија врз населението, како резултат на вработување на локалното население и подобрување на социјалниот статус на населението, обезбедување на дополнителни приходи и сл.<br>Поголем дел од предвидените активности кои се во насока на унапредување на маркетингот, подобрување на услови за посета и престој и сл. нема да имаат влијанија врз животната средина и природното и културното наследство.<br>Сепак, за реализација на оваа стратешка цел е предвидено да се изработат: студии, стратегии, планови и сл., односно документи кои во оваа фаза не можат да се оценат влијанија влијанија врз медиумите и областите на животната средина и природното и културното наследство.<br>Оценувањето на влијанието врз животната средина од донесувањето/усвојувањето на истите треба да се утврди на ниво на изработена документација, во согласност со Законот за животната средина. | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | • Оценувањето на влијанијата врз животната средина за Физибилити студија за развој на подводен туризам и Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности да се утврдат на ниво на изработени документи, во согласност со законските барања на Законот за животната средина;<br>• Изработката на Физибилити студија за развој на подводен туризам, Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности и другите стратегии, планови и сл. да биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион; Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) и идниот план за управување со заштитеното подрачје, Планот за управување со сливот на Охридското Езеро и т.н;<br>• Планот за унапредување на хигиената на општината во услови на зголемен број на туристички посетители да се изработи/донесе во согласност со програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец“, Охрид (управување со отпадот, | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| | одржување на парково зеленило, чистота и подигање на непрописно паркирани возила) и Регионалниот план за управување со отпад од југозападен и пелагониски плански регион. |

# 10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ, Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на акциите за развој на туризмот предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социо-економските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Стратегијата се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Стратегијата се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Стратегијата и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемува заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Стратегијата, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Имплементацијата на Стратегијата, примената на предложените мерки за ублажување на влијанија и нивната функционалност, оправданоста на целите на Стратегијата и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

**Табела 16** План за мониторинг

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| **Унапредување на животните услови на населението** | - Следење на спроведувањето на активностите за подигнување на јавната свест на населението за значењето на природните и културните вредности и можноста за нивно вклучување во туристичката понуда со цел поттикнување на туризмот;<br>- Следење на промоцијата на светското културно и природно наследство;<br>- Следење на вмрежувањето и регистрирањето на засегнатите страни (даватели на услуги);<br>- Следење на одржливото користење на природното и културното наследство;<br>- Следење на вклученоста на локалното население во процесот на креирање на политики, давање на услуги и производи;<br>- Следење на програмата за подобрување на инвестициска клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот;<br>- Следење на рамномерноста на распределбата на приходите од туризмот;<br>- Следење на планот за надминување на проблемите во услови на изразита сезоналност;<br>- Следење на имплементацијата на Студија за воспоствување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода) во пандемиски услови и други вонредни состојби; | - Зголемена јавна свест и позитивни ставови на населението за природните и културните вредности во насока на поттикнување на туризмот;<br>- Зголемена промоција на светското културно и природно наследство;<br>- Вклученост и вмрежување на засегнатите страни (даватели на услуги);<br>- Подобрена заштита на природното и културното наследство;<br>- Локалното население е вклучено во процесот на креирање на политики, давање на услуги и производи, низ спроведени јавни расправи, анкети и трибини;<br>- % на реализација на програмата за подобрување на инвестициска клима за европска поддршка на мали и средни претпријатија во туризмот и обврските кои произлегуваат од нејзина имплементација;<br>- Тренд на распределба на приходите од туризмот;<br>- Степен на реализација на планот за надминување на проблемите во услови на изразита сезоналност;<br>- Степен на реализација на Студија за воспоствување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода) во пандемиски услови и други вонредни состојби; | - Влада на Република Македонија;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за финансии,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за култура;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- Комисија за УНЕСКО;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид;<br>- Комунални претпријатија;<br>- Дирекција за храна и ветеринарство;<br>- Здруженија на граѓани, организации, научни институции;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и сл.<br>- Невладини сектор. |

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| | - Следење на промоција на локални производи;<br>- Следење на унапредување на ценовната политика;<br>- Следење на унапредувањето на руралните средини;<br>- Следење на програма за поддршка на локалната заедница во услови на пандемија и т.н. | - Тренд на промоцијата на локални производи;<br>- Тренд на ценовната политика;<br>- % на уредени простори и инфраструктура во руралните средини;<br>- % на реализација на програма за поддршка на локалната заедница во услови на пандемија и т.н. | |
| **Заштита и унапредување на компонентите на природата (биолошка разновидност, предел и т.н.)** | - Следење на програма за спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во функција на туризмот;<br>- Следење на примената на препораките на УНЕСКО;<br>- Следење на Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Следење на едукација и подигање на јавната свест на населението;<br>- Следење на донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот;<br>- Следење на уредувањето на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато - 2020)<br>- Следење на донесување на УПД за утврдување на локации за марина и места за поврзување на пловила; | - Степен на реализација на програма за спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во функција на туризмот;<br>- Трендови на одржлив развој на туризам;<br>- % на применети препораки на УНЕСКО;<br>- Степен на реализација и имплементација на Студија за Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Број на спроведени едукации и тренд на јавната свест на населението;<br>- Донесена е УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот;<br>- Изработена е физибилити студија и најдена е најсоодветна локација за марина на Охридско Езеро;<br>- Степен на имплементација на Студијата за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона; | - Влада на Република Македонија;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за финансии,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за култура;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- Комисија за УНЕСКО;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид<br>- НП Галичица;<br>- ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид;<br>- Капетанија на пристаништата Охрид;<br>- Комунални претпријатија;<br>- Дирекција за храна и ветеринарство;<br>- Единици на локална самоуправа;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и др; |

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| | - Следење на имплементацијата на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Следење на имплементацијата на Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство;<br>- Следење на процесот на воспоставување на систем на пловила на одржлив погон;<br>- Следење на усогласувањето на други секторски стратегии и развојни документи со Стратегијата за развој на туризмот. | - % на резализација на активностите дефинирани во Програмата за спроведување на планот за управување со со природно и културно наследство во Охридски Регион и Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство;<br>- Воспоставен е систем на пловила на одржлив погон;<br>- Тренд на усогласувањето на други секторски стратегии и развојни документи со Стратегијата за развој на туризмот. | - Невладини организации. |
| **Заштита и подобрување на квалитетот на водата** | - Следење на воспоставување на систем на пловила на одржлив погон;<br>- Следење на програмата за контрола на водни спортови;<br>- Следење на уредување на плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Следење на донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот.<br>- Следење на уредувањето на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација за Студенчишко Блато 2020 год.); | - Воспоставен е систем на пловила на одржлив погон;<br>- Изработена е програма за контрола на водни спортови и препораките/мерките кои произлегуваат од истата се имплементирани;<br>- Трендови на уредување на плажите според препораки на УНЕСКО;<br>- Донесена е УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот;<br>- Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот е според предложените зони за заштита (Студија за валоризација за Студенчишко Блато 2020 год.); | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за финансии,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за култура;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- Комисија за УНЕСКО;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид |

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| | - Следење на Донесување на УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила;<br>- Следење на имплементацијата на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- Следење на имплементацијата на Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам и т.н. | - Донесена и имплементирана е УПД за утврдување на локации за марина и места за приврзување на пловила;<br>- % на имплементацијата на студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и на вода) во пандемски услови и други вонредни ситуации;<br>- % на имплементацијата на студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство во функција на туризам и т.н. | - НП Галичица;<br>- ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид;<br>- Капетанија на пристаништата Охрид;<br>- Комунални претпријатија;<br>- Дирекција за храна и ветеринарство;<br>- Единици на локална самоуправа;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и др.<br>- Невладини сектор. |
| **Заштита и подобрување на квалитетот на почвата** | - Следење на имплементацијата физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Следење на уредување на Студенчишко Блато и каналот според предложените зони за заштита (Студија за валоризација на Студенчишко Блато - 2020);<br>- Следење на имплементацијата на Студија за можностите за користење на отворени простори, локалитети и објекти во согласност со стандардите и препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и тн. | - Степен на реализација и имплементација на Студија за Физибилити студија за уредување и опремување на постојните и нови плажи според препораките на УНЕСКО;<br>- Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот е според предложените зони за заштита (Студија за валоризација за Студенчишко Блато 2020 год.);<br>- Степен на имплементација на Студија за можностите за користење на отворени простори, локалитети и објекти во согласност со стандардите и препораките на Планот за управување | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за финансии,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид;<br>- НП Галичица;<br>- ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид;<br>- Капетанија на пристаништата Охрид;<br>- Комунални претпријатија;<br>- Дирекција за храна и ветеринарство;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, |

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| | | со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и тн. | установи, институции, организации, приватен сектор и др.<br>- Невладини сектор. |
| **Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на стакленичките гасови** | - Следење на квалитетот на воздухот;<br>- Следење на ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздухот,<br>- Следење на намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемено искористување на обновливи извори на енергија;<br>- Следење на трасирање и приспособување на пешачки и велосипедски патеки;<br>- Следење на подготовката на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Следење на воспоставување на систем на пловила на одржлив погон<br>- План за управување со паркинг простори. | - Трендови на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;<br>- Трендови на намалени емисии во воздух;<br>- Трендови на подобрување на емисии на стакленички гасови;<br>- Број на трасирани и изградени велосипедски патеки;<br>- Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби е подготовена и имплементирана;<br>- Тренд на воспоставување на систем на пловила на одржлив погон;<br>- Степен на имплементација на План за управување со паркинг простори и т.н | - Влада на Република Македонија;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за здравство;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и сл.<br>- Невладини сектор. |
| **Заштита на материјалните добра** | - Следење на урбанизацијата и искористувањето на природните ресурси;<br>- Програма на стандарди за квалитет на сообраќајната инфраструктура во функција на туризмот;<br>- Следење на подготовка на Студија за воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона (по копно | - Тренд на подобрено одржливо искористување на природните ресурси;<br>- Тренд на контролирана урбанизација;<br>- % на имплементирани мерки за подобрување на состојбата на материјалните добра;<br>- Трендови на оптеретување на инфраструктурните мрежи. | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за финансии,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за култура<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид; |

| Цели на СОЖС | Мониторинг | СОЖС индикатори | Извори на верификација |
|---|---|---|---|
| | и вода), во пандемски услови и други вонредни состојби;<br>- Следење на поставувањето на сигнализација на пристапноста до туристички локалитети. | | - Комунални претпријатија;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и сл.<br>- Невладини сектор. |
| **Заштита на културните добра** | - Следење на зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети;<br>- Следење на имплементацијата на програма за спроведување на Планот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион во функција на туризмот;<br>- Следење на имплементацијата на Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство;<br>- Следење на применетите мерки за заштита на културното наследство. | - % на зачуваност на културното наследство;<br>- Програма за спроведување на Планот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион во функција на туризмот е подготовена и имплементирана;<br>- Изработена е Студија за примена на добри меѓународни практики за управување со светското природно и културно наследство. | - Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство;<br>- Музеи и конзерваторски институции;<br>- Национален комитет за програмата на УНЕСКО „Човек и биосфера";<br>- Комисија за УНЕСКО;<br>- Југозападен плански регион;<br>- Општина Охрид;<br>- Национални комитети, совети, здруженија на граѓани, институти, установи, институции, организации, приватен сектор и сл.<br>- Невладини сектор. |

# 11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

- Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во Р. С. Македонија, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи.
- Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид, во општи црти ја разработува визијата, стратешки определби и целите за развој на туризмот и претставува една интегрирана рамка заснована на серија стратешки компоненти и пристапи, кои треба да се имплементираат во идните 5 години (2020-2025), во согласност со предложениот акционен план.
- Имплементацијата на предложените акции, во идниот петгодишен период, треба да придонесе за подобрување на содржината на престој на посетителите и постојано да го унапредува квалитетот на услугите во насока на овозможување на потполно задоволство на туристите, како и вклучување на недоволно развиените средини во развојните процеси.
- Реализацијата на стратегиските определби ќе биде фактор на поттикнување на економските процеси, социјалната и интеркултурната соработка и разбирање, а самата општина ќе ја афирмира со иновативни солуции.
- Стратегијата дефинира 3 специфични цели за развој на туризмот на општина Охрид, врз основа на кои е подготвен акциски план.
- Акцискиот план содржи бројни акции кои треба да се преземат, со цел исполнување и постигнување на визијата и цели на Стратегијата. Акциите се однесуваат на трансформација на крајбрежје, подобрување на сообраќајна пристапност и комуникативност; подобрено управување со капацитетите на просторот; унапредување на рурални просторни целини; поддршка на инвестициите во туризмот; подигнување на нивото на едукација во областа на туризмот; вмрежување на засегнати страни; воспоставување на систем на квалитет; мониторинг на ефектите и дистрибуција на приходите;унапредување на квалитетот на туристичките производи; унапредување на селективноста на развојните видови туризам; подобрување на конкурентноста на туристичкиот пазар; подобрување на промотивните активности во туризмот и унапредување на маркетингот во туризмот.
- Во Акцискиот план направена е процена на висината на потребните финансиски средства на секоја од акциите во акциониот план, одговорна институција за спроведување, период на имплементација, предлог индикатор(и) за следење на прогресот во нејзиното постигнување.

**Препораки:**

- Подготовка на годишни извештаи за реализација на акциониот план од Стратегијата, како инструмент за следење на нејзината имплементација;
- При имплементацијата на акциите од Стратегијата за развој на туризмот на Охрид да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;

- Подетална анализа на влијанијата врз животната средина од реализацијата на плански содржини да се направи на ниво на проект (со изработка на Елаборат за заштита на животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина и/или ИСКЗ дозвола);
- Почитување на мерките, предвидени за намалување на можните влијанија од предвидените акции:

- При донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид и препораките од Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) согласно дефинираните зони за заштита, кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност;
- Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност;
- За утврдување на локациите за марина и места за приврзување на пловила да се изработи соодветна Физибилити студија за избор на најсоодветна локација која ќе има најмали негативни влијанија врз биолошката разновидност и ќе се базира на научни истраги. УПД да се изработи за избраната локација за изградба на марина и место за приврзување на пловила, која ќе биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион;
- Изградба на марина да се врши врз основа на изработен проект и одобрена Студија за оцена на влијанијата врз животната средина, одобрена од МЖСПП, во која ќе бидат предвидени мерки за спречување и намалување на негативните влијанијата врз животната средина;
- Физибилити студијата за опременоста и уреденоста на новите и постојни плажи да се изработи во согласност со барањата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро;
- Развојот на руралните средини во функција на туризмот да се врши со преземање на мерки за спречување на негативни влијанија врз води, почва, природно и културно наследство;
- Унапредување на фармерското производство на начин кој ќе обезбеди заштита на животната средина, природното и културното наследство;
- Унапредувањето на туристичката инфраструктура да се врши согласно законските регулативи на закон за просторно и урбанистичкото планирање, Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро и т.н;
- Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки;
- Оценувањето на влијанијата врз животната средина за Физибилити студија за развој на подводен туризам и Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности да се утврдат на ниво на изработени документи, во согласност со законските барања на Законот за животната средина;
- Изработката на Физибилити студија за развој на подводен туризам, Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности и другите стратегии, планови и сл. да биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион; Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) и идниот план за управување со заштитено подрачје, Планот за управување со сливот на Охридското Езеро и тн;
- Планот за унапредување на хигиената на општината во услови на зголемен број на туристички посетители да се изработи/донесе во согласност со програмата за

работа на ЈП „Охридски Комуналец“, Охрид (управување со отпадот, одржување на парково зеленило, чистота и подигање на непрописно паркирани возила) и Регионалниот план за управување со отпад од југозападен и пелагониски плански регион.

# 12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Општина Охрид, како туристичка дестинација, зазема посебно место во националните стратегии, што значи дека е тесна поврзаноста на стратегискиот развој на општината со реализацијата на активностите утврдени во документите од овој вид, на национално ниво.

Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во Р. С. Македонија, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи.

Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид е со важност од 5 години (2020-2025) и содржи акционен план за развој на туризмот во предвидениот период.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина, бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Овој документ е Извештај за Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за предложената Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид(2020-2025).

Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми.

Во согласност со барањата дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, фазите на СОЖС за определување на потребата и обемот, изразени преку подготовка на Формуларите и Одлуката за спроведување на постапката за СОЖС и обемот на Извештајот за СОЖС, се изготвени во консултација со засегнатите органи.

Во согласност со дефинираната процедура за СОЖС во горенаведените законски акти, нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде објавен за увид на јавноста на веб страната на општина Охрид и ќе се одржи јавна расправа по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина, за што ќе се изготви и записник.

Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид претставува документ кој овозможува да се задржи континуитетот на водечка туристичка дестинација во РСМ, во која одржливоста има препознатливи карактеристики. Тоа подразбира оптимално користење на веќе вклучените ресурси во туризмот и активирање на нови потенцијали во насока на подобрување на условите за креирање на туристички производи.

Рамковните услови ги сочинуваат различните фактори кои влијаат врз развојот на туризмот на Општина Охрид од инфраструктурна, финансиска, просторна, демографска и правна гледна точка. Во таа смисла во Стратегијата анализирани се: патната мрежа и инфраструктура; аеродромот; инволвираните чинители во туризмот; расположливите финансиски средства и буџет; сместувачките капацитети, таксите, даноците и

давачките; субвенциите; развојните зони; демографската и образовната структура на населението; SWOT анализата.

Врз основа на детални анализи, како дел од Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид подготвена е SWOT анализа, во која се презентирани предности и слабости, можностите и закани во областа на туризмот.

Во рамките на оваа Стратегија се разгледуваат бенефитите, кои произлегуваат од развојот на туризмот на територијата на Општина Охрид, како туристички простор. Поконкретно, анализирани се: економските, социјалните, културните, политичките бенефити, како и бенефитите кои се однесуваат на животната средина.

Во Стратегијата се дефинирани стратешките цели за развој на туризмот на општина Охрид за плански период од 2020-2025, врз основа на кои е подготвен акциски план. Акцискиот план содржи бројни акции кои треба да се преземат, со цел исполнување и постигнување на визијата и основната и клучните стратешки цели на Стратегијата.

Во Акцискиот план направена е процена на висината на потребните финансиски средства (буџет) на секоја од акциите во акциониот план, дефинирани се: учесници, временска рамка, предлог индикатор(и) за успех.

Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид е важен документ, во кој се утврдуваат приоритетните мерки и активности за заштита и интегрално управување со природното и културното наследство.

***<u>Мисија</u>***

Општината Охрид на туризмот го прифаќа како приоритетна дејност која е во функција на поттикнување на вкупниот општествен и економски развој.

***<u>Визија</u>***

Туризмот на Општина Охрид во планскиот период треба да обезбеди одржлив развој изразен преку заштита и унапредување на природното и културното наследство, а со селективноста и алтернативноста да овозможи социо-економски придобивки и да биде препознатлив на највисоко ниво во национални и меѓународни рамки.

***<u>Основна цел на туризмот на Општина Охрид</u>***

Основната цел на туризмот на Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции.

***<u>Клучни стратешки цели на туризмот на Општина Охрид</u>***

Клучните стратешки цели произлегуваат од зацртаната мисија на Општина Охрид во областа на туризмот, согледаната визија и дефинираните основни цели. Имајќи во предвид дека одржливиот развој се темели на претпоставките на развиена туристичка дестинација во која содржинските елементи овозможуваат иновативност и креативност во создавањето на туристички производи кои се основа за прифатливост на туристичкиот пазар како и тежнеењето кон дисперзија на туристичката клиентела во услови на масовна посетеност дефинирани се следниве клучни стратешки цели:

1) Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење.
2) Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен,

комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот.

3) Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства.

За потребите на овој документ, анализирани се бројни национални стратегии, планови и програми, односно нивните цели во корелација со целите на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид (за плански период од 2020 до 2025) и акциите кои ќе придонесат за имплементација на поставените цели. Исто така, во Извештајот за СОЖС даден е преглед на целите на други релевантни национални плански документи, релевантните ЕУ Директивите и обврските кои произлегуваат за Република Македонија од некои меѓународни договори, во корелација со целите и акциите кои ги предвидува Националната стратегија за заштита на природата.

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина од аспект на демографска состојба, здравје на население, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, состојба со бучавата, водите (хидрологија, квалитет на водите, управување со водните ресурси), почвата и користење на земјиштето, биолошка разновидност, природно и културно наследство, состојба со материјалните добра (управување со отпад, водоснабдување, управување со отпадни води, снабдување со енергија).

Во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите за рурален развој, како и на другите аспекти кои се предмет на анализа при стратегиска оцена на животната средина како: населението и здравјето на населението, воздухот, климатските промени, води, почви, културно наследство, како и состојба без имплементација на Стратегијата.

Без имплементација на Стратегијата, состојбите со компонентите на туризмот ќе останат на сегашно ниво.

Без имплементација на Стратегијата, нема да се преземат директни акции за подобрување на состојбата со развој на туризмот на општина Охрид, односно ќе продолжат постоечките трендовите, како резултат на:

- Недефинирани цели и приоритети за подобрување на состојбите на туризмот;
- Ќе продолжат трендовите на несоодветно уредување и непланско зафаќање на крајбрежното земјиште;
- Туризмот нема да се развива како резултат на одржлив развој на природното и културното наследство, односно по принципите на УНЕСКО;
- Нема да има зголемување на приходите од туризмот;
- Нема да има подобрување на туристичката инфраструктура;
- Ќе отсуствува воспоставен современ систем на квалитет во туризмот;
- Ќе отсуствува систем за вмрежување на засегнати страни;
- Квалитетот на туристичките производи ќе остане сегашно ниво;
- Нема унапредување на руралните просторни целини.

Во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите за рурален развој, како и на другите аспекти кои се предмет на анализа при стратегиска оцена на животната средина како: населението и здравјето на населението, воздухот, климатските промени, води, почви, културно наследство, како и состојба без имплементација на Стратегијата.

Целите на заштита на животната средина се изразени преку целите на стратегиската оцена на животната средина. Целите на Стратегиската оцена на животната средина се

прикажани преку статусот на: население, здравјето на населението, биолошката разновидност, пределот, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра и интеракцијата помеѓу нив.

Цели на СОЖС се: заштита и одржливо унапредување на природното и културното наследство во насока на развој на туризмот, унапредување на животните услови на населението, заштита и унапредување на состојбата со водите, заштита и подобрување на квалитетот на почвата, подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови, заштита на материјалните добра.

Покрај главните цели на СОЖС во Извештајот се прикажани и специфичните цели на СОЖС, поврзаноста на целите на СОЖС со целите и насоките на Стратегијата и индикатори со кои ќе се потврди дека се постигнати целите на СОЖС.

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина.

Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид содржи точно дефинирани основна и клучни цели од кои произлегуваат конкретни мерки, односно акции кои треба да се реализираат во периодот од 2020-2025 година.

Во Стратегијата не се разгледувани алтернативни решенија, туку предложените акции се базираат на утврдените предности, слабости, можности и закани врз компонентите на туризмот и истите се усогласени со стратешки цели за развој на туризмот, дефинирани на целите, потребите и барањата на национално ниво и меѓународно ниво.

Како резултат на погоре наведеното, во ова поглавје се разгледуваат две алтернативи, односно состојби без и со имплементација на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, за плански период од 2020-2025 година.

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, кои може да бидат предизвикани со имплементација на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, ќе потекнуваат од имплементацијата на активностите содржани во акциониот план, со кои треба да се постигнат целите за развој на туризмот.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и состојби на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

Евидентно е дека имплементацијата на активностите ќе допринесат за развој на туризмот на Општина Охрид. Треба да се истакне дека голем број од активностите имаат индикативен карактер и даваат насоки за подготовка на стратегии, планови, програми и проекти.

За дел од планираните активности, дополнително ќе се води постапка за оцена на влијанијата врз животната средина во извештаите за стратегиска оцена на ниво на конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно.

За намалување на влијанијата предвидени се мерки за намалување.

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ, Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид и сите

значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на акциите за развој на туризмот предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социо-економските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се дадени заклучоци и препораки.

# Додаток 1 - Мислења од надлежни институции

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15и 39/16),Општина Охрид, на ден година, 28.01.2021 донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.М.,Кластер за туризам за југозападна Македонија,Факултет за туризам и угостителство, ЈУ Национален парк Галичица, ХОТАМ, и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во, Општина Охрид, плански период (2020 – 2025), кој плански документ го изработува ФТУ Охрид на барање на Општина Охрид, а го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. 20-8677/1

28.01.2021

Место

Охрид

Име и презиме

Градоначалник

Д-р Константин Георгиески

Тоне 4

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Арх.бр УП1-15 685/2**
**Дата**

16.02.2021
2л 86713

**До Општина Охрид**
**Ул. Димитар Влахов бр.57**
**6000 Охрид**
**Република Северна Македонија**

**Предмет: Известување**
**Врска: ваш бр. 21-867/2 од 18.01.2021**

Почитувани,
Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под **бр. 15-685/1 од 01.02.2021 год. поврзано со постапка за носење на документација Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид (2020-2025) - Општина Охрид,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи документот.

Со почит

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**д-р Христна Оџаклиеска**

Изработил: Милева Тагасовска
Проверил: Сашо Апостолов
Одобрил: Неби Реџепи

# 13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид (2020 година);
- Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни правни документи, стратегии, планови, програми;
- Податоци од Државен завод за статистика;
- Други достапни искуства и практики.